Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПОЛИЦИЈА POLICE

www.mvr.gov.mk

*Република Северна Македонија*
*Министерство за внатрешни работи*
*Биро за јавна безбедност*
*Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа*

*Бр.23.4-71058*
*14.04.2026 година*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2025 ГОДИНА

www.mvr.gov.mk

## СОДРЖИНА

1. ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ/ИЗРАЗИТЕ 7
2. РЕЗИМЕ 9
3. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 10
3.1. ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА 11
3.2. ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 15
3.3. ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ 19
3.4. ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ 21
3.5. ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 25
3.6. ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ 27
3.7. ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ 28
3.8. ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА 31
3.9. ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ 33
3.10. ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ 33
3.11. ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ 34
3.12. ЦЕНТАР ЗА ОБУКА 35
4. СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ 36
4.2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА 39
4.3. ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ 40
4.4. КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ 42
4.4.1 КОРУПЦИЈА 42
4.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ 44
4.5. КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 45
4.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ 45
4.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 46
4.6. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ 48
4.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА 48
4.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ 51
4.7. КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ 53
4.8. КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ 55
4.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД НАСИЛЕН КРИМИНАЛ 55
4.8.1.1 УБИСТВА 55
4.8.1.2 ОБИДИ ЗА УБИСТВА 56
4.8.1.3 САМОУБИСТВА 56
4.8.1.4 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ -ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА 56
4.8.1.5 ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ 57
4.8.1.6 НАСИЛСТВО 58
4.8.1.7 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО 59
4.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ 60
4.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ 60
4.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА 62
4.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО 63
4.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ 64

4.8.4 ПОЖАРИ ..... 65
4.9 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ..... 65
4.10 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ..... 67
4.10.1 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ..... 67
4.10.2 ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ ..... 69
4.10.3 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ..... 70
4.11 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ ..... 73
4.11.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА ..... 73
**4.11.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР ..... 74**
4.11.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПРОТИВ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ..... 75
4.11.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ ..... 75
4.11.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ..... 76
**4.11.3.3 ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ ПРОТИВ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ..... 77**
4.11.3.4 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ..... 78
4.11.3.5 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ..... 80
4.12 ЈАВЕН РЕД И МИР ..... 81
4.12.1 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ ..... 81
4.12.2 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР ..... 82
4.12.3 НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА ..... 83
4.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ..... 84
4.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ..... 84
4.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА ДЕЦА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ..... 85
4.13 БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ..... 86
**4.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ..... 86**
**4.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА ..... 87**
**4.13.3 ПРЕВЕНТИВНО РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ ..... 88**
5. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО БИРОТО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ..... 90
5.1. ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ..... 91
**5.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ ..... 92**
5.3. ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА ..... 93
5.4. ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА ..... 95
5.5. ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 97
5.6. ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ ..... 98
5.7. ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ ..... 98
5.8. ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА ..... 99
5.9. СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ ..... 100
5.10. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА ..... 101

| број | Табеларни прикази |
|---|---|
| 1. | Активности на Секторот за безбедност на информации |
| 2. | Активности за следење на имплементација на проекти |
| 3. | Активности на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош |
| 4. | Нови веб апликации, модули и веб-сервиси |
| 5. | Издадени одобренија од Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи |
| 6. | Изречени решенија по спроведени дисциплински постапки |
| 7. | Вкупен број на кривични дела по вид на криминалитет |
| 8. | Вкупен криминалитет по СВР |
| 9. | Број на кривични дела против државата по вид |
| 10. | Сузбиени ОКГ по област на криминал |
| 11. | Откриени случаи, кривични дела од областа на корупцијата, број на сторители и материјална штета |
| 12. | Состојби во областа на корупцијата по организациски единици |
| 13. | Откриени случаи и кривични дела „криумчарење мигранти“, сторители, мигранти и ОКГ |
| 14. | Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2023-2025 година |
| 15. | Кривични дела „трговија со деца“, сторители и жртви |
| 16. | Недозволена трговија со дрога 2025/2024 година |
| 17. | Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога и заплени по организациски единици за 2025/2024 година. |
| 18. | Недозволена трговија со оружје 2025/2024 година |
| 19. | Недозволена трговија со оружје по организациски единици 2025/2024 година |
| 20. | Кривични дела убиства по СВР |
| 21. | Кривични дела тешки кражби за 2025/2024 година |
| 22. | Најчесто нападнати објекти |
| 23. | Кривични дела против културно наследство |
| 24. | Кривични дела и сторители од економски криминал по организациски единици |
| 25. | Состојби во компјутерскиот криминал по организациони единици 2024/2025 година. |
| 26. | Спречени обиди за илегални преминувања во 2025/2024 година |
| 27. | Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители |
| 28. | Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања по ЈРМ |
| 29. | Примени пријави за извршени напади врз ОСЛ |
| 30. | Сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР |
| 31. | Настрадани лица по СВР |
| 32. | Локации со најголем број загинати лица во сообраќајни незгоди |
| 33. | Регистрирани прекршоци од областа на сообраќајот по СВР |
| 34. | Активности на Одделот за форензички испитувања |

| број | Графикони |
|---|---|
| 1. | *Активности на Секторот за односи со јавност* |
| 2. | *Активности на Единицата за стратешко планирање* |
| 3. | *Реализирани договори за донација* |
| 4. | *Активности на Одделот за граѓански работи* |
| 5. | *Активности во делот на сообраќајот* |
| 6. | *Активности на Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи* |
| 7. | *Активности на Одделот по поднесени претставки, поднесоци и службени материјали* |
| 8. | *Активности на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди* |
| 9. | *Активности на Одделот за финансиски прашања* |
| 10. | *Активности на Одделот за прекршоци* |
| 11. | *Вкупен криминалитет во период од 2006 до 2025 година* |
| 12. | *Кривични дела извршени од деца* |
| 13. | *Кривични дела „перење пари“ и сторители* |
| 14. | *Број на странски државјанки по земја на потекло во 2025 година* |
| 15. | *Запленета дрога и психотропни супстанции според вид и количина* |
| 16. | *Кривични дела од областа на криумчарење акцизна стока* |
| 17. | *Регистрирани кривични дела „предизвикување општа опасност“ по организациски единици* |
| 18. | *Регистрирани кривични дела „насилство“ по Сектори за внатрешни работи – 2025/2024 година* |
| 19. | *Регистрирани кривични дела, сторители и жртви на семејно насилство во 2025/2024 година* |
| 20. | *Жртви во кривични дела по категорија во 2025 година* |
| 21. | *Регистрирани тешки кражби за период 2020-2025 година* |
| 22. | *Кривични дела разбојништва за 2025/2024 година* |
| 23. | *Кривични дела против половата слобода и половиот морал* |
| 24. | *Кривични дела од омраза за период 2025/2024 година* |
| 25. | *Кривични дела од омраза по организациони единици за 2025 година* |
| 26. | *Регистрирани кривични дела од омраза според вид* |
| 27. | *Покарактеристични кривични дела од економски криминалитет 2025 година* |
| 28. | *Ефикасност во областа на компјутерскиот криминал за 2025/2024 година* |
| 29. | *Проток на патници по граници 2025/2024 година* |
| 30. | *Најфреквентни гранични премини во 2025 година* |
| 31. | *Најчести причини за недозволен влез на странски државјани* |
| 32. | *Најчести причини за недозволен излез на странски државјани* |
| 33. | *Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани* |
| 34. | *Најзастапени странски државјани против кои се преземени прекршочни мерки* |
| 35. | *Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2025/2024 година* |
| 36. | *Баратели на азил по земја на потекло* |
| 37. | *Активноста на НКЦСОСК и примени барања од институциите 2025/2024 година* |

# 1. ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ/ИЗРАЗИТЕ

- МВР- Министерство за внатрешни работи
- БЈБ-Биро за јавна безбедност
- СВР-Сектор-за внатрешни работи
- ОСОСК-Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал
- АИКР-Азбучен индекс и криминалитет
- ОА- Оперативна акција
- КПУ-Казнено поправна установа
- ПМВ-Патничко моторно возило
- ОКГ-Организирана криминална група
- НКЦГУ-Национален координативен центар за гранично управување
- ГП-Граничен премин
- ЕУ-Европска унија
- СМПС-Сектор за меѓународна полициска соработка
- МЛО-Мало и лесно оружје
- ОЈО-Основно јавно обвинителство
- ИОМ-Меѓународна организација за миграција
- САД-Соединети Американски Држави
- ФБИ-Федерално биро за истраги
- УЈП- Управа за јавни приходи
- СКПВ-Систем за контрола на патници и возила
- ЕПИРЦ-Евиденција на полициски информации собрани за разузнавачки цели
- СОП-Стандардна оперативна процедура
- ЕБР-Единица за брзо распоредување
- ЕИП- Единица за интервентна полиција
- АНБ-Агенција за национална безбедност
- РЦ за ГР- Регионален центар за гранични работи
- ОФИ- Оддел за форензички испитувања
- АД-Акционерско друштво
- РСБСП-Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
- ЗНМ-Здружение на новинарите на Македонија
- НАТО-Северноатлантска договорна организација
- ДБКИ-Дирекција за безбедност на класифицирани информации
- МАРРИ-Регионален центар на регионална иницијатива за бегалци, азил и миграција
- ИЦМПД-Меѓународен центар за развој на политики за миграција
- ОБЦЕ-Организација за безбедност и соработка во Европа
- ЕУ-Европска унија
- ЕК-Европска комисија
- ИПА-Инструмент за претпристапна помош
- МНР-Министерство за надворешни работи и надворешна трговија
- FRONTEX-Европска агенција за гранична и крајбрежна стража
- ЕМПАСТ-Европска мултидисциплинарна платформа против криминални закани

*Почитувани,*



*Министерството за внатрешни работи бележи уште една работна и успешна година, проследена со низа позитивни резултати и ефективни мерки во постапувањето на Полицијата, кои се содржани во Годишниот извештај за 2025 година. Во текот на 2025 година беа преземени бројни активности за јакнење на интегритетот и вкупниот капацитет на Министерството. Во таа насока, креирани се системски и законски реформи за зголемување на функционалноста на институцијата, процесите на дигитална трансформација се интензивирани, а капиталните инвестиции и модернизацијата на услугите се реализираат со забрзано темпо.*

*Во духот на транспарентност, отвореност и одговорност кон јавноста, сакам да истакнам дека вкупниот криминалитет бележи намалување и е на најниско ниво во последните 20 години. Ефикасноста изнесува 67,2%, што претставува највисоко ниво во истиот период. Борбата против организираниот криминал и корупцијата беше еден од нашите клучни приоритети. Во таа насока, расветлени се голем број коруптивни, организирани и сериозни кривични дела. Сузбиени се 16 организирани криминални групи со вкупно 205 членови, кои за своите активности користеле и 19 правни лица. Во областа на корупцијата е утврдена материјална штета во износ од над 23,6 милијарди денари, при што значително е зголемен бројот на сторители против кои се преземени мерки за кривичен прогон. Класичниот криминал, кој традиционално е најзастапен, исто така бележи тренд на намалување, што директно придонесува за зголемена безбедност на граѓаните.*

*Свесни дека ова е само почеток, останиваме цврсто посветени на борбата против корупцијата и на зајакнувањето на владеењето на правото, со цел обезбедување еднаквост на сите граѓани пред законот.*

*На крај, сакам да ја истакнам посветеноста и пожртвуваноста на полициските службеници, кои секојдневно се соочуваат со бројни предизвици. Постигнатите резултати се плод на заедничка работа, одговорност и посветеност.*
*Ги повикувам граѓаните да продолжиме да градиме меѓусебна доверба и соработка со Полицијата, со цел заеднички да се справиме со сите форми на криминал. Полицијата останува Ваш сервис и партнер, кој работи исклучиво во интерес на граѓаните.*

*Нашата држава заслужува безбедност и просперитет.*

***Министер за внатрешни работи***
***Панче Тошковски***

## 2. РЕЗИМЕ

Предметниот извештај содржи статистички и квантитативни податоци за извршените работи во 2025 година, при што во истиот е даден акцент на полициските работи и обезбеден е приказ на ефикасноста и позначајните резултати кои се остварени во Министерството за внатрешни работи.

Годишниот извештај структурално е поделен на три целини:

**Првата целина** содржи извештаи за работата на организациските единици кои се формирани за потребите на Министерството за внатрешни работи, за што прикажани се активности и работни задачи кои се позначајни по обем и квалитет, со акцент на развојните и проектните активности, како и активностите кои се од важност за реализација на стратешките документи и годишните планови и програми.

**Втората целина** содржи аналитички наоди и информации за криминалот, јавниот ред и мир, сообраќајот и граничната безбедност во текот на 2025 година, во чии рамки презентирани се официјални статистички податоци за кривични дела и прекршоци и обезбеден е аналитички приказ на состојбите, трендовите и движењето на криминалитетот по области, вклучувајќи ги и податоците за ефикасноста на полицијата.

**Третата целина** содржи извештаи за работата на организациските единици кои се формирани на стратешко и централно ниво во Бирото за јавна безбедност, во чии рамки се презентирани активности и работни задачи кои се позначајни по обем и квалитет, со акцент на развојните и проектните активности, како и активностите кои се од важност за реализација на стратешките документи и годишните планови и програми.

# РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО



## 3.1. ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА

Одделот за односи со јавност и стратешки прашања континуирано презема активности за навремено информирање на јавноста, почитувајќи ги начелата на транспарентност и отчетност, со истовремено почитување на правичноста и законските ограничувања. Раководителот на Одделот е **национална фокална точка за кампањата за заштита на новинарите при Советот на Европа „Новинарите се важни“**, во чии рамки координирано се остварени средби и преземени се конкретни мерки и активности за подигнување на нивото на безбедност на новинарите и медиумски работници во државата, за што преземени се обврски и плански чекори за формирање на Национален управувачки комитет, како мешано тело кое ќе донесе Акциски план за заштита на новинарите. Покрај ова, Одделот соработува со владини институции, ја развива соработката со невладините организации, ги координира и спроведува процесите за стратешко планирање, го одржува воспоставениот систем за управување со квалитет на ниво на Министерство и врши активности од областа за безбедност на информациите.

Со цел навремено информирање, Секторот за односи со јавност и протокол вообичаено практикува брифинг и секојдневна телефонска комуникација со новинарите, а пласира и соопштенија за медиумите.




**Графички приказ бр.1– Активности на Секторот за односи со јавност**

Годинава со протоколарната поддршка реализирани се 24 посети на организациските единици, 16 интервјуа за медиуми, 30 средби со амбасадори, полициски аташеа, претставници на меѓународни организации или странски делегации, потоа поддржано е учеството на 48 годишни конференции, форуми, експертски групи, панел дискусии и настани, организирани седум јубилејни или промотивни настани, потпишани осум договори и меморандуми за соработка, одржани пет кампањи, девет средби со странски министри, над 15 средби со претставници на министерства, синдикати, ОЈО, невладини организации, факултети, НОБ, Комисии, општини, ТАВ, АНБ, РСБСП, ЗНМ и др. Во пет настани положено е свежо цвеќе, потоа реализирани се 13 настани по разни основи, меѓу кои промоција на 43 специјални транспортни возила за справување со пожари, присуство на синдикални игри, уништување на дрога и оружје, пет приеми по повод национални празници на странски земји, 14 работни посети во странство и над 26 активности во рамки на Министерството.

Единицата за стратешко планирање го координираше процесот на подготвување и следење на стратегиите во рамки на Министерството, при што партиципираше во:

- учество во: работна група за изработка на Национална Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2026-2030 година и нејзините акциски планови
- учество во: Меѓусекторско тело за координација и надгледување на Акцискиот план 2026-2027 за спроведување на Националната Стратегија за млади
- учество на: работилници и работни средби на Работниот комитет на Националната развојна стратегија 2024-2044 година

**Графички приказ бр.2– Активности на Единицата за стратешко планирање**

Единицата го координираше процесот за пополнување и користење на софтверската апликација за следење и евалуација на стратегиите и проектите на МВР и истата учествуваше на работилници и работни средби на Работниот комитет на Националната развојна стратегија 2024-2044 година, седници на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, обука за програмско буџетирање одржана од Министерството за финансии, семинар на тема „Методологија за управување со договори во јавните набавки и безбедносни појави“ и работилница на тема „Стратешко планирање процес и клучни принципи за координација на политиките“.




Во рамки на тековните обврски изработени и објавени се Стратешкиот план на МВР 2025-2027 година и Годишниот план за работа на МВР за 2025 година за кои се преземаат мерки за следење преку изработка на извештаи и информации на квартално, полугодишно и годишно ниво. Исто така, изготвен е Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на МВР за 2024 година, изработен е Нацрт-Стратешки план на МВР 2026-2028 година, доставени се Иницијативи за Годишната програма за работа на Владата, а се следат и проекти од Програмата за работа на Владата 2024-2028 година. Единицата партиципираше во државната делегација за интерактивен дијалог со Комитетот за човекови права и истата учествува во работните групи кои се формирани за изработка на интерните акти.

Единицата за управување со квалитет преземаше активности за одржување и унапредување на воспоставениот систем за управување со квалитет, при што вршеше интерни проверки и даваше административно-техничка поддршка на целокупниот процес. По одржан состанок за преиспитување годинава изготвен е Извештај за преземени активности на организациските единици вклучени во системот за управување со квалитет во 2024 година и одржани се обуки за стандардот МКС EN ISO 9001:2015, а надзорна проверка АУДИТ-фаза 2 беше спроведена во 28 организациски единици, за што од страна на сертификациското тело не се констатирани неусогласености и е даден општ заклучок дека системот функционира и се развива ефективно. Политиката за квалитет е ревидирана во април 2025 година и е доставена до сите корисници.




Секторот за безбедност на информации извршуваше задачи согласно Законот за класифицирани информации, препораките и директиви на НАТО, при што континуирано преземаше активности за координирање, постапување и исполнување на обврските за административна, физичка, персонална и информатичка безбедност, за што координирани се активностите со ДБКИ, остварена е меѓусекторска и меѓународна соработка и координирани се активностите на оперативно-тактичките полициски служби. Во врска со проблематиката со класифицирани информации годинава доставена е телеграма за задолжително постапување до сите организациони единици на МВР, при што дадена е поддршка и одговор на сите прашања и барања кои се поставени од нивна страна.

Покрај ова, Секторот вршеше инструкторско-надзорна, советодавна и контролна функција, преку организирање на работни средби и состаноци, иницираше и посредуваше во постапките за добивање на безбедносни сертификати и ги ажурираше евиденциите и базата за безбедносни сертификати. Секторот зема учество и во вршењето на редовниот и вонредниот инспекциски надзор од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, како и серија работни состаноци во Министерство за Одбрана и Центарот за Управување со кризи по однос на одбранбеното планирање, преземаше активности за планирање и реализацијата на вежбовни и други активности со НАТО и учествуваше на пет работни средби/работилници за „градење отпорност“.

До МНР се доставувани прилози за изработка на Информација за учеството на државата во Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (Поглавје 31), одржана е постојана комуникација со командата на КФОР како и Воената полиција на НАТО/КФОР, Офицерите за врска од Центарот за логистичка поддршка, во чии рамки е постапено по 1.030 барања. Учество е земено и во Работниот Комитет на Советот за координација на активностите поврзани со НАТО, Координативното тело во системот на НАТО за справување со кризни состојби, Работна група за Заедничка надворешна и безбедносна политика, Работна група за изработка на Спогодби за размена и взаемна заштита на класифицираните информации, Работната група за Упатување на персонал во меѓународни мисии и операции, работни средби со претставници на Командата на СИБРИГ, Командата на БТМФ, меѓуинституционални средби на МВР, Министерство за одбрана и Генерал Штаб по однос на Упатување на персонал во мировни мисии, средби со претставници на ДБКИ и завршен годишен брифинг на офицерите за безбедност.

Во рамки на Министерството учествуваше во активностите за обука и контрола, како и постапување во работни групи за изработка на законски и подзаконски прописи. Од страна на Единицата преземани се мерки на индустриска безбедност при користење на услугите и стоките од странски економски оператори и земено е учество во ретренинг-Конференцијата на FBI, како и други обуки, работилници и брифинг состаноци со надворешни и странски служби.

| *Во 2025 година, преку овој сектор изработени се :* |
|---|
| ✓ Процедура за права на субјектот на лични податоци (Глава 3), |
| ✓ Процедура за верификација на точноста на телефонски број и mail, |
| ✓ Проценка на влијание во врска со Системот безбеден град, |
| ✓ Методологија за Проценка на ризик за системи во МВР, |
| ✓ Правилник за технички и организациски мерки за безбедност на обработка на личните податоци во МВР |
| ✓ Правилник за обработка на лични и биометриски податоци во МВР. |
| ✓ Проценки на влијание врз заштитата на личните податоци по однос на Закон за внатрешни работи, Закон за полиција и Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата |
| ✓ Проценка на ризик во врска со системот „Безбеден град“. |

**Табеларен приказ бр.1- Активности на Секторот за безбедност на информации**

## 3.2. ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка ја координираше и унапредуваше билатералната и мултилатералната соработка на Министерството, при што е забележан успех во постапките за иницирање, преговарање и склучување на меѓународни и билатерални договори, меморандуми, протоколи и договори за донација.

Во 2025 година реализирани се осум билатерални средби на Министерот за внатрешни работи со странски министри, реализирани се 10 настани со учество на високо ниво, како што се дипломатскиот брифинг „Пријателите на МАРРИ“, 85от Состанок на Управната група на ИЦМПД и гласање за избор на Генерален Директор, Министерска конференција во рамки на Салцбуршки форум, Форум на МАРРИ, Првото и Второто генерално собрание на Асоцијацијата на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа (СЕПКА), средба на Министерот со Генералниот директор на ИЦМПД, Регионална конференција за основање на Регионална асоцијација на полициски академии/центри за обука на Југоисточна Европа (РАПАЦО ЈИЕ), Состанок на министри за внатрешни работи во рамки на Берлински процес и 19-тата Министерска конференција на Помпиду групата на Советот на Европа. Покрај ова, Северна Македонија беше домаќин на Ретренинг Конференцијата на ФБИ и Регионална конференција за основање на Регионална асоцијација на полициски академии/центри за обука во Југоисточна Европа, на која беше **потпишана Заедничка декларација за основање на Регионална асоцијација на полициски академии/центри за обука на Југоисточна Европа** со што истата и официјално беше основана.

Во 2025 година потпишани и реализирани 18 договори за донација и тоа 12 со Сојузна Република Германија, три со ОБСЕ и по еден со УНХЦР, САД и Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.




**Графички приказ бр.3- Реализирани договори за донација**

Во делот на билатерални договори потпишани се : Меморандум за разбирање меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Центар за обука и Министерството за внатрешни работи на Република Хрватска, Полициска Академија, Прв хрватски полицаец, за зајакнување на соработката во областа на образованието и заедничката обука, Протокол меѓу Влада на Република Северна Македонија и Влада на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои

престојуваат без дозвола, Протокол меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Србија за начинот на вршење гранични проверки на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија), Протокол меѓу Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Биро за јавна безбедност и Министерство за внатрешни работи на Република Србија, Дирекција на полиција за соработка во текот на летна и зимска туристичка сезона, Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на граничните премини за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) и Прешево (Република Србија) и Меморандум за разбирање за спроведување на заедничката активност „Истражување на јавното мислење за демократско полициско работење за 2025 година“.




Секторот за преговори и евроинтеграција активно ја реализираше својата улога во процесот на пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, при што обезбеди континуирана соработка и координација помеѓу надлежните институции релевантни за Поглавје 24, вклучително, Министерство за европски прашања, Министерство за правда, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за здравство и со други релевантни институции и организации.



Во рамки на пристапните преговори одржани се следните состаноци со Европската унија: Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржи на 13-14 март 2025 година во Брисел, Состанок на високи претставници на министерствата за внатрешни работи и за правда од земјите на Западен Балкан со високи претставници на Европската Унија, кој се одржи на 08 април 2025 година во Брисел и Министерски форум за правда и внатрешни работи во рамки на Данското претседателство со Советот на ЕУ, одржан на 30-31 октомври 2025 година, во Сараево, Босна и Херцеговина каде следуваше и **Потпишување на нов Заеднички Акциски план за спречување и борба против тероризам и насилен екстремизам за Западен Балкан (2025-2030),** а два пати годишно, се учествува на редовни состаноци на Комитетот на Страните за спроведување на Конвенцијата за акција за борба против трговија со луѓе на Советот на Европа во Стразбур, Франција.

Во насока на обезбедување на отворен и редовен дијалог со Европската комисија, преку овој сектор изготвени и доставени се Придонес кон Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата (на полугодишно и на годишно ниво) и Извештај за статусот на реализација на активностите во надлежност на МВР од Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027, односно Планот за раст за земјите од Западен Балкан за периодот од 2024-2027, за кој изготвени се и извештаи за статусот на реализација на мерките и активностите од Патоказот за владеење на правото, како и извештаи за

спроведување на визната либерализација, врз основа на што Европската комисија го подготви осмиот извештај за Северна Македонија. Во првата половина од 2025 година **заврши третата Евалуација на конвенцијата** каде Северна Македонија беше оценета како земја која солидно ги спроведува препораките и забелешките од страна на експертското тело ГРЕТА.

Во јули 2026 година беше доставен **прашалник од Советот на Европа** кој е дел од четвртиот евалуационен круг, кој беше координиран и спроведен од овој сектор, по што експерти од Советот на Европа спроведоа теренска посета за утврдување на фактичката состојба. Со потпишувањето на Административниот аранжман за соработка меѓу Европската комисија и Северна Македонија во рамки на Европската мрежа за миграции (ЕММ), кое го иницираше и координираше Секторот за преговори и евроинтеграција, **државата стана член во европската мрежата во улога на набљудувач**. Следствено, Министерството за внатрешни работи во 2025 година продолжи да споделува информации за состојбата со миграцијата и азилот во транспарентна соработка со останатите учесници, европски држави и земји набљудувачи, со цел зајакнување на соработката и заедничкото планирање за справување со предизвиците во наведените области. Во рамки на процесот на усогласување со новитетите на европската регулатива за 2025 година, во координација на секторот формирани се работни групи кои ќе работат на дополнувања и измени на Законот за странци, како и Законот за меѓународна и привремена заштита.

| *Во делот за мониторинг, преземени се активности за следење на имплементацијата на следните проекти:* |
|---|
| ✓ „ЕУ поддршка за владеењето на правото“-ИПА 2020 |
| ✓ „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Северна Македонија“-ИПА 2021; |
| ✓ „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со криминалитетот против културно наследство и еколошки криминалитет“-ИПА 2021 |
| ✓ „Воспоставување на електронски систем за водење на евиденција на институциите за спроведување на законот“-ИПА 2021 |
| ✓ „Воспоставување и надградба на процесот на идентификација и регистрација на мешаните миграции во Северна Македонија заради поврзување со информациските системи на ЕУ“-ИПА 2022 |
| ✓ „Јакнење на системите за управување со нерегуларната миграција и борба против организираниот криминал во Северна Македонија“-ИПА 2024” |
| ✓ „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан-фаза 3“ |
| ✓ „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“ |
| ✓ „Зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје“ |
| ✓ „Партнерство против криминалот и тероризмот (CEPOL WV PaCT)“ |
| ✓ „Зајакнување на заштитата на јавниот простор и критичната инфраструктура“ |
| ✓ „ЕУ поддршка за зајакнување на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан” |
| ✓ „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во Северна Македонија" |
| ✓ „Проект против економски криминал во Северна Македонија“ |
| ✓ „Борба против омраза и нетолеранција во Северна Македонија“ |

**Табеларен приказ бр.2 Активности за следење на имплементација на проекти**

Сектор за ИПА и програми на заедницата, преку надлежноста на Одделението за ИПА во делот на програмирањето имаше активно учество во подгрупата „Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови, при што презема и активности за

Програмирање за ИПА III програмата, за која во техничка имплементација има Изработка на Твининг лајт фише за проектот „Зајакнување на институционалните и административните капацитети на Министерството за внатрешни работи за спроведување воздушни операции“ и Изработка на Твининг фише „Подобрување на перформансите на полицијата, институциите за спроведување на законот и сајбер безбедноста“. Исто така, преку ова Одделение земено е учество на Заедничкиот мониторинг комитет за ИПА 3 програмата и Секторскиот мониторинг комитет за правда и внатрешни работи, извршена е подготовка на потребните документи во рамки на Реформската Агенда и земено е учество во стратешкиот проект „Гранична станица Преспанско Езеро: Воспоставување на граничен премин меѓу Република Грција и Република Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“ (BorPres 2).

| *Активностите на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош беа насочени кон координација на активностите од следните проекти:* |
| --- |
| ✓ „Зајакнување на управувањето на системите за враќање во Западен Балкан” |
| ✓ „Зајакнување на системот за управување со миграции и азил во Република Северна Македонија (МАНОМА)“ |
| ✓ „CyberSEE - Проект за зголемена акција за компјутерски криминал и електронски докази во Југоисточна Европа и Турција“ |
| ✓ “Поддршка на националните власти на Република Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје“ |
| ✓ „Зголемување на капацитетот на полицијата на Северна Македонија за исполнување на најдобрите меѓународни практики и стандардите за човекови права во правдата за деца и практиките за полициското работење во заедницата“ |
| ✓ „Зајакнување на регионалната соработка во делот на управување со миграцијата помеѓу Западен Балкан и соседните земји-членки на ЕУ во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди“ (MIRCO) |
| ✓ „Зајакнување на капацитетите за истрага, прогон и носење пресуда за случаи поврзани со хемиски, биолошки, радиоактивни и нуклеарни (ХБРН) предизвици во регионот на Западен Балкан“ |
| ✓ „Превенција од повторни нерегуларни миграциски движења кон ЕУ: Проценка на ситуацијата и развивање план за подобрување на скринингот на странски работници во Западен Балкан“ |
| ✓ Програмата за реформа на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија |
| ✓ “Инструмент за зајакнување на капацитетите за интегрирано гранично управување“ (WBIBM) |
| ✓ „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ |
| ✓ „Градење хибриден образовен систем во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија“ |
| ✓ „Зајакнување на капацитетите на системот за форензика и истрага на местото на настанот за подобрување на кривично-правната контрола на мало и лесно оружје“ |
| ✓ “Борба против криумчарење мигранти преку воспоставување на Заедничко оперативно партнерство во Европа со трети земји“ со акроним SCOPE |
| ✓ “Справување со технолошки овозможено родово базирано насилство и зајакнување на сајбер-безбедноста за унапредување на инклузивното владеење и човековиот развој”. |
| ✓ “Поддршка за имплементација на Националната стратегија за дроги во Северна Македонија“ |
| ✓ “Интегрирано подобрување на системот за грижа на деца и системот на правда за деца” |
| ✓ Ceasefire (Напредни разновидни технологии за вештачка интелигенција и меѓусебно поврзани целосно оперативни национални фокусни точки за борба против недозволената трговија со огнено оружје) |
| ✓ ГАНДАЛФ “Револуционерна рамка за соработка за/со примена на најновите методи за детекција на компјутерски криминал и повеќересорски истраги за агенциите за спроведување на законот. |

**Табеларен приказ бр.3-Активности на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош**

## 3.3. ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Секторот за информатика и телекомуникации реализираше повеќе активности за развој и имплементирање на проекти кои веќе се имплементирани и ставени во продукциска околина во Министерството, во кои направено е проширување на софтверските решенија, надградувани се софтверите со повеќе нови верзии, правени се соодветни тестирања со цел да се потврди нивната функционалност, инсталирани се нови виртуелни сервери за подобрување на сервисите и функционалностите, а давана е поддршка и помош на крајните корисници на новите верзии на апликациите.

Меѓу позначајните би ги истакнале Проектот „Е-услуги", каде преработена е е-услугата за издавање на електронско уверение за државјанство кое граѓаните може да го добијат преку националниот регистар за е-услуги, со што е направен напредок во процесот на дигитализација, преку кој граѓаните за краток период го добиваат уверението во електронска форма како PDF документ. Преку веб порталот uslugi.gov.mk, граѓаните може да добијат :

- ✓ потврда за моментална сопственост на возила на физичко и правно лице;
- ✓ потоа потврда за моментално живеалиште,
- ✓ потврда за сопственост на возила на физичко лице во одреден временски период и
- ✓ да закажат термин за сликање на лични документи.







Изработен е посебен веб-сервис за потребите на Safe City системот, со кој се обезбедуваат податоци за возилата и за неговиот сопственик врз основа на регистарска табличка, а изработена е и веб апликација од каде се преземаат податоци за прекршоците и ќе се води нивно евидентирање, процесирање, мониторирање и изработка на статистички извештаи.

| За потребите на организациски единици во Министерството, беа изработени нови веб апликации, модули и веб-сервиси : |
|---|
| - веб апликација за прибирање на статистички податоци и генерирање на соодветни прегледи и извештаи, |
| - апликација-Евиденција на полициски информации собрани за разузнавачки цели; |
| - веб апликација за евиденција на нелегални мигранти; |
| - веб апликација за евиденција на барања за државјанство; |
| - изработка на нова веб страна на Министерството за внатрешни работи, која е јавно достапна за граѓаните; |
| - нов модул на електронско доделување на привилегии за работа со апликациите во Министерството; |
| - креирање на веб сервиси за приклучување на Министерството во LERMS проектот кој е централна точка за поврзување на шест институции за овозможување на мониторинг на текот на кривичните пријави. |

**Табеларен приказ бр.4-Нови веб апликации, модули и веб-сервиси**

Направена е преработка на софтверското решение на веб апликацијата за локални, национални и меѓународни потраги за оружје, моторни возила и лица, нивно процесирање и затворање на потрагата, при што новата апликација ќе биде поврзана и со Системите за матична евиденција, Системот за управување со оружје и Системот за моторни возила од каде ќе се преземаат податоци со повикување на веб сервиси.

Покрај тоа, Секторот активно учествуваше и во следните проекти :

- ✓ ISMA-Мастер план на Фронтекс-изработка на софтверско решение за управување со миграцијата, особено идентификација и регистрација на мешани миграциски текови и поврзување со информациските системи на ЕУ;

- ✓ систем за заедничка контрола на патници во рамки на One Stop концептот, при што со еднократно застанување на патници при премин на државните граници се прави двојна проверка и во националниот систем за локални и меѓународни потраги, како и во системот на соседната држава, со што значително се намалува чекањето на граѓаните на граничните премини Блаце, Табановце, Јажинце и Ќафасан до 30%;

- ✓ во Системот за регистрирање и управување со оружје, каде додаден е нов модул во апликацијата за оружје за продажба на муниција од страна на правните лица, согласно новите законски измени, со што на граѓаните им се олеснува процедурата за добивање на муниција која воедно се евидентира и во системот на Министерството;

- ✓ изработка на ново софтверско решение во рамки на Национален едношалтерски систем за царинско работење, со што се овозможува електронско поднесување на барања за дозволи за увоз, извоз и транзит од страна на деловната заедница, како и електронско издавање на дозволите од страна на надлежните институции;

- ✓ воспоставен е систем за аплицирање на лица за добивање на право на престој и услови за барање на работа во Северна Македонија во рамки на „Отворен Балкан“;

- ✓ во рамки на Интегрираниот полициски систем за управување со документи и активности поврзани со инциденти со оружје, направено е проширување на апликацијата со нов модул на евидентирање на настани поврзани со родово-базирано насилство;

- ✓ дигитализација на процесите во државните институции со цел спречување на корупција и олеснување на пристапот на граѓаните до услугите кои ги даваат институциите;

- ✓ интероперабилност-развој и имплементација на веб-сервиси, во кои МВР активно разменува податоци со останатите институции приклучени на оваа платформа.

Во рамки на Одделението за развој на информациони системи преземени и реализирани се активности во интерни проекти и тековни активности за редизајн на информативниот веб портал за вработените во МВР, интегрално пребарување по Лотус евиденции за билтени на дневни настани, поддршка на процесот за полагање на приправничкиот испит преку ЛМС системот и одржување на постојни софтверски решенија и останати активности.

Одделението за поддршка на корисници и експлоатација на податоци одговараше на барањата на службите во делот на тестирање на новите апликации, спроведуваше кориснички обуки и поддршка, определување, одземање и ажурирање на пристап до одредени евиденции и преку операторите на систем салата постапуваше по пријави на дефекти и други интервенции, а преку активностите на надлежен отсек во ова одделение во текот на 2025 година **персонализирани се вкупно 344.914 лични документи**. Преку надлежноста на Одделението за системска и техничка поддршка дадена е поддршка на проектите и развојот и функционирањето на постојните системи.

Секторот за телекомуникации, преземаше активности за одржување на сите технички телекомуникациски системи (оптичка инфраструктура, компјутерска мрежа, радио линкови за пренос и уреди за непрекинато напојување на Министерството за внатрешни работи).

## 3.4. ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ

Одделот за граѓански работи, во текот на 2025 година, успешно ги спроведе активностите и задачите утврдени со Програмата за целите и задачите на сите организациони единици од негова надлежност.

Издадени се 132.590 лични карти во подрачните единици, донесени се 946 решенија за забрана за преминување преку државна граница согласно член 7-а од Законот за лична карта, 6.326 граѓани пријавиле живеалиште, а 3.818 граѓани одјавиле живеалиште, додека 726 граѓани пријавиле привремено престојувалиште. Престој надвор од државата подолго од три месеци пријавиле 10.490 граѓани, издадени се 180.314 патни исправи во подрачните единици, потоа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија издадени се 8.140 патни исправи, примени се вкупно 2.017 известувања од суд за изречени забрани за издавање на патна исправа по кои се донесени 789 решенија за одбивање барање за издавање на патни исправи или за одземање на патни исправи, а издадени се и 19.037 одобренија за патување во странство на деца до навршени 14 години.




**Графички приказ бр.4- Активности на Одделот за граѓански работи**

Определени се вкупно 26.595 нови матични броеви, донесени се 374 решенија со кои се поништува погрешно определен матичен број, донесени се вкупно 2.576 решенија за промена на лично име, односно само име или презиме, од кои 130 се негативни.

Во однос на **државјанствата**, издадени се 52.408 уверенија за државјанство во хартиена форма и 6.468 уверенија во електронска форма, поднесени се 4.061 барање за прием во државјанство за вкупно 4.100 лица, поднесени се 546 барања за отпуст од државјанство за вкупно 724 лица, донесени се позитивни решенија за прием во државјанство за 1.067 лица, донесени позитивни решенија за утврдување на државјанство за 30 лица, донесени позитивни решенија за отпуст од државјанство за 648 лица, донесени негативни решенија за прием во државјанство за 79 лица, а за две лица донесено е негативно решение за отпуст од државјанство.

Во делот на **сообраќајот,** регистрирани се 727.198 возила, од кои на 656.789 возила продолжена е важноста на регистрација, за првпат регистрирани се вкупно 70.409 возила од кои 16.513 нови возила, а 53.896 половно-увезени возила, одјавени се 49.941 возило, извршена е промена на сопственост на 69.354 возила, извршена е промена на регистарски таблици за 66.511 возила и издадени се 296.509 сообраќајни дозволи.




**Графички приказ бр.5- Активности во делот на сообраќајот**

Издадени се 488 извозни регистарски таблици, 605 таблици со ознака А9 за лица со времен престој во Република Северна Македонија, 62 за дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија, 485 за возила на лица со дипломатски статус, 22 за возила на лица со конзуларен статус и 45 регистарски таблици за возила во сопственост на лица кои се вработени во дипломатско-конзуларните претставништва, мисии на странски држави и меѓународни организации во Република Северна Македонија. Исто така, издадени се 243 регистарски таблици за лесни приколки, потоа 298 регистарски таблици за такси возила, 7.649 упати за извршување на А-тест на моторни и приклучни возила, 391 упатница за втиснување на број на шасија и/или број на мотор на возило, а донесени се и 22 решенија за запирање на постапка за регистрација на возило.

Во електронската евиденција ажурирани се 500 марки и типови на возила, издадени се вкупно 93.512 возачки дозволи, од кои 23.786 возачки дозволи на лица кои за првпат положиле возачки испит во Република Северна Македонија, издадени се 599 возачки книшки, од судовите примени се 22.695 решенија со изречена заштитна мерка „забрана за

управување со моторно возило“, 24 решенија со санкција „престанок на важење на возачката дозвола” и 301 со санкција „забрана за стекнување со возачка дозвола”.

Секторот издаде вкупно 309 инструкторски возачки дозволи, потоа седум лиценци за работа на авто-школи, пет решенија за одземање на овластување на авто-школа, едно решение за забрана од 30 дена за авто-школа, а издадена е и една лиценца за Испитен центар и едно решение за забрана од 30 дена.

**Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност**, вршеше надзор над правни лица кои вршат промет со оружје и муниција, експлозивни материи, запаливи течности и гасови, изготвуваше одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи.

| Преку ЕХИМ системот издадени се: | |
|---|---|
| 77 | Одобренија за трансфер на оружје и муниција при увоз; |
| 69 | Одобренија за превоз на оружје и муниција при увоз; |
| 69 | Одобренија за набавка на експлозивни материи при увоз; |
| 132 | Одобренија за превоз на експлозивни материи при увоз; |
| 9 | Одобренија за трансфер на оружје и муниција при извоз; |
| 24 | Одобренија за превоз на оружје и муниција при извоз; |
| 3 | Одобренија за превоз на експлозивни материи при извоз; |
| 3 | Одобренија за трансфер на оружје и муниција при транзит; |
| 6 | Одобренија за превоз на оружје и муниција при транзит; |
| 48 | Одобренија за превоз на експлозивни материи при транзит. |

**Табеларен приказ бр.5- Издадени одобренија од Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи**

Извршен е надзор над 32 правни лица кои вршат дејност промет со оружје и муниција, потоа надзор над седум правни лица кои вршат дејност промет со експлозивни материи, запаливи течности и гасови, надвор на 22 правни лица кои вршат дејност промет и употреба на пиротехнички средства, како и 18 контролни прегледи во правни лица. Исто така, издадени се претходни согласности за локација за складирање на запаливи течности и гасови од Секторот од кои 32 позитивни и осум негативни согласности за локација.

Во делот на набавка на оружје, поднесени се вкупно 10.497 барања за издавање одобренија за набавување на оружје од физички и правни лица. Одобрени се 4.678 барања за набавување на оружје, од кои најголем дел од одобренијата – 2.102 се однесуваат за набавка на полуавтоматско долго огнено оружје (Ц3 категорија), потоа 1.048 одобренија за репетирачко долго огнено оружје (категорија-Ц1), 874 одобренија за оружје од категорија (Ц5) – еднострелно долго огнено оружје со нежлебени цевки, 563 одобренија за набавка на полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје (Б1 категорија) итн.

Во 2025 година донесени се негативни одлуки по однос на 3.785 барања за издавање на одобренија за набавување на оружје. Исто така, новорегистрирани се 3.070 парчиња оружје; поднесени се 2.024 барања за продолжување на дозвола за оружје, од кои позитивно решени се 1.952; донесени 342 решенија за одземање на оружје и дозвола за оружје; 95

решенија за одземање на оружје се во кривична постапка; 107 решенија за одземање на оружје се во прекршочна постапка; 133 решенија за одземање на оружје се во управна постапка, а седум парчиња оружје се одземени поради употреба при семејно насилство.




**Графички приказ бр.6- Активности на Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи**

Издадени се 15 дозволи за приватно обезбедување, од нив седум за техничко, шест за физичко и две за приватно обезбедување, 13 решенија се донесени за одземање на дозвола за приватно обезбедување и две решенија со наложени мерки за отстранување на недостатоци согласно Законот за приватно обезбедување.

**Секторот за азил** ги изврши предвидените активности утврдени во програмата за целите и задачите во 2025 година, продолжи активно да соработува со повеќе институции и организации, вклучително и од невладиниот сектор, со цел професионално постапување во постапките и останатите законски дејствија кои се однесуваат на азилот и бегалското право. Земено е учество на повеќе состаноци со националниот управувачки комитет на програмата на Европската Комисија за повеќе земји, Регионална поддршка за управување со миграциските текови на категории на кои им е потребна заштита во Западен Балкан и Турција, со цел исполнување на активностите во патоказот фаза IPA – III.

## 3.5. ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Од аспект на делокругот на надлежностите на Одделението за нормативно - правни работи во Секторот за правни работи, активностите во однос на креирање на нормативната регулатива на Министерството за внатрешни работи преку закони, подзаконски прописи и други акти од областа на внатрешните и полициските работи, како и останатите активности за кои е задолжено Одделението, во текот на 2025 година донесени се:

- ✓ Законот за внатрешни работи,
- ✓ измени и дополнувања на Закон за прекршоците против јавен ред и мир,
- ✓ Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето,
- ✓ Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција,
- ✓ Закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,
- ✓ Закон за изменување и дополнување на Законот за странци,
- ✓ Закон за изменување на Законот за меѓународна и привремена заштита;
- ✓ Изготвени се измени и дополнувања на Закон за оружјето (во постапка на донесување),
- ✓ Закон за експлозивни материи за цивилна употреба (во постапка на донесување),
- ✓ Предлог на закон за изменување на Законот за гранична контрола (во постапка за донесување) и
- ✓ Предлог на закон за изменување и дополнување за Законот за складирање и заштита од запаливи течности и гасови (во постапка на донесување).

Покрај ова преземени се активности во однос на изготвување на текстови на предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странци, предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето и предлог на Закон за експлозивни материи за цивилна употреба, предвидени во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Во делот на подзаконските прописи, како нови акти донесени се два Правилници :

**Правилник** за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во полицијата, начинот на нивно утврдување и начинот на контрола на здравствената и психофизичката активност на полициските службеници

**Правилник** за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, форма и содржина на образец на лиценцата за испитен центар.

Покрај ова, во 2025 година ревидирани се осум подзаконски прописи кои се во надлежност на Министерството и три други прописи кои произлегуваат од закон што не е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, но истиот се донесува од страна на

министерот за внатрешни работи, а во делот на интерните прописи донесени се 14 акти, од кои 11 се нови, а три се за измена и дополнување.

Одделението за нормативно - правни работи изготви и достави осум информации до Владата на Северна Македонија, а во делот на останатите активности изготвени се правни мислења, земено е учество во работни групи, изработка на телеграми и наредбите, при што даден е придонес и кон изготвување на Стратешкиот план на Министерството, како и изработка на Годишниот план за спроведување на ПВР, кој се објавува на порталот ЕНЕР по донесување на Годишната програма за работа на Владата.

Во рамки на Одделението за логистика и координација на активностите поврзани со Владата на Северна Македонија изготвени се 19 меморандуми, два протоколи и еден анекс за соработка, 53 договори и три анекси кои се од доменот на соработката и донациите и 11 други видови на извештаи и информации кои се од логистички или координативен карактер.

Одделението за управување со човечки ресурси во 2025 година, спроведе целосна постапка за вработување на 222 лица, изготви 23 договори за соработка со станиците за технички преглед, по основ на пензионирање изготви вкупно 375 решенија, изготви 210 решенија за распоредување/унапредување, потоа 63 договори за ангажирање на лица врз основа на Законот за работни односи, а за потребите на Министерството спроведе 70 интерни огласи и тековно изготвуваше друг вид на конкретни решенија и акти кои се поврзани со остварување на правата од работен однос.




Одделението за стручно оспособување и усовршување континуирано изготвуваше акти сврзани со подготовка на измени и дополнувања на Уредбата за организација и работа на Министерството и на измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во МВР, координирање и следење на целокупната постапка која се однесува на системот за управување со ефектот на работниците во Министерството заради спроведување на постапката за оценување на ефектот на работникот за тековната 2025 година, спроведување на постапка за носење на Годишен план за обука на работниците во Министерството за внатрешни работи за 2026 година, со барани обуки од организациските единици во Министерството, кои се однесуваат само на приоритетните обуки во Годишниот план, учество на завршната конференција за завршување на проектот **„Градење на хибриден образовен систем во МВР на РСМ“** и отворање на Мултимедијален центар за обуки во Центарот за обука, организација и реализација на обука за ментори и оценувачи во Центарот за обука.



## 3.6. ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ И СУДСКИ ПОСТАПКИ

Одделот за дисциплински и судски постапки согласно утврдената надлежност тековно презема активности за менаџирање и спроведување на постапките за утврдување на одговорност на вработените поради кршење на работниот ред и дисциплина, како и застапување на Министерството за внатрешни работи пред сите основни и апелациони судови во Северна Македонија во сите работни и имотно - правни спорови, како и иницирање на постапки пред Владата за пренесување на право на користење на движен и недвижен имот.

Во 2025 година во рамки на Секторот за дисциплински постапки евидентирани се 1.134 предмети со предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, за што одржани се 895 расправи за дисциплински постапки и донесени се вкупно 1.123 решенија, од кои 731 решение се со изречена дисциплинска мерка, а со останатите 392 не е утврдена или немало услови за утврдување на одговорност.

| | Бројот на дисциплинските постапки бележи пораст во однос на минатата година, при што според видот на изречените мерки донесени се: |
|---|---|
| ✓ | 52 решенија за откажување на договорот за вработување без постапка; |
| ✓ | 14 решенија за откажување на договорот за вработување во постапка; |
| ✓ | 624 решенија за парична казна; |
| ✓ | 18 решенија за распоредување на работникот на работно место едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел; |
| ✓ | 23 решенија за писмено предупредување; |
| ✓ | 356 решенија за отфрлање на предлогот и ослободување на работникот од одговорност; |
| ✓ | 36 решенија за запирање на постапката; и |
| ✓ | 71 решение за отстранување на работникот од работно место. |

**Табеларен приказ бр.6- Изречени решенија по спроведени дисциплински постапки**

Во рамки Секторот добиени и одговорени се 208 приговори по решенија за изречени мерки, од кои 161 приговор со одлука на надлежната државна комисија која постапува во втор степен се отфрлени како неосновани, 13 се вратени на повторно одлучување, еден е делумно уважен, а за останатите тековно ќе се одлучува.

Во надлежност на Секторот за судски постапки и имотно правна заштита евидентирани се вкупно 3.969 заведени тужбени барања против Министерство за внатрешни работи, од кои најголем дел се со правен основ за надоместоци од работен однос – вкупно 2.384 тужбени барања, како и разлика во плата до минимална плата, за што се поднесени 1.502 тужбени барања. Покрај водењето на судските постапки, во доменот на имотно правната заштита тековно се преземени активности за решавање на предмети и прашања за регулирање на имотно правниот статус на објектите и другиот имотот на Министерството, при што водени се соодветни постапки и изготвени се одлуки и други акти за давање на користење, прекин, отстапување или друго располагање со движниот и недвижниот имот на Министерството.

## 3.7. ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи континуирано и со зголемен интензитет постапуваше при утврдување на појавите со незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на сите вработени во Министерството. Во оваа насока, Одделот во 2025 година презеде мерки за испитување на вкупно 1.484 (1.366)[1] случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување, пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување за 8,6% во однос на минатата година.

Во овој домен примени се 1.248 (969) писмени и 279 (190) усно поднесени претставки од граѓани, 251 (224) анонимни поднесоци, 109 (79) поднесоци од адвокати, 18 (48) претставки од правни лица, 31 (33) претставки од Народен правобранител и пет (четири) писмени реакции од невладини организации кои се доставени преку Хелсиншкиот комитет за човекови права, додека од организациските единици во МВР добиени се 582 (396) службени материјали каде се укажува на неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.




**Графички приказ бр.7- Активности на Одделот по поднесени претставки, поднесоци и службени материјали**

По извршената анализа на претставките констатирано е дека во 391 (519) случаи изнесените наводи се неосновани, 131 (118) случај се основани, 114 (109) се делумно основани, во 306 (221) предмети нема доволно докази за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, а шест (три) претставки се решени на друг начин (нема надлежност за постапување и веќе е постапено по претставката).

[1] Бројките во заградата се однесуваат за 2024 година

За утврдените неправилности, од страна на Одделот против 787 (673) вработени изречена е задолжителна мерка за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, за 158 (128) лице изречена е мерка укажување, а за 20 (40) вработени изречена е мерка за покренување на постапка за надомест на штета - материјална одговорност. За 76 (69) вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место, 86 (46) работници се упатени на психолошко-психијатриски преглед и од 90 (41) вработени е одземено службеното оружје.

Одделот во својство на овластен предлагач учествуваше во 530 (573) расправи од дисциплинска постапка, а во случаите кои имаат обележје на кривично дело, од страна на Одделот поднесени се 69 (37) кривични пријави против 147 (90) вработени и 18 поранешни вработени во МВР, еден адвокат и три физички лица за сторени 74 (42) кривични дела, од кои најбројни се „злоупотреба на службената положба и овластување“-16 и „несовесно работење во службата“-13, осум „попречување на правдата“, четири „загрозување на сигурноста“ и во помал број други дела.




**Графички приказ бр.8- Активности на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

Покрај ова, до ОЈОГОКК и Основните јавни обвинителства изготвени и доставени се вкупно 476 (287) известувања, од кои 177 (81) се за запознавање и постапување, а 299 (206) се изготвени по нивно барање. Одделот постапи и по 57 (56) поднесоци за употребена физичка сила врз граѓани, за што со преземените мерки и испитувања утврдено е дека 14 (16) од нив се неосновани, во 38 (36) случаи поради немање докази не може да се утврдат наводите за употребена физичка сила, еден поднесок е во тек, а четири (четири) претставки се основани за што се поднесени две кривични пријави за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на служба“, едно известување до ОЈОГОКК и за една претставка известен е јавен обвинител од ОЈО ГОКК. Оваа година Одделот излезе на лице место на 47 (68) случени сообраќајни незгоди со учество на возилата од МВР, при што во врска со истото изречени се задолжителни мерки за поведување на 14 (38) постапки за материјална одговорност. Во текот на годината извршена е и контрола на работењето на 89 (87) организациски единици на Министерството, при што констатирани се неправилности кај 81 (60) вработен за што поднесени се 53 (56) предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а за 28 (четири) вработени е изречена мерка писмено укажување.

Еден од стратешките приоритети во работењето на Министерството за внатрешни работи е сузбивање на корупцијата и корутивното постапување кај вработените преку јасно дефинирана политика за бескомпромисна борба против корупцијата, по однос на што изготвена е Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2025 година, како и Акциски план за имплементација во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.




Одделот продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал преку спроведување на заеднички акции со цел поефикасна борба против незаконско и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а продолжи и соработката со Специјалното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК, останатите јавни обвинителства и судовите која се одвиваше на дневна основа, интензивно, со динамично темпо и интеракциски пристап преку примена на единствената законска регулатива, при што се остварена и континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации.

Во рамки на меѓународната и регионална соработка Одделот реализираше студиски посети во Норвешка и Чешка и учествуваше на повеќе меѓународни конференции, регионални форуми, средби и друг вид настани, меѓу кои како позначајни се активностите на интерактивниот дијалог со Комитетот за човекови права, одржан во Женева каде беа дадени позитивни оценки дека земјата постигнала значителен напредок во повеќето области за заштита на човековите права.

Исто така, земено е учество на 10-та Годишна регионална конференција за безбедносна координација на Западен Балкан, 24-тата Годишна конференција и Генералното собрание на Европските партнери против корупција (EPAC) и Европската мрежа на контакт - точки против корупција (EACN), потоа на 6-тиот Регионален состанок на Одделите за внатрешна контрола во полицијата, учество на Светскиот полициски самит во Дубаи, Ретренинг сесија на Европскиот огранок на Академијата на ФБИ (ФБИНАА) и итн., а во рамки на п**роектни активности и други форми на стручно оспособување земено е учество на** Регионална работилница на тема „Транспарентноста на службите за внатрешна контрола во градење на полицискиот интегритет", работилница за подготовка на рамката за оцена на системот за претставки во Министерството, како и други работилници. Покрај ова, во насока на остварување на превентивна улога, континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените, Одделот во организациските единици за управни работи, сообраќајната полиција, гранична полиција и за спроведување на јавни набавки одржа 11 обуки на кои учество земаа 217 вработени на теми поврзани со борба против криминалот и корупцијата, справување со злоупотреба на службената положба и овластувања и законска примена на полициски овластувања.

## 3.8. ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Одделот за финансиски прашања го спроведуваше финансирањето на Министерството за внатрешни работи, преку реализација на обезбедените финансиски средства во Буџетот на МВР, согласно постојните законски одредби, потоа со сопствени приходи остварени од продажба на пасоши, плативи обрасци, регистарски таблици, фактурирани услуги (асистенции и слично), од реализирани приходи од самофинансирачките активности (објекти за исхрана и одмор и рекреација) и од донации.

Во Одделението за буџетска координација, беа изготвени и доставени до Министерството за финансии годишни и месечни планови на Буџетот за 2025 година, кои претставуваат рамка за реализирање на одобрените средства од Буџетот и контролен механизам за наменско трошење. На веб страната на Министерството за внатрешни работи беа објавени Буџетот на МВР за 2025 година, како и полугодишниот и годишниот извештај за реализација на Буџетот по сите сметки на министерството.

Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси донесено е Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет за 2025 година. Исто така, беа изготвени четири решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, потоа еден Регистер за овластување на Министерството во кој се евидентирани сите лица кои имаат добиено Решенија за генерално овластување од финансиска област, а изготвени се и 17 Анекси на Регистер на овластување на МВР на лица по изготвено Решение за давање генерално под овластување од финансиска област.




**Графички приказ бр.9- Активности на Одделот за финансиски прашања**

До Министерството за финансии доставени се: Годишен финансиски извештај за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола за 2024 година, План за воспоставување на системот за финансиско управување и контрола и Предлог - буџетска пресметка на МВР за 2026-2030 година. На месечна основа доставени се извештаи за

реализација на капиталните расходи и за обврските по сите сметки на Министерството кон добавувачи, истите се пријавувани и on- line преку апликација ЕСПЕО (Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски), а се вршеше и пресметка и исплата на налози за службени патувања во странство на вработените во МВР.

Во Одделение за буџетска контрола се вршеше исплата на договори за дело, реални патни трошоци, исплата на надоместок за трошоци за исхрана за ноќна работа и други надоместоци по основ на лични примања. Беше изготвен и електронски извештај за увоз и извоз на услуги на квартално ниво во порталот е Стат на Државен завод за статистика.

Одделението за плати изврши навремена исплата на бруто платите и достави пресметковни листи за исплатена плата на месечно ниво. Реализирана е и исплата на бонус плата за 2024 година, за вработени кои оствариле над 150 часа прекувремена работа и регрес за годишен одмор за вработените за 2025 година. Доставени се потврди за исплатена плата и уплатени персонален данок и придонеси од плата за вработените за 2024 година, а извршена е и исплата на отпремнини за вработени по основ пензионирање во 2025 година, јубилејни награди и други надоместоци. Беа изработени се акти и пресметки по барања на вешти лица, извршители, надлежни служби за правни работи, издадени се потврди и заверени документи од банки и други институции за висина на плата и други документи врз основа на барања. Во текот на годината се продолжи со реализација на активности во врска со проектот за преземање на податоците за стажот на осигурување и платите (пријави М4 ) од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во МВР согласно Меморандумот за деловна соработка.

Одделението за попис го спроведе редовниот годишен попис на средствата и подготви решение за усвојување на пописот и истиот е одобрен од страна на министерот и спроведен од страна на сметководството. Изготвен е Акциски план за спроведување на пописот за 2025 година и решенија за формирање на Централната пописна комисија на МВР и поединечни пописни комисии за организациските единици за потребите на Министерството и доставени се писмени инструкции за постапување согласно Упатство за начин на вршење на попис, а како подготвителна фаза на процесот на попис за 2025 година, продолжува процесот на обележување на основните средства со баркод метализирани етикети, преку интегрираниот софтвер ЕРП.

Одделението за сметководство изготви завршна сметка за 2024 година за сметки на основен буџет, сметка на самофинансирачки активности, сметки на донации која е доставена до надлежните институции и е објавена на веб страната на МВР. Исто така се изврши сметководствено евидентирање на основните средства, оружје и опрема за вооружување ситен инвентар, евидентирање на наплата на побарувањата од комитенти и вработени, евидентирање на обврските и плаќањата, изготвени се месечни пресметки за исплата на ДДВ и данок на добивка и извршена е уплата и се вршеше усогласување на должничко доверителските односи со економски оператори и комитенти.

Во 2025 година, согласно барањата на стандардот за квалитет МКС EN ISO 9001:2005 беа спроведени интерни проверки од страна на Единицата за управување со квалитет, додека од страна на сертификационо тело АМ-ЦЕРТ-Скопје, беше спроведена надзорна проверка на Системот за менаџмент со квалитет.

## 3.9. ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Одделот за прекршоци преземаше активности за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочни санкции кои се во негова надлежност согласно Законот за прекршоци, Законот за општа управна постапка и останатите процесни и материјални прописи кои се однесуваат на прекршочната проблематика и овластувањата на комисиите. Во 2025 година примени се вкупно 70.947 барања за прекршочна постапка против 69.953 физички и 1.038 правни лица, од кои најголем дел се по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата - 56.355 барања и Законот за возила - 11.128 барања.




**Графички приказ бр.10- Активности на Одделот за прекршоци**

Во рамки на Одделот решени се вкупно 62.170 предмети, при што изречени се вкупно 56.244 глоби, 898 опомени, за 2.791 лице запрена е постапката, 657 лица се ослободени од одговорност, а за 503 предмети отфрлено е барањето, додека до Управата за јавни приходи за наплата доставени се вкупно 46.197 правосилни и извршни решенија.

## 3.10. ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Од страна на Одделот за воздухопловни единици во текот на 2025 година уредно и безбедно беа реализирани сите оперативни летачки задачи за потребите на организациските единици на Министерството, како и на надворешните корисници, за што во тековната година реализиран е вкупен налет од околу 792 налети, односно 386,52 часови. Од вкупно планираниот налет за 2025 година за тренажа изнесуваше 23,48 часови, а најголемата реализација од планираниот налет се должи на кризната состојба со пожарите кои ја зафатија целата територија на Северна Македонија со вкупно 259,48 часови налет.




За одржување на достигнат степен на обученост и летовите за обука и проверки извршени се 10,36 часови налет, а за потребите на организациските единици во Министерството, како и за потребите на Центарот за управување со кризи при гаснење на активните пожари во текот на годината, како и потрагата и укажување помош на изгубени и повредени лица извршени се 293,18 часови налет.

Во текот на годината, беа реализирани обуки за вработените во Одделот кои се стекнаа со овластувања за воздухопловни техничари на хеликоптери, а од страна на сојузната полиција на Германија реализирана е донација на специјално товарно возило со капацитет од 5.000 литри.

## 3.11. ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

Одделот за општи и заеднички работи и во 2025 година продолжи со реализација на предвидените заложби на Министерството за подобрување на условите на работа на вработените, при што реализирани се следните активности:

- ✓ направено е реновирање и санација на објект во кој се сместени службите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.
- ✓ во фаза на изградба е објектот наменет за потребите на ЕВР Аеродром, кој се гради како енергетско-ефикасен објект, а во насока на зачувување на животната средина
- ✓ завршена е адаптацијата на просториите на МРТВ кои ги користат управните служби при Одделот за граѓански работи, со што се предвидува зголемување на базните станици со цел одбегнување на гужви пред станиците, се формира широко фоаје-слободен простор за чекање пред базните станици и се добива нова функционална организација – поделба на движењето на вработените низ внатрешни коридори од надворешните посетители.
- ✓ направена е реконструкција на објекти во Центарот за обука во Идризово со цел подобрување на условите за сместување и извршување на обука на идни кадри на Министерството,
- ✓ извршена е адаптација на објект Бутел, а во фаза на адаптација е објект 11 ти Октомври, кои со одлука на Влада се преземени од Министерството за социјална политика, демографија на млади,
- ✓ во објект Поникква изработени се спортски терени како донација од Агенцијата за млади и спорт
- ✓ додека во тек се одобрувања на плански документации за изградба на нови два објекти Кисела Вода и катна гаража на МВР.



Одделот е вклучен и во активности во рамки на следните проекти:

- ✓ **Во рамки на ИПА проектите:** се преземаат активности за обезбедување на документација за надградба на Полициска станица Маркова Нога.
- ✓ **Во рамки на проектите со ОБСЕ** во тек е реализација на Проект „Поддршка на националните власти на Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација и злоупотреба на малото и лесно оружје (МЛО) на ОБСЕ К-9 Изведба на боксови за полициски службени кучиња" и Заеднички контактен центар;
- ✓ **Со поддршка на УНДП**, во насока на подобрување на практиките за собирање на податоци за Мало Лесно Оружје- МЛО и истраги поврзани со МЛО, изготвен е проект за физичко обезбедување на магацините за оружје во касарна „Ѓорче Петров".

## 3.12. ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

Центарот за обука преземаше активности за менаџирање и спроведување на основните, континуираните и меѓународните обуки, базирајќи се на утврдените потреби на Министерството за внатрешни работи и донесените стратегиите за обука и развој. Во јануари 2025 година промовирана е генерацијата за 2024/2025 година со која основната обука за полицаец успешно ја завршија 497 кандидати, а во август 2025 година започната е основната обука на новите 541 кандидати за полицаец од генерацијата 2025/2026. Во делот на континуираната обука, спроведени се 145 континуирани обуки со вкупно 3.664 учесници. По однос на обуките донесени се девет наставни програми, а во делот на капиталните инвестиции отпочнати се активности за реновирање на криминалистичкиот музеј и пералната, како и подготовка на документација за реновирање на павилјон.

Со цел за унапредување на процесите од овој домен, Центарот континуирано ја развива својата меѓународна соработка и активност, при што за одбележување е неговата иницијатива со која годинава беше формирана Регионалната асоцијација на полициски академии и тренинг центри од Југоисточна Европа. По однос на наведеното, Центарот со поддршка на OSCE и EU4FAST беше домаќин на првата регионална конференција на која се потпиша декларацијата за основање на наведената регионална асоцијација во која партиципираат осум држави и тоа: Северна Македонија, Албанија, Хрватска, Грција, Косово, Молдавија, Црна Гора и Словенија, а Центарот го презема и Претседателството за првата година со заеднички утврдени приоритети за соработка во 2026 година.




Во делот на проектите и меѓународна активност доминираат активностите кои се преземаат во соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ICITAP, CEPOL, UNHCR, IOM, UNDP, GIZ, INTERPA и Канцеларијата на Совет на Европа, при што посебно значајни се обуките кои се спроведени во следните проекти:

- ✓ „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со кривичните дела против културно наследство и животната средина"-ИПА 2021 кој се спроведува во соработка со полицијата на Италија,
- ✓ „Зајакнување на капацитетите на полицијата на Северна Македонија со цел исполнување на меѓународните најдобри пракси и стандардите за човековите права во делот на малолетничка правда и полициското работење во заедницата", кој е дел од програмата Шведска поддршка на полициските реформи и
- ✓ „ЕУ – Правда за тебе".


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОЛИЦИЈА
POLICE
СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ

## 4.1. СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Безбедносната состојба на подрачјето на Северна Македонија се проценува како релативно стабилна, со постоење на несакани последици од трагичниот настан во Кочани и критичност на состојбите со пожарите кои беа актуелни и критични во текот на годината. Во март 2025 година, во Кочани, регистриран е трагичен настан случен во дискотеката „Пулс“ во кој од употреба на пиротехнички средства - прскалки настанат е пожар во кој животот го загубија 63 лица меѓу кои и еден полициски службеник.

Вкупниот криминалитет во 2025 година бележи намален тренд за 4% споредбено со 2024 година. Регистрирани се 17.972 кривични дела, за што кривично пријавени се 15.304 сторители, што преставува најмал број на регистрирани кривични дела во изминатите 20 години. Стапката на вкупниот криминалитет изнесува 978,5 пресметано на 100.000 жители, а предизвиканата материјална штета е проценета во вкупен износ од 26,6 милијарди денари. При расветлување на делата, во 2025 година постигната е ефикасност од 67,2% која е највисока во однос на последните 20 години.




**Графички приказ бр.11 : Вкупен криминалитет во период од 2006 до 2025 година**

Кривичните дела од областа на **класичниот** криминалитет и понатаму се доминантни и најзастапени во овој период. Истите бележат намален тренд за 6,4% во однос на претходната година, економскиот криминал е за 37,3% зголемен, додека недозволената трговија и кривичните дела против државата бележат намален број на откриени кривични дела.

| | кривични дела | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 година | 2024 година | промена во % |
| **КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ** | 15308 | 16350 | -6,4 % |
| **ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛИТЕТ** | 1444 | 1052 | 37,3 % |
| **НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА** | 1002 | 1112 | -9,9 % |
| **ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛИТЕТ** | 206 | 198 | 4 % |
| **КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА** | 12 | 15 | -20 % |
| **ВКУПНО КРИВИЧНИ ДЕЛА** | 17972 | 18727 | -4 % |

**Табеларен приказ бр.7 -Вкупен број на кривични дела по вид на криминалитет**

Најголемиот број од кривичните дела се на подрачје на СВР Скопје каде се регистрирани вкупно 6.821 кривично дело, што претставува 38% застапеност во вкупниот криминал. При расветлување на делата на ова подрачје постигната е вкупна ефикасност од 47,1%. Споредбено со претходната година, бројот на кривичните дела на ова подрачје бележи намален тренд за 14,5%.

Во делот на останатите сектори, доминираат подрачјата на СВР Тетово со регистрирани 2.048 кривични дела, СВР Битола-1.942 и СВР Штип-1.864 кривични дела, потоа СВР Охрид, СВР Куманово и СВР Струмица со регистрирани од 1.200 до 1.450 кривични дела, додека најмал број се регистрирани на подрачје на СВР Велес-1.038 кривични дела.

| ВКУПЕН КРИМИНАЛИТЕТ ПО СВР | КРИВИЧНИ ДЕЛА | КД СО ПОЗНАТ | КД СО НЕПОЗНАТ | ЕФИКАСНОСТ ОД ИЗВЕШТАЕН ПЕРИОД % | ВКУПНА ЕФИКАСНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| **СВР СКОПЈЕ** | 6.821 | 2.710 | 4.111 | 12,2 | 47,1 |
| **СВР БИТОЛА** | 1.942 | 1.075 | 867 | 40,9 | 73,6 |
| **СВР ВЕЛЕС** | 1.038 | 600 | 438 | 45,0 | 76,8 |
| **СВР КУМАНОВО** | 1.387 | 952 | 435 | 35,9 | 79,9 |
| **СВР ОХРИД** | 1.443 | 1.020 | 423 | 44,4 | 83,7 |
| **СВР СТРУМИЦА** | 1.268 | 820 | 448 | 67,2 | 88,4 |
| **СВР ТЕТОВО** | 2.048 | 1.549 | 499 | 28,9 | 82,7 |
| **СВР ШТИП** | 1.864 | 1.096 | 768 | 32,4 | 72,2 |
| **ОСОСК** | 161 | 161 | | | 100,0 |
| **ВКУПНО** | 17.972 | 9.983 | 7.989 | 26,2 | 67,2 |

Табеларен приказ бр. 8- Вкупен криминалитет по СВР

Во однос на кривичните дела **извршени од деца** истите во 2025 година бележат зголемен тренд за 20,6%, односно регистрирани се 597 кривични дела извршени од 901 дете, од нив најголем дел-90% се на возраст од 14 до 18 години. Речиси половина од делата се однесуваат на имотните деликти, но извршени се и дела со елементи на насилство, од кои доминираат насилствата, тешките телесни повреди, телесни повреди при семејно насилство, дела од недозволена трговија со дрога, од областа на сообраќајот и други.




Графички приказ бр.12 Кривични дела извршени од деца

## 4.2. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА

Кривичните дела против државата бележат намален тренд за 20%, сузбиена е организирана криминална група која имала за цел изведување на терористички акт на јавни објекти во државата, додека хибридните закани за лажно поставени бомби во училишта и други институции продолжија и во текот на годината.

Во 2025 година откриени се 12 кривични дела против државата, кои се намалени во однос на претходната година кога беа регистрирани 15 кривични дела, при што најзастапени се „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“-девет кривични дела за што пријавени се 21 сторител, а регистрирани се и три кривични дела „неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства“ извршени од тројца сторители.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОМРАЗА, РАЗДОР ИЛИ НЕТРПЕЛИВОСТ ВРЗ НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И ДРУГА ДИСКРИМИНАТОРСКА ОСНОВА** | **9** | **10** | -10% |
| **НЕОВЛАСТЕНО НАВЛЕГУВАЊЕ ВО ВОЕНИ ОБЈЕКТИ И ПРАВЕЊЕ СКИЦИ ИЛИ ЦРТЕЖИ НА ВОЕНИ ОБЈЕКТИ И БОРБЕНИ СРЕДСТВА** | 3 | 2 | 50% |
| **УЧЕСТВО ВО СТРАНСКА ВОЈСКА, ПОЛИЦИЈА, ПАРАВОЕНИ ИЛИ ПАРАПОЛИЦИСКИ ФОРМАЦИИ** | - | 2 | - |
| **РАСНА И ДРУГА ДИСКРИМИНАЦИЈА** | **-** | **1** | - |
| **ВКУПНО КРИВИЧНИ ДЕЛА** | **12** | **15** | -20% |

**Табеларен приказ бр. 9-Број на кривични дела против државата по вид**

Најголем број на откриени кривични дела има на подрачјето на СВР Скопје-шест, по две дела се на подрачје на СВР Тетово и СВР Битола и по едно кривично дело на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Куманово и Велес.

Во делот на тероризмот, реализирани се четири случаи, при што сузбиена е четиричлена организирана криминална група која делувала со основи на идеолошката матрица на терористичка организација ИСИС и со намера за изведување на терористички акт на јавни објекти во државата. Мерки на кривичен прогон се преземени против осум лица за сторени по две кривични дела **„тероризам“ и „терористичка организација“.**

Електронските пријави за лажно поставени експлозивни направи во училиштата беа цел на хибридни закани преку дојави за лажно поставување на бомби, а беа регистрирани и пријави **за пристигнати електронски пораки** во кои како испраќач се јавува Бирото за јавна безбедност на МВР и пораки со известување дека се подготвува терористички напад со употреба на нервен гас против цивилното население.

## 4.3. ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

Бирото за јавна безбедност активно се залага за одржување на јавната безбедност и ефикасност во борбата за справување со криминалот во сите негови појавни облици, притоа **акцентирајќи ја борбата со организираниот криминал, како и справувањето со корупцијата, особено високата, како круцијален приоритет на националното ниво**. Потврда за целокупната заложба се сузбиените **16 организирани криминални групи, во кои дејствувале 205 физички лица. Дел од овие лица, за криминалните активности користеле и 19 правни лица.** Најголем дел од групите биле инволвирани во недозволената трговија со дрога, корупција и економски криминал- по четири, три од областа на криумчарење мигранти и и по една група за тероризам и за недозволена трговија со оружје и дрога.

| | СУЗБИЕНИ ОКГ | | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 година | 2024 година | 2025 година | 2024 година |
| НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА | 4 | 8 | 29 | 61 |
| КОРУПЦИЈА | 4 | 2 | 120 | 26 |
| КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ | 3 | 2 | 14 | 20 |
| ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ | 3 | - | 26 | - |
| ТЕРОРИЗАМ | 1 | - | 4 | - |
| НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И ДРОГА | 1 | - | 12 | - |
| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ-ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОСТИТУЦИЈА | - | 1 | - | 4 |
| СЕРИОЗЕН И НАСИЛЕН КРИМИНАЛ | - | 1 | - | 18 |

**Табеларен приказ бр.10 Сузбиени ОКГ по област на криминал**

Од страна на ОСОСК сузбиени се вкупно 15 организирани криминални групи, од кои три се во соработка и координација со Одделот за криминалистичка полиција (две за недозволена трговија со дрога и една во доменот на корупцијата).

### Недозволена трговија со дрога

Во делот на справување со организираните облици на трговија со дрога **сузбиени се четири организирани криминални групи во рамките на кои кривично пријавени се 29 лица** кои дејствувале национално и меѓународно во делот на недозволена трговија со кокаин, амфетамин и марихуана. Во рамки на три од групите запленето е седум килограми и 47,52 грама **амфетамин**, четири килограми и 947,41 грам **кокаин**, 101 таблета и 0,46 грама **МДМА**, 269,11 грама **марихуана**, 70 **семки канабис**, 0,36 грама **хашиш**, 0,19 грама мешавина марихуана и тутун.

### Корупција

Во текот на годината за разлика од лани постигнат е забележителен успех преку **сузбивањето на четири организирани криминални групи со коруптивно делување**, за што како членови на истите кривично се пријавени 120 физички и 18 правни лица, со што е прекинат ланец на коруптивни врски и активности и криминални дејствија во областа на здравствениот сектор, даночниот систем на државата, животната средина и енергетскиот сектор. Значителен пораст бележи и бројот на вкупно откриените кривични дела во областа на корупцијата, како и бројот на инволвирани лица.

### Криумчарење мигранти

Во областа на илегалната миграција, **сузбиени се три организирани криминални групи составена од 14 члена** кои организирале и вршеле криумчарење на мигранти. Една од групите е дел од меѓународна криминална мрежа.



### Економски криминал

Во областа на економскиот криминал, **сузбиени се три организирани криминални групи во кои членувале 26 физички и едно правно лице**, кои биле инволвирани во вршење на кривични дела „лихварство“ и „перење пари и други приноси од казниво дело“, „приредување на игри на среќа без лиценца“, а една од групите е дел од меѓународна истрага во соработка со српската полиција и ЕВРОПОЛ, при што сузбиена е осум члена ОКГ која вршела кривично дело „фалсификување пари“, а притоа откриена е нелегална печатница за евра со вмешаност на поранешни и активни полициски службеници.

### Тероризам

Сузбиена е терористичка организација која била со основи на идеолошката матрица на познатата терористичка организација ИСИС, со намера на изведување на терористички акт на јавни објекти на територија на Северна Македонија.

### Недозволена трговија со оружје

**Сузбиена е 12 члена ОКГ која била инволвирана во кривични дела од областа на недозволена трговија со оружје и дрога**, за што во рамки на извршените претреси запленети се осум парчиња оружје, седум рамки и 874 парчиња муниција.

## 4.4. КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 4.4.1 КОРУПЦИЈА




Бирото за јавна безбедност во изминатата година беше особено фокусирано на зајакнување на безбедноста и институционалните капацитети за безрезервна и неселективна борба против корупцијата како врвен национален стратешки приоритет. Интензивирањето на оперативните активности на полицијата во насока на зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето, значително влијаеше на остварувањето на позитивни резултати во справувањето со предизвиците на организираниот криминал и корупцијата.

Во текот на годината за разлика од лани постигнат е забележителен успех преку **сузбивањето на четири (две) организирани криминални групи со коруптивно делување**, за што како членови на истите кривично се пријавени **120** физички и 18 правни лица, со што е прекинат ланец на коруптивни врски и активности и криминални дејствија во областа на здравствениот сектор, даночниот систем на државата, животната средина и енергетскиот сектор. Значителен пораст бележи и бројот на вкупно откриените кривични дела во областа на корупцијата, како и бројот на инволвирани лица.

Реализирани се 180 (125) случаи во рамките на кои откриени се **290 кривични дела со коруптивни елементи**, што претставува **зголемување на откривачката функција за 40,8%,** споредбено со 2024 година кога беа откриени 206 кривични дела. По преземени мерки за криминалните активности кривично се пријавени **678 сторители** (637 физички и 41 правно лице), а причинетата материјална штета се проценува во износ над 23,67 (1,5) милијарди денари.

| | **јануари-декември 2025 година** | **јануари-декември 2024 година** | **зголемување/намалување во %** |
|---|---|---|---|
| **регистрирани случаи** | **180** | 125 | **44,0** |
| **кривични дела** | **290** | 206 | **40,8** |
| **сторители** | **678** | 363 | **75,5** |
| **причинета материјална штета** | 23.677.618.236,20 ден | 1.522.262.669,34 ден | **повеќекратно зголемување** |

**Табеларен приказ бр.11 Откриени случаи, кривични дела од областа на корупцијата, број на сторители и материјална штета**

Од вкупниот број на реализирани кривични дела најбројни се **коруптивните злоупотреби** – 133 (од кои четири во врска со „**соизвршителство**“, две во врска со „**помагање**“ и една во врска со „**поттикнување**“), и „**несовесно работење во службата“ – со коруптивен елемент** – **65** кривични дела (по едно во врска со „**соизвршителство**“ и „**помагање**“), потоа следуваат „**злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство**“ - 20 кривични дела (од кои четири за „**помагање**“ и две за „**поттикнување**“), 14 дела за „**примање поткуп**“ (од кои две за „**соизвршителство**“ и едно за „**помагање**“), 12 „**давање поткуп**“ (по едно за

**„соизвршителство“** и **„помагање“**), понатаму **11** кривични дела **„перење пари и други и други приноси од казниво дело“** (по едно за **„соизвршителство** и **„поттикнување“**, осум **„проневера во службата“** (две за **„помагање“**), пет **„примање награда за противзаконито влијание“** (едно за „соизвршителство“), по четири **„оддавање службена тајна“** и **„даночна измама“** (по две за **„соизвршителство“** и **„помагање“**), **по три „попречување на правдата“**, **„давање награда за противзаконито влијание“** и **„измама во службата“** и во помал број други кривични дела.

Показател за постигнатите резултати е и порастот на ефикасноста во делот на **коруптивните злоупотреби** за околу 48%, а високо ниво на реализација е карактеристично и во делот на **класичната корупција**, за 24% повеќе од 2024 година, **при што треба да се истакне дека бројот на откриени кривични дела е најголем** во последните 14 години.

Најголем број од коруптивните инкриминации се откриени од страна на **Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал**-65, потоа на подрачјето на **СВР Куманово** – 44, на подрачје на **СВР Струмица**-39, **СВР Штип** – 35, понатаму **СВР Скопје** – 34, **СВР Охрид**-27, **СВР Тетово**-24, **СВР Битола**-18 и **СВР Велес** со четири кривични дела. Во овој дел треба да се напомене дека во споредба со 2024 година забележан е пораст на ефикасноста кај сите организациски единици освен СВР Штип каде има намалување на откривачката дејност за 18,6%.

| ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | материјална штета 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 година | 2024 година | | 2025 година | 2024 година | |
| **СВР СКОПЈЕ** | **34** | 28 | **21,4%** | **101** | 65 | 13.632.569 ден |
| **СВР БИТОЛА** | **18** | 12 | **50%** | **24** | 14 | 19.749.452 ден |
| **СВР ВЕЛЕС** | **4** | 1 | **300%** | **6** | 2 | 618.757 ден |
| **СВР КУМАНОВО** | **44** | 17 | **158,85** | **63** | 42 | 75.876.468 ден |
| **СВР ОХРИД** | **27** | 21 | **28,6%** | **38** | 29 | 15.716.656 ден |
| **СВР СТРУМИЦА** | **39** | 18 | **116,7%** | **52** | 25 | 453.770.953 ден |
| **СВР ТЕТОВО** | **24** | 10 | **140%** | **39** | 12 | 8.276.399 ден |
| **СВР ШТИП** | **35** | 43 | **-18,6%** | **43** | 44 | 4.397.443 ден |
| **ОСОСК** | **65** | 56 | **16,1%** | **312** | 130 | 23.085.579.540 ден |
| **ВКУПНО** | **290** | 206 | **40,8%** | **678** | 363 | **23.677.618.236 ден** |

**Табеларен приказ бр.12 Состојби во областа на корупцијата по организациски единици**

Криминалните активности од овој вид најчесто се извршени од страна на лица вработени во државните институции, јавните установи и претпријатија, правните лица и единиците на локалната самоуправа, кои се инволвирани во коруптивни активности во областа на јавните набавки, земјоделството, шумарството и водостопанството, полициското и царинското работење, здравствените услуги, образованието, даночните обврски, административните процедури, урбанизмот, издавањето на концесии и друго.

Во овие рамки, Министерството како клучна институција за откривање на коруптивните случаи активно работеше на сузбивање на сите облици на корупција, како и искоренување на корупцијата во сопствените редови, за што во овој период кривично пријавени се **110 вработени** кои се сомничат за сторени 46 коруптивни кривични дела. Коруптивните активности се значително застапени и во останатите општествени сектори и дејности за што показател се кривично пријавените лица во својство на **вработени во јавни установи/претпријатија**–100, лицата во својство на **директор на јавна установа/**

**јавно претпријатие/ АД / Агенции**–56, **вработени во министерства/агенции/управи** – 55, потоа **вработени/управител/сопственик на правно лице** – 44, **вработени во општините** – 21, **градоначалник** – 11, **затворски полицајци** – девет, **царински службеници** – шест, **директор на КПУ** – четири, а како извршители се јавуваат и **тројца адвокати**, **двајца нотари**, **амбасадор**, **судија**, поранешен **министер**, **заменик министер** за земјоделство, шумарство и водостопанство, **заменик директор** на Агенција за храна и ветеринарство итн.

## 4.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Во 2025 година евидентиран е значителен пораст од 157% на кривичните дела „**перење пари и други приноси од казниво дело**" во споредба со претходната година. Регистрирани се вкупно 18 кривични дела, што воедно претставува и најголем број на инкриминации во изминатите шест години, а мерки на кривичен прогон се преземени против 69 сторители, од кои 51 се физички и 18 правни лица.




**Графички приказ бр.13 Кривични дела „перење пари" и сторители**

Кај **11** дела детектиран е корруптивен елемент, од кои **пет** се во рамките на две од сузбиените организирани криминални групи во областа на корупцијата, поврзани со даночната измама на средства од државниот буџет во износ од 94,3 милиони евра и злоупотреба на постапките за јавен повик и набавки на потребна опрема за топлинска станица за потребите на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје со што е овозможено правно лице да се стекне со противправна имотна корист од 472,4 милиони денари, и за истите се **кривично пријавени 38 сторители**, од кои 15 правни субјекти, додека преостанатите **шест дела** ги извршиле **12** физички и **две** правни лица кои биле поврзани со криминалните активности во рамки на сузбиената криминална група во 2024 година за злоупотреба на постапките за набавки на адитиви за АД ЕСМ, како и случајот од оваа година со кој беа откриени злоупотреби при јавна набавка на мазут за АД ЕСМ.

Во **останатите случаи** за перење пари пријавено е лице кое било дел од организирана криминална група која на територија на нашата држава и Р. Србија, изработувала и пуштала во оптек **фалсификувани пари**, а во два од случаите кривично пријавени се вкупно 15 лица и правен субјект кои подолг временски период биле инволвирани во стекнување на високи суми на противправна имотна корист преку лихварство, при што 12 од нив функционирале како организирана криминална група.

## 4.5. КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

### 4.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Криумчарењето мигранти е високо застапена и доминантна криминална активност, а зголемена е и побарувачката на услугите на криминалните структури кои активно делуваат во регионот и пошироко. Во текот на 2025 година, полициските службеници открија вкупно 49 случаи на криумчарење на вкупно 340 мигранти, најмногу од Египет-186, Кина-48, Непал-27, Сирија-25, Авганистан-17 итн. Мерки на кривичен прогон се преземени против 90 сторители, од нив две се деца, а 28 се странски државјани (седум од Турција, по шест од Авганистан и Сирија, четири од Албанија, две лица се од Косово и по еден сторител од Арапските земји, Бангладеш и Египет) за сторени 51 кривично дело „криумчарење на мигранти“ (од нив седум се за „соизвршителство“).




| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ | 49 | 69 | -28,9%↓ |
| БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 51 | 60 | -15%↓ |
| БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ | 90 | 78 | 15,4%↗ |
| БРОЈ НА КРИУМЧАРЕНИ МИГРАНТИ | 340 | 487 | -30,2%↓ |
| БРОЈ НА ОКГ | 3 | 2 | 50%↗ |

**Табеларен приказ бр.13 Откриени случаи и кривични дела „криумчарење мигранти“, сторители, мигранти и ОКГ**

Сузбиени се **три организирани групи во кои членувале вкупно 14 лица. Една од групите** е дел од меѓународна криминална мрежа во која делувало и лице со потекло од Арапските земји кои организирале илегално пренесување на група мигранти државјани на Египет и Сирија и **нивен транспорт во Р Србија**. Втората ОКГ е **шестчлена** која подолг временски период била инволвирана во илегално пренесување мигранти **од територија на Србија** и нивно пренесување со крајна дестинација **во Р Грција**. При реализација на случајот, спречено е криумчарење на шест мигранти од Кина, од кои едно дете. Последната откриена организирана група е составена од **четворица турски државјани**, од кои еден од нив во својство на организатор обезбедил финансиски средства на двајца од пријавените со цел од Истанбул да пристигнат во Северна Македонија, а откако лицата пристигнале ги ангажирал за превезување на шест мигранти од Египет од подрачјето на Гевгелија **до граничната линија со Р Србија.**

**Модус на делување**

Мигрантите се прифаќаат на претходно утврдени и договорени локации во Атина-Р. Грција, од каде организирано се носат во близина на граничната линија со Северна Македонија и пеш остваруваат илегален влез. Транспортот се врши со патнички моторни возила од типот на фолксваген, ауди, цитроен, нисан на кои се поставени регистарски



таблички со скопски, кумановски ознаки, но и српски, швајцарски и босански и италијански ознаки, а се почесто се користат и rent a car изнајмени возила, по што мигрантите се носат до северниот дел од државата (села во близина на границата со Р Србија). Возачите откако ќе ги забележат полициските патроли, ги оставаат возилата со мигрантите покрај патот и се даваат во бегство.

## Рути на движење

Актуелна рута на движење која ја користат криминалните групи и понатаму е патниот правец Гевгелија-Скопје-Куманово-ГП Табановце, при што во јужниот дел од државата, места каде најчесто се откриени случаите се граничните камења ГК 61/3 и ГК 55, места викани Серменинска река-Гевгелија и „Прждевски споменик“-Демир Капија, наплатната рампа Смоквица, тунели Демир Капија, регионалниот пат Неготино-Градско, локалниот пат помеѓу селата Богородица и Стојаково, раскрсница Ѓавато, регионален пат Неготино-Градско и сл. Во северниот дел од државата, критични се местата во близина на автопатот Куманово-Граничен премин „Табановце“ и во правец од Велес кон Градско, наплатна рампа Романовце како и во близина на бензинската пумпа „ЕКО ПЕТРОЛ“ и селата Табановце и Сопот.

Карактеристично е што за **првпат откриен е случај на криумчарење на границата со Р Албанија** откако е започната мигрантската криза, бидејќи овој дел од државата досега не се користеше како рута за транзит на мигрантите кон земјите од Западна Европа, ниту пак за криумчарење на мигранти од страна на криминалните структури.

## 4.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во делот на **трговија со луѓе** оваа година, идентификувани се вкупно **24 жртви на трговија со луѓе/деца**, од кои **седум се полнолетни лица, а 17 се деца (13 од женски и четири од машки пол).** Од претпоставените жртви на трговија со луѓе – 10 се жртви на сексуална експлоатација, шест – жртви на присилен брак, четири – жртви на питачење, три – жртви на трудова експлоатација и една жртва на незаконско посвојување.



Од страна на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, **реализиран е случај на трговија со луѓе,** за што кривично се пријавени шест лица кои во текот на 2023 и 2024 година со употреба на физичко и психичко насилство вршеле сексуална експлоатација на жртвата која е на возраст од 29 години, принудувајќи ја на проституција, заради стекнување на парична корист и дрога, додека претходната година не беа регистрирани кривични дела.




Во текот на годината, на подрачјето на Тетово и Гостивар спроведени се **43 акциски контроли во угостителски објекти**, со цел откривање на странски државјанки кои нелегално престојуваат и работат во објектите како танчерки и пеачки. Контролата е извршена во 14 угостителски објекти, во кои затекнати се вкупно 298 женски лица, од кои 129 странски државјанки, од нив 81 се приведени поради непријавен престој на нашата територија (23 од Албанија; 15 од Украина, 13 од Колумбија, 11 од Србија, по шест од Бразил и Косово, три од Бугарија, две од Франција и едно лице од Венецуела и Молдавија). Против лицата се преземени мерки за сторени прекршоци од Законот за странци, а од страна на надлежните основни судови им се изречени прекршочни санкции и мерки „забрана за влез на нашата територија“, во траење до една година.

| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| БРОЈ НА АКЦИСКИ КОНТРОЛИ | 43 | 46 | 38 |
| БРОЈ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ | 14 | 67 | 71 |
| БРОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНКИ | **129** | **207** | 185 |




**Табеларен приказ бр.14- Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2023-2025 година и Графички приказ бр.14 -Број на странски државјанки по земја на потекло во 2025 година**

Кај **трговијата со деца** оваа година реализирани се четири случаи за што мерки на кривичен прогон се преземени против 17 сторители за сторени осум кривични дела. Жртви на кривичните дела се женски деца, при што едно од нив се јавува и како пријавено лице кое со нотарска изјава за паричен износ од 4 илјади евра, по породувањето го оставила своето бебе на издржување кај трети лица. Останатите жртви се на возраст од 11, 15 и 16 години. Жртвите на трговија со луѓе/деца најчесто се ранлива категорија и се цел на сексуална експлоатација, особено во земјите каде е застапена сиромаштијата, родовата нееднаквост и насилство. Во еден од случаите извршен е и полов напад и силување врз 16 годишно девојче кое било принудувано да користи опојни дроги и сексуална експлоатација од страна на останатите пријавени.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА „ТРГОВИЈА СО ДЕЦА“ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| БРОЈ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА | 8 | 2 | 8 |
| БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ | 17 | 2 | 31 |
| БРОЈ НА ЖРТВИ | 4 | 2 | 4 |

**Табеларен приказ бр.15- Кривични дела „трговија со деца“, сторители и жртви**

## 4.6. НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ

### 4.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Преземените мерки и активности на полето на откривањето и сузбивањето на недозволената трговија со дрога во текот на оваа година резултираа со постигнување на значајни резултати: **зголемени заплени на наркотична дрога**, сузбиени четири организирани криминални групи, спречени се четири транспорти на марихуана, откриена е импровизирана лабораторија за марихуана, а детектирани и санкционирани се и злоупотреби во правни лица кои имаат лиценци за производство на марихуана за медицински цели.

Регистрирани се вкупно **745** (891)[2] кривични дела, кои се намалени за 16,4% споредбено со минатата година. Според видот најбројни се „**неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори**“ – 666 (770) кривични дела, потоа „**овозможување на употреба наркотични дроги**“ – 71 (110), а откриени се и осум (11) кривични дела од **Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.** По преземени мерки кривично се пријавени вкупно **858** (1.066) **сторители**, од нив **22** (30) се **деца** и **четири** (пет) **правни лица**.

| | кривични дела | | Промена % | сторители | | Промена % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 година | 2024 година | | 2025 година | 2024 година | |
| **член 215** | **666** | **770** | **-13,5%** | **774** | **923** | **-16,1%** |
| **член 216** | **71** | **110** | **-35,5%** | **74** | **124** | **-40,3%** |
| **Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции** | **8** | **11** | **-27,3%** | **10** | **19** | **-47,4%** |
| **Вкупно** | **745** | **891** | **-16,4%** | **858** | **1.066** | **-19,5%** |

**Табеларен приказ бр. 16 Недозволена трговија со дрога 2025/2024 година**

Најголем број од кривичните дела се откриени на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Охрид, Битола и Штип, при што пораст на откривачката функција е забележан само на подрачјето на СВР Куманово-за 50%, како и кај реализациите на ОСОСК – за 10%, додека кај останатите органи е со негативен тренд кој е најизразен на подрачјето на СВР Тетово.

[2] Податоците во заградата се однесуваат на 2024 година

| | Чл.215 | Сторители | чл.216 | Сторители | чл. 95-в од ЗКОДПС | Сторители | Вкупно кривични дела | Вкупно сторители | Марихуана - грамови | Кокаин - грамови | Хероин - грамови | Амфетамин -грамови | МДМА-таблети | Опиум - грамови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОСОСК** | 11 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | **11** | **36** | 4.020,90 | 4.948,11 | - | 7.054,33 | 101 | - |
| **СВР Скопје** | 148 | 155 | 1 | 1 | 0 | 0 | **149** | **156** | 16.745,67 | 1.407,14 | 49,66 | 663,28 | 267,5 | - |
| **СВР Битола** | 78 | 86 | 16 | 16 | 0 | 0 | **94** | **102** | 33.988,75 | 62,63 | 0,34 | 26,96 | 143 | - |
| **СВР Велес** | 46 | 55 | 6 | 7 | 0 | 0 | **52** | **62** | 24.305,21 | 9,58 | 103,05 | 419,89 | 11 | 11.347,16 |
| **СВР Куманово** | 80 | 86 | 4 | 4 | 0 | 0 | **84** | **90** | 1.274,30 | 34,13 | 10,16 | 54,26 | 12 | - |
| **СВР Охрид** | 104 | 112 | 19 | 19 | 1 | 2 | **124** | **133** | 2.110.127,71 | 163,13 | 0,34 | 2,44 | - | - |
| **СВР Струмица** | 60 | 72 | 11 | 12 | 0 | 0 | **71** | **84** | 100.113,33 | 138,22 | 42,78 | 1.500,41 | - | - |
| **СВР Тетово** | 69 | 92 | 2 | 3 | 2 | 2 | **73** | **97** | 89.367,43 | 156,83 | 13,04 | - | 7 | - |
| **СВР Штип** | 70 | 80 | 12 | 12 | 5 | 6 | **87** | **98** | 2.573,16 | 36,07 | 40,6 | 90,35 | 27 | 2,4 |
| **ВКУПНО** | **666** | **774** | **71** | **74** | **8** | **10** | **745** | **858** | **2.382.516,46** | **6.955,84** | **259,97** | **9.811,92** | **568,5** | **11.349,56** |

**Табеларен приказ бр. 17 Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога и заплени по организациски единици за 2025/2024 година.**

Во рамки на реализираните случаи запленети се два тони и 382,5 килограми **марихуана**, 11 килограми и 349,56 грама **опиум**, девет килограми и 811,92 грама **амфетамин**, шест килограми и 955,84 грама **кокаин**, 3.215 **стебла**, 1.087 парчиња **семки** и 191,39 грама **семки канабис**, 1.450 **милилитри прекурзори** (1.170 милилитри **1-фенил 2-пропанон** и 280 милилитри **сулфурна киселина**), 994,4 милилитри **хашиш масло**, 1.487 милилитри **метадон** 568,5 таблети и 15,99 грама **МДМА**, 259,97 грама **хероин**, 197,52 грама мешавина **мешавина од кофеин и парацетамол**, 76,79 грама **хашиш**, 166,63 грама **марихуана помешана со семки канабис**, 136,04 грама **мешавина тутун и марихуана**, 41,68 грама **метамфетамин**, 70,6 грама **мешавина на марихуана со грутчеста материја, 32,39 грама мешавина амфетамин и кокаин**, 129,48 грама **манитол**, 565 таблети **алпразолам**, 55 таблети **бупренорфин**, 7,5 милилитри и 5,35 грама **хашиш смола**, 21 парче **ЛСД** и во помала количина други видови дрога и




медикаменти.

**Графички приказ бр. 15 Запленета дрога и психотропни супстанции според вид и количина**

Согласно постигнатите резултати **значително зголемени** се заплените на **марихуана**, **опиум**, **амфетамин, кокаин, стебла** и **семки канабис,** додека во намалување се количините на **хероин и таблети МДМА.**



Во поглед на справувањето со организираните облици на трговија со дрога годинава намален е бројот на **сузбиени организирани криминални групи – четири** (лани осум) **во рамките на кои кривично пријавени се 29 лица** кои дејствувале национално и меѓународно во делот на недозволена трговија со кокаин, амфетамин и марихуана. Во рамки на три од групите запленето е **седум килограми и 47,52 грама амфетамин, четири килограми и 947,41 грам кокаин, 101 таблета и 0,46 грама** МДМА, **269,11 грама марихуана, 70 семки канабис, 0,36 грама хашиш, 0,19 грама мешавина марихуана и тутун.**

Активно се работеше и на откривањето на транспортите на дрога, **спречени се четири меѓународни транспорти на марихуана** на подрачје на Велес, Струмица, Прилеп и Струга, со крајна дестинација до Р.Туркије, Р.Бугарија, Р.Грција и Северна Македонија, при што во рамки на случаите запленети се вкупно **206 килограми и 910,4 грама марихуана**, а кривично пријавени се вкупно пет лица.

Откриена е една **импровизирана лабораторија** во село на подрачје на Охрид во која се одгледувани стебла канабис и е произведувана марихуана, а во рамки на случајот запленети се **три килограми и 420,8 грама марихуана** и **488 стебла канабис**.



За одбележување е **дека во јуни 2025 година, за прв пат врз основа на докази обезбедени преку анализа на Скај комуникациите** по поднесена кривична пријава во јануари 2024 година за 16 лица дел од организирана криминална група кои биле инволвирани во извршување на повеќе кривични дела **беа изречени судски казни за истите**. Имено две лица беа осудени на 14 години казна затвор за сторени кривични дела „убиство" и „злосторничко здружување", потоа по едно лице се осудени на осум, односно шест години затвор за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори", додека три лица се осудени на пет години казна затвор за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори".

Покрај ова, во рамки на реализиран случај во 2024 година во кој е сузбиена организирана криминална група, која ја сочинувале двајца вработени во МВР и едно физичко лице кои формирале злосторничко здружување и од користољубие со цел стекнување на противправна имотна корист пренесувале службени информации, во јануари 2026 година на полициските службеници им е изречена казна затвор во траење од една, осум и четири и пол години, додека во 2025 година казна затвор е изречена и за физичкото лице.

Од клучно значење за ефикасната борба против недозволената трговија со дрога беше одличната **меѓународна соработка**. Во таа насока во **рамки на успешна соработка на македонската, српската, косовската и бугарската полиција во 2025**

**година на ГП Капетан Андреево на излез од Бугарија кон Турција во товарно возило се пронајдени и запленети 188 килограми марихуана.**

За одбележување е дека **врз основа на информации добиени од македонската полиција,** во 2025 година во Франција се запленети осум килограми кокаин и од слобода се лишени двајца македонски државјани



### Злоупотреби од лиценцирани правни субјекти

Карактеристични годинава беа и злоупотребите во правните субјекти со лиценца за производство на канабис за медицински цели, при што во делот на почитувањето на одредбите кои ја регулираат оваа материја утврдени се неправилности во работењето на четири лиценцирани правни субјекти. Случаите се откриени на подрачје на Гостивар, Струга, Свети Николе и Штип за што регистрирани се осум кривични дела по член 95-в од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

Во врска со настаните поднесени се четири кривични пријави против **шест сторители** во својство на **сопственик**, **управители** и **одговорно лице**, како и **четирите правни лица** поради констатирани неправилности при навремено евидентирање, пријавување, настанати промени и отстапувања во одгледување на канабисот, но и останати неправилности во поглед на физичко и техничко обезбедување на објектот, договори за вработување, при што запленети се над **два тони и 132 килограми марихуана и 2.148 стебла канабис**, а одземена е и засега неутврдена количина која е предадена на Агенцијата за управување со одземен имот.

## 4.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

Активностите за сузбивање на недозволена трговија со оружје **резултираа со пораст на откривачката функција во овој домен,** при што бројот на откриените кривични дела е зголемен за 18%, бројот на кривично пријавените сторители е зголемен за 21%, реализиран е пораст на заплените со муниција и петарди, а бројот на запленето оружје е намален за 15%.

| НТ со оружје | 2025 | 2024 | Промена во % |
|---|---|---|---|
| **Кривични дела** | 237 | 201 | 18 |
| **Сторители** | 273 | 225 | 21 |
| **Запленето оружје** | 247 | 292 | -15 |
| **Запленета муниција** | 11.800 | 10.388 | 14 |
| **Запленети петарди** | 155.326 | 84.680 | 83 |

**Табеларен приказ бр. 18** Недозволена трговија со оружје 2025/2024 година

Во оваа област во 2025 година **откриени се вкупно 237 кривични дела,** за што кривично пријавени се **273 сторители**, од кои едно е правно лице, а две дела се со

непознат сторител. Според видот, 231 кривично дело се за „**недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи**“ (меѓу кои две се со квалификација за помагање, едно соизвршителство и едно продолжено кривично дело), четири „**фалсификување на огнено оружје**“, а останатите две се по став 1 од член 395 кој се однесува на „**изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривично дело**“.

Во рамки на откриените кривични дела запленети се вкупно 247 парчиња оружје и тоа: 18 автоматски пушки, 16 полуавтоматски пушки, три автомати, 12 револвери, 92 пиштоли од кои еден е малокалибарски, а 10 се за звучна и светлосна сигнализација, 65 ловни пушки, 17 ловни карабини, две малокалибарски, седум воздушни и три останати пушки, 11 рачни бомби и еден рачен ракетен фрлач. Покрај ова, во рамки на делата запленети се 11.800 парчиња муниција, 155.326 петарди, 163 пиротехнички ракети, 1369 огномети, три парчиња топовски удар, 495,4 грама и кутивче со неутврдена количина барут, осум детонаторски каписли, 15 проектили, 63 чаури, 3907 сачми во грамови, 77 рамки, еден тромблонски додаток и 48 останати делови.







На ниво на СВР откривачката функција е највисока на подрачје на СВР Битола и СВР Скопје, по што следат реализациите на СВР Велес и СВР Охрид.

| НТ СО ОРУЖЈЕ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА ВО % |
|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 45 | 51 | -11,8% |
| СВР БИТОЛА | 46 | 32 | 43,8% |
| СВР ВЕЛЕС | 33 | 18 | 83,3% |
| СВР КУМАНОВО | 19 | 15 | 26,7% |
| СВР ОХРИД | 30 | 16 | 87,5% |
| СВР СТРУМИЦА | 12 | 10 | 20% |
| СВР ТЕТОВО | 22 | 21 | 4,8% |
| СВР ШТИП | 21 | 30 | -30% |
| ОСОСК | 9 | 8 | 12,5% |
| ВКУПНО | 237 | 201 | 17,9% |

**Табеларен приказ бр. 19 Недозволена трговија со оружје по организациски единици 2025/2024 година**

Во оваа област, **сузбиена е 12 члена ОКГ** во рамки на извршените претреси запленети се осум парчиња оружје, седум рамки и 874 парчиња муниција.

Покрај ова, како резултат на информации добиени од македонската полиција, во координација и содејство со Генералната дирекција за борба против организиран криминал во Република Бугарија, со брза размена преку СЕЛЕК Центарот, на територија на Р Бугарија **спречен е транспорт на оружје од Турција преку Бугарија кон Северна Македонија**, при што запленети се три ловни пушки, 20 пиштоли за светлосно-звучна сигналиазација и над 5.700 парчиња муниција.



Периодот на новогодишните празници вообичаено се карактеризира со зголемена злоупотреба и прекумерна употреба на пиротехничките средства, поради што во рамки на **Министерството веќе две години по ред се преземаат планирани мерки и активности преку воспоставување на оперативна акција**.

Министерството за внатрешни работи континуирано презема активности за јакнење на капацитетите за контрола на оружјето, за што посебно се истакнуваат активностите за спроведување на Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со малото и лесно оружје (МЛО) и нивната муниција во Западен Балкан, како и активностите за имплементацијата на Националната стратегија и акцискиот план за контрола на мало и лесно оружје.

## 4.7. КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ

Во 2025 година во областа за криумчарење на акцизни и други видови стоки откриени се 45 (51[3]) кривични дела и тоа: 26 дела „**криумчарење**", од кои три се квалификувани како **помагање**, четири **поттикнување,** а едно соизвршителство, 12 дела се за „**прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама**", а седум за „**избегнување на плаќање акциза**".




**Графички приказ бр.16- Кривични дела од областа на криумчарење акцизна стока**

[3] Податоците во заградата се однесуваат на 2024 година



Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи

Во споредба со 2024 година, кривичните дела бележат намалување за 11,7% при што за одбележување се реализираните заплени со тутун и цигари, кои годинава бележат зголемување во однос на претходниот период. Покрај ова, пораст бележат и реализациите за сузбивање на криминалот со криумчарење на возила, за што од страна на СВР Скопје и СВР Куманово беа реализирани четири случаи со заплена на вкупно 20 возила, меѓу кои има едно товарно возило и повеќе луксузни автомобили.

По однос на делата, кривично пријавени се 57(50) сторители, со тоа што три кривични дела се со непознат сторител, а во делот на заплените регистрирани се 837,7 килограми тутун, 426 штеки и 25.540 кутии со цигари, 9.800 филтри и 62 машинки за цигари, 76 пиротехнички средства, 19 патнички и едно товарно возило, 14 грла добиток, 322 риба, 20 парчиња мебел, 192 пакети со лустери, 300 парчиња теписи, стази или јоргани, пет душеци, шест перници, 120 брендирани фармерки, 1416 пара патики, 246 парчиња козметика, 935 парчиња разновидна облека, обувки и текстил, 456 парчиња алат, кујнски прибор и додатоци, 76 парчиња накит, 25 квадрати плочки, пет украсни пластики, украсна даска и 733 пратки со разновидна роба (текстил, книги, инкубатори, препарати за слабеење, бебешка опрема, разновиден алат, техничка опрема, накит, детски играчки, обувки, козметички производи и слично).







## 4.8. КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ
## 4.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД НАСИЛЕН КРИМИНАЛ

Регистрираните кривични дела од насилен криминал бележат пораст за 5,7% во однос на претходната година. Регистрирани се вкупно 2.020 (1.943) кривични дела, од кои најбројни се „загрозување на сигурноста“, „предизвикување општа опасност“, „насилства“, „тешка телесна повреда“, „загрозување на сигурноста со опасно орудие при тепачка или караница“, при што насилствата и тешките телесни повреди се намалени за 10, односно 14% во однос на претходната година, а останатите дела бележат зголемен тренд кој процентуално се движи 6 до 13%. Од останатите дела со елементи на насилство, забележан е намален тренд кај уцените и грабнувањата, противправно лишување од слобода е на исто ниво како лани, додека изнудите и лихварството се во зголемување.

### 4.8.1.1 УБИСТВА

Во 2025 година, регистрирани се **22 убиства, од кои едно од небрежност.** Според локација,  шест убиства се на подрачје на СВР Скопје (Бутел, Волково, Бит Пазар, Шуто Оризари, Батинци и Психијатриска Клиника-Бардовци), по четири на подрачјата на СВР Велес и СВР Тетово, три на подрачје на СВР Штип, две на подрачје на СВР Струмица и по едно на подрачје на ОВР Крива Паланка, ОВР Кичево и ОВР Прилеп.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА УБИСТВА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
| **СВР СКОПЈЕ** | 6 | 8 | 9 |
| **СВР БИТОЛА** | 1 | 3 | - |
| **СВР ВЕЛЕС** | 4 | - | 4 |
| **СВР КУМАНОВО** | 1 | 2 | 3 |
| **СВР ОХРИД** | 1 | 1 | 1 |
| **СВР СТРУМИЦА** | 2 | - | 3 |
| **СВР ТЕТОВО** | 4 | 4 | 1 |
| **СВР ШТИП** | 3 | 3 | 2 |
| **ВКУПНО** | **22** | **21** | 23 |

**Табеларен приказ бр.20-Кривични дела убиства по СВР**

По преземени мерки, расветлени **се 21 убиство за што мерки на кривичен прогон се преземени против 30 лица (од нив седум лица се пријавени за соизвршителство), а нерасветлено останува само убиството на подрачје на СВР Тетово**.

Половина од убиствата се извршени со огнено оружје-11, шест убиства се со погоден предмет (остар предмет, мотика, тесла и стаклено шише), три со нож и едно со употреба на физичка сила (задушување).

Жртви на убиствата се 24 лица, од кои 18 од машки и шест од женски пол. Во два случаи се работи за двојни убиства, при што сторителите се самоубиле по извршување на убиствата, а шест се извршени при семејно насилство.

**Три убиства се резултат на вооружени престрелки помеѓу поголеми групи на лица, сите три расветлени:**
-на подрачје на Скопје вооружена престрелка помеѓу две групи, во која било убиено 36 годишно лице;
- на подрачје на Скопје, пред ПС ОН-Бит Пазар, од пукање од огнено оружје помеѓу две групи од по пет-шест лица загинало 31 годишно лице;
-на подрачје на Тетово убиено 45-годишно лице од Тетово, а четири лица (сопатник и тројца случајни минувачи) беа тешко телесно повредени (три од пукањето и еден од прегазување).

### 4.8.1.2 ОБИДИ ЗА УБИСТВА

Кривичните дела „убиство во обид“ се во намалување за 9,6%. Регистрирани се вкупно 47 кривични дела (од нив две се за соизвршителство). Три обиди се извршени со употреба на огнено оружје.

Според локација, најголем дел се на подрачје на СВР Скопје-19, по шест се на подрачјата на СВР Битола и СВР Охрид, пет обиди за убиства се регистрирани на подрачје на СВР Штип, а по четири на подрачје на СВР Куманово и СВР Струмица, при што и на двете подрачја е забележано намалување на кривичните дела за 20%.




Споредбено со претходната година, значителен пораст на кривичните дела е забележан на подрачјата на СВР Штип, СВР Битола и СВР Охрид, на подрачје на СВР Тетово оваа година, обидите за убиства се намалени за 70%, додека на подрачје на СВР Велес не се регистрирани ваков вид на кривични дела. Во однос на сторителите, мерки се преземени против 47 лица, од кои три се деца.

### 4.8.1.3 САМОУБИСТВА

Бројот на извршени самоубиства бележи зголемување за 37,3%. Во текот на 2025 година, регистрирани се вкупно 114(83) случаи, од нив најголем број на подрачје СВР Скопје – 32(25) каде е евидентиран пораст за 28%, по што следуваат подрачјата на СВР Велес – 21 (шест), СВР Штип – 16 (14), СВР Куманово – 15 (седум) и во помал број на другите подрачја.

Најголем дел од самоубиствата и годинава ги извршиле лица од машки пол – 88 најчесто на возраст од над 30 години, а седум лица биле на возраст од 18 до 30 години. Во најголемиот дел од случаите не се утврдени во целост вистинските причини, но во значителен процент како мотив за извршување се наведува нервното растројство. Според начинот на извршување, во 53 случаи лицата си го одзеле животот со бесење, во 25 случаи станува збор за скокање од височина, 12 лица употребиле огнено оружје, а во помал број се работи за труење со отровни материи и давење во вода и сечење на вени.

### 4.8.1.4 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ -ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА

Министерството преземаше мерки за расчистување на 294 (241) несреќни случаи-задес и 242 (229) несреќни случаи при работа. Во несреќните случаи-задеси животот го загубиле 34 лица, 67 се тешко телесно повредени, а 185 лица се со телесни

повреди. Според локација, најголем дел од несреќните случаи-задеси се случиле на подрачје на СВР Тетово-177 (109), а најмалку на подрачје на СВР Охрид-два (три). Во несреќните случаи при работа, животот го загубиле 12 лица, 77 биле тешко телесно повредени, а на 152 лица им биле нанесени телесни повреди. По подрачје, најмногу се застапени на подрачјето на СВР Штип - 85, СВР Велес - 48, СВР Струмица - 36 и СВР Тетово - 25. Инаку, најчеста причина поради која доаѓало до несреќните случаи е поради невнимание, а мал дел е поради непридржување кон заштитните мерки и нестручност.

## 4.8.1.5 ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ

Регистрирани се вкупно 360 (340) кривични дела **предизвикување општа опасност**, од кои по две се продолжени кривични дела, во обид и извршени во соизвршителство, а по едно се помагање и поттикнување при вршење на делата.

Најголем дел се на подрачје на СВР Скопје-122, кои бележат намален тренд за речиси 15 %, а значително е зголемен бројот на делата и на подрачјето на СВР Штип како резултат на преземените активности во врска со пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани.




**Графички приказ бр.17- Регистрирани кривични дела „предизвикување општа опасност“ по организациски единици**

### Опожарени возила

Најчест објект на напад при вршење на кривичните дела „предизвикување општа опасност“ се возилата, при што во 2025 година, трендот на регистрирани настани со опожарени возила е на исто ниво со регистрирани 87 настани во кои опожарени се вкупно 122 возила, од кои доминантни се опожарувања на патнички возила, а во мал обем опожарени се автобуси, сопственост на туристичка агенција, товарни возила, работни машини-багери, мотоцикли и глисер. Во контекст на сопственоста на возилата забележан е по еден случај со опожарување на возило кое е во сопственост на семејство на Јавен обвинител, директор во Центар за јавно здравје и вработен во КПУ Идризово, како и два случаи со опожарување на возила кои се во сопственост на вработени во МВР.



Во **три случаи со повреди се здобиле повеќе лица**, при што карактеристичен е случајот во Скопје, каде при опожарување на патничко возило паркирано во приземна гаража, пожарот се проширил и зафатил кат од куќа, а како последица на истото, поради вдишување на чад лекарска помош побарале двајца сопружници и две деца.

**Кривични дела „тешки дела против општата сигурност“ в.в. „предизвикување општа опасност“**

Регистрирани се и 27 кривични дела „тешки дела против општата сигурност“ в.в. „предизвикување општа опасност“, за што кривично се пријавени 92 сторители, од кои четири правни лица. По подрачја, осум се во СВР Штип, шест во СВР Скопје, четири во СВР Струмица, по три во СВР Куманово и СВР Тетово, две на подрачје на СВР Охрид и едно на подрачје на СВР Велес. Карактеристичен е настанот во кој повредено е 17 годишно девојче кое се здобило со тешки телесни повреди при пад од рингишпил, бидејќи управителот на правното лице - организатор на забавниот парк, го стартувал рингишпилот без претходно да изврши проверка на сигурносните синџири за лицата. Против управителот е поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „тешки дела против општата сигурност“ и против правното лице за сторено кривично дело “предизвикување општа опасност“.

## 4.8.1.6 НАСИЛСТВО

Регистрирани се 315 кривични дела „насилства“ за што мерки на кривичен прогон се преземени против 623 лица, од кои едно е вработен во Министерството за внатрешни работи (СВР Скопје). Модусот кој се користи е најчесто со употреба на физичка сила или закана со остри и тврди предмети, а мотивот е најчесто поради недоразбирање (семејно, моментално или во сообраќајот), поради нерасчистени имотно правни односи или поради должничко-доверителни односи.




**Графички приказ бр.18- Регистрирани кривични дела „насилство“ по Сектори за внатрешни работи – 2025/2024 година**

Најголема застапеност на „насилствата“ бележи подрачјето на СВР Скопје- регистрирани се 121 кривични дела, исто како и претходната година. Во топ три подрачја по застапеност на извршување на делата се СВР Тетово со регистрирани 65 кривични дела и СВР Куманово-38.

Споредбено со претходната година, насилствата бележат намален тренд за повеќе од 10%, при што најголемо намалување бележат подрачјата на СВР Велес и СВР Куманово, за повеќе од 40%, додека на подрачје на СВР Охрид, делата бележат значителен пораст за 145,5%.

## 4.8.1.7 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Кривичните дела во врска со семејното насилство во однос на 2024 година бележат пораст за 10%. Регистрирани се 1.195 (1.087)[4] кривични дела од кои најзастапени се кривичните дела „телесна повреда"-714 и „загрозување на сигурноста"-439 кривични дела. Најголем дел од кривичните дела се извршени на подрачје на СВР Скопје-256 и Тетово-180, а најмал број на кривични дела се регистрирани на подрачје на СВР Охрид-97 дела.







**Графички приказ бр.19- Регистрирани кривични дела, сторители и жртви на семејно насилство во 2025/2024 година и Графички приказ бр.20 – Жртви во кривични дела по категорија во 2025 година**

Регистрирани се вкупно 1.243 (1.108) сторители, од кои 131 се од женски пол, при што најбројни како сторители се сопрузите-484, потоа синовите-190 и мажи во вонбрачна заедница-109. Најголем дел од делата се извршени со употреба на физичка сила или закана, а во девет случаи делата се извршени со закана со огнено оружје, при што сторителите најчесто биле под дејство на психичко растројство или алкохол. При вршење на семејно насилство оваа година регистрирани се шест (три) убиства, од нив по две на подрачјата на СВР Велес и СВР Штип и по едно на подрачје на СВР Скопје и СВР Тетово. Во однос на жртвите, нивниот број е зголемен за 11,2% во однос на 2024 година. Регистрирани се 1.275 (1.146) жртви, од кои 1.033 се жени и 242 се мажи. Најголем дел сопругите се јавуваат како жртви на овие кривични дела-484, потоа мајка-115, жена во вонбрачна заедница-109, татко-93 и поранешна сопруга-88.

Прекршоците се речиси на исто ниво со незначителен пораст од 2,5%. Извршени се вкупно 284 (277) прекршоци над 337 жртви, а најчесто се работи за прекршок „физички напад"-88 и „карање, викање на јавно место"-75. За сторените прекршоци пријавени се вкупно 334 (337) прекршители, додека поплаките се зголемени за 29,1%.

[4] Податоците во заградата се однесуваат за 2024 година

Регистрирани се 5.436 поплаки, од нив 4.872 се поплаки за извршено психичко малтретирање. Причина за вршењето на семејно насилство во најголем број од случаите е растројство на сторителите, користење алкохол и наркотична дрога.

## 4.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

Кривичните дела против имотот се вообичаено доминантни на подрачјето на Северна Македонија. Во овој период регистрирани се 7.715 (9.410) кривични дела против имотот со што имотниот криминал бележи намален тренд за 18% , а по вид на кривични дела и понатаму најбројни и доминантни се тешките кражби и кражбите.

### 4.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ

Во текот на 2025 година регистрирани се 4.342 (5.825) тешки кражби, со што истите бележат намалување за 25,5% во однос на претходната година. Свеста на граѓаните и индивидуалните мерки кои се преземаат за обезбедување на имотот и објектите значително влијаат на состојбите во овој домен, при што позитивните трендови и намалувањето на тешките кражби се одраз и на оперативните и превентивните мерки кои ги презема полицијата.

| Регистрирани кривични дела<br>ТЕШКА КРАЖБА | | | |
|---|---|---|---|
| **СВР** | 2025 | 2024 | Промена во % |
| **СВР Скопје** | 2.354 | 3.217 | -26,8% |
| **СВР Битола** | 480 | 757 | -36,6% |
| **СВР Велес** | 212 | 220 | -3,6% |
| **СВР Куманово** | 261 | 262 | -0,4% |
| **СВР Охрид** | 147 | 263 | -44,1% |
| **СВР Струмица** | 191 | 237 | -19,4% |
| **СВР Тетово** | 212 | 245 | -13,5% |
| **СВР Штип** | 485 | 624 | -22,3% |
| **ВКУПНО** | 4.342 | 5825 | -25,5% |

**Табеларен приказ бр.21 - Кривични дела тешки кражби за 2025/2024 година**

Големината и населеноста на градовите ја детерминира динамиката на извршување на тешките кражби, поради што истите константно се најизразени на подрачје на град Скопје каде годинава се регистрирани 2.354 тешки кражби, по што следат и подрачјата на СВР Штип и СВР Битола со регистрирање на по 485, односно 480 дела. Трендот на намалување на тешките кражби е видлив во сите Сектори за внатрешни работи, со исклучок на СВР Куманово каде бројот на регистрираните кривични дела е ист како и минатата година.

Според објектот на напад, доминираат тешките кражби кои се извршени во станбени објекти и возила, по што следат тешките кражби кои се извршени во продавници.




| Најчесто нападнати објекти во 2025 година | |
|---|---|
| Куќа | 772 |
| Возила | 594 |
| Стан | 323 |
| Продавници | 280 |
| Викенд куќа | 209 |
| Велосипеди | 160 |
| Магацини | 79 |
| Верски објекти | 76 |
| Аптеки | 46 |
| Воспитно образовни објекти | 34 |

**Графички приказ бр.21 -Регистрирани тешки кражби за период 2020-2025 година и Табеларен приказ бр.22 Најчесто нападнати објекти** во 2025 година

Во 2025 година регистрирани се 1.304 (1.727) **тешки кражби во станбени објекти**, од кои 772 се во куќи, 323 во станови и 209 во викенд куќи, за што причинетата материјална штета е проценета во износ од околу 179,6 милиони денари. Споредбено со претходната година бројот на тешките кражби во станбените објекти е намален за 24,5%, со забележан пораст на процентот на расветлување кој се движи од 22,55 % кај куќите, 15,31% кај викенд-куќите и само 7,8 % кај становите.

**Тешките кражби во возилата** се намалени за 48%, за што регистрирани се 594 (1.145) дела, кои најчесто се извршени со кршење на стаклата и одземање на предмети, пари и техника која е оставена во возилата. Покрај ова, во намалување се и тешките кражби на велосипеди – 160 (227), а намален тренд е забележан и кај тешките кражби кај поедини специфични објекти, како што се спортските обложувалници, аптеките, магацините и угостителските објекти, додека бројноста на тешките кражби во верски и воспитно образовни објекти останува да биде на речиси исто ниво како и во претходната година.

Во 2025 година регистрирани се четири тешки кражби во пошти, а извршени се и по три тешки кражби во менувачници и златари кои често имаат позначителна материјална штета.







## 4.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА

Разбојништвата бележат намален тренд за 13,4%. Во 2025 година регистрирани се 155 разбојништва (од кои 28 се во обид, три со квалификација на соизвршителство и по едно за помагање и поттикнување). Според локацијата, разбојништвата во најголем дел се извршени на подрачје на СВР Скопје - 109, а во останатите СВР состојбите се поволни и се карактеризираат со регистрирање на најмногу до 11 вакви кривични дела.






**Графички приказ бр.22- Кривични дела разбојништва за 2025/2024 година**

Намалувањето на бројот на кривичните дела позитивно се рефлектира и на објектите на напад, при што статистичките параметри нотираат намалување на нападите кај специфичните деловни објекти, како што се спортски обложувалници, казината и бензинските пумпи. Покрај ова, нотирана е и зголемена ефикасност на полицијата, за што процентот на расветлување на разбојништвата е во пораст и годинава изнесува 39,7%, за разлика од лани кога истиот беше 34,2%.

## 4.8.2.3 ИЗМАМИ

Измамите бележат значителен пораст од 29% во 2025 година, при што регистрирани се 328 (254) измами, од кои 18 се во обид, 11 соизвршителство, 10 помагање и три со квалификација на продолжено кривично дело. По однос на наведените дела, кривично пријавени се вкупно 245 сторители, од кои 10 се правни лица, а 131 дело се со непознат сторител.

Најголем дел од измамите се регистрирани на подрачјата на СВР Скопје, СВР Тетово и СВР Охрид, а во споредба со претходната година, бројот на кривичните дела е зголемен во сите СВР, со тоа што регистрираниот пораст е најголем во СВР Куманово, СВР Штип и СВР Битола.



Според начинот на извршување измамите се јавуваат во различни форми, а како посебно карактеристични се јавуваат телефонските измами каде жртвите се измамени со наводи за сообраќајни незгоди на нивни блиски лица/членови од семејството кои наводно предизвикале смртна последица или пак имаат потреба за итна хируршка интервенција, за што под заблуда им се одземаат парични средства. Покрај ова, измамите се вршат и со лажни ветувања за донации, он-лајн работа, добивање социјална помош,

подигање на кредит, изнајмување на стан, растурање на магија, изигрување на договорени обврски и сл.

**Измамите со брзи кредити бележат намален тренд за 67,5%.** Евидентирани се 25 настани, во најголем дел на подрачје на СВР Скопје-осум и СВР Штип-седум, за што по преземени мерки и активности поднесени се 12 кривични пријави за сторени 32 кривични дела и 17 известувања, а кривично се пријавени 13 сторители.

## 4.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Кривичните дела од областа на културното наследство се минимално зголемени, при што во 2025 година регистрирани се осум (седум) кривични дела, од кои едно е за „помагање“, за кои мерки на кривичен прогон се преземени против 15 (шест) сторители.

| Законска квалификација | Кривични дела 2025 | Сторители 2025 |
|---|---|---|
| **Внесување на противправно прибавени добра под привремена заштита, културно наследство и природни реткости** | 1 | 1 |
| **Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости** | 1 | 1 |
| **Неовластена трговија со добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост** | 1 | 3 |
| **Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости** | 1 | 1 |
| **Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости** | 3 | 5 |
| **Помагање в.в. присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости** | 1 | 4 |
| **Вкупно** | **8** | **15** |

**Табеларен приказ бр.23-Кривични дела против културно наследство**

Најголем дел од делата се извршени со противправно присвојување на културните добра, а во по еден регистриран случај се работи за оштетување, неовластена трговија, внесување или изнесување на културните добра во странство.

Според локацијата, две дела се откриени на подрачје на Куманово и Свети Николе, а по едно дело е откриено во Демир Хисар, Кочани, Прилеп и Струга.





## 4.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ

Кривичните дела против половата слобода и половиот морал бележат намалување за 8,1%. Регистрирани се 124 (135) кривични дела, а по преземени мерки кривично се пријавени 121 сторител чиј број е во намалување за 16,6%. Според локацијата, најголем број дела се извршени на подрачјето на СВР Скопје-32, потоа СВР Битола-22 кривични дела, СВР Тетово-17, СВР Струмица –15, СВР Охрид-14, Штип-12 кривични дела и во помал број на подрачјата на останатите Сектори за внатрешни работи. Најголемо намалување на кривичните дела бележи подрачјето на СВР Куманово со откриено едно кривично дело, за разлика од лани кога беа откриени 14 кривични дела од оваа област.

Најбројни се кривичните дела „силување на дете кое не наполнило 15 години“-45 (33) извршени од 46 сторители, чиј број споредбено со претходната година е зголемен за 36,4%, „полово вознемирување“-34 (33) кривични дела и „полов напад и силување“-26 (31) дела, од кои две дела се нерасветлени. Од останатите инкриминации во помал број застапени се и делата „задоволување на полови страсти пред друг“-шест (17) чиј број е намален за 64,7%, како и „обљуба со злоупотреба на положбата“-три дела за што кривично се пријавени тројца сторители.




**Графички приказ бр.23 - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

При извршените кривични дела, како жртви се јавуваат 96 деца, во најголем дел се работи за деца од женски пол, а според возраста, истите се најчесто на возраст од 0 до 13 години.

## 4.8.4 ПОЖАРИ

Министерството и во 2025 година, преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Регистрирани се вкупно 3.709 (2.792) пожари, во кои пет (девет) лица починале. Најголем број од пожарите, се случени на подрачје на СВР Скопје-1.260, подрачје на СВР Битола-604, на подрачје на СВР Куманово-488 и СВР Тетово-431 пожари.



Регистрирани се 72 кривични дела „предизвикување општа опасност“, од кои 13 се против непознат сторител, а поднесени се и 472 известувања до ОЈО и едно кривично дело „предизвикување шумски пожар“, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 59 лица.

Во пожарите, починати се пет лица, 25 лица се здобиле со изгореници, 25 лица побарале лекарска помош поради вдишување на чад, од нив 12 се полициски службеници, а во еден случај пронајден е непознат леш.

## 4.9 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Министерството и во текот на изминатата година продолжи со активностите во насока на детектирање и санкционирање на настаните, појавите и состојбите поврзани со ширење говор на омраза и генерално на криминалот од омраза во целина. Во рамките на оваа област регистрирани се **вкупно 27 кривични дела кои содржат елементи на омраза**, што претставува намалување споредбено со 2024 година кога беа регистрирани 40 кривични дела. Преземените мерки и активности резултираа со расветлување на 23 кривични дела, за кои поднесени се 23 кривични пријави против 34 сторители. Во однос на половата структура 33 од сторителите се мажи и една жена, додека според старосната структура полнолетни се 24, а 10 од сторителите се деца.




**Графички приказ бр.24-Кривични дела од омраза за период 2025/2024 година**

Најголем број односно шест од кривичните дела се регистрирани на подрачје на СВР Скопје, потоа СВР Велес – пет, СВР Охрид - четири кривични дела, три од страна на Секторот за компјутерски криминал, по две на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Битола, Струмица, Тетово и Штип, како и СВР Куманово едно кривично дело.




**Графички приказ бр.25-Кривични дела од омраза по организациони единици за 2025 година**

Најбројни се кривичните дела „**ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем**“- 13, потоа „**предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа**“ – девет кривични дела, четири кривични дела „**загрозување на сигурноста**“ по пат на информатички систем и едно дело „**скврнавење на гроб**“.




**Графички приказ бр.26-Регистрирани кривични дела од омраза според вид**

Доминантен е трендот на вршење на делата преку информатички систем, за што и понатаму како најбројни се настаните со упатување на навредливи коментари, закани и повикување на насилство врз основа на **политичко уверување**-10, **националност** – шест и **етничко потекло** - три, кои се насочени кон актуелни политичари, политички партии и носители на јавни функции, потоа навреди и омаловажување на конкретен народ, етничка заедница, телевизиски медиум, повеќе физички лица како и полициски службеници.

Во преостанатите евидентирани настани, на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Битола, Куманово, Тетово и Охрид регистрирани се осум кривични дела извршени на јавен простор, од кои пет на национална основа, две врз основа на религија или уверување и едно врз основа на етничко потекло како заштитени карактеристики. Во четири од случаите станува збор за настани извршени во 2024 година кои се поврзани со одземање табла со натпис од Конзулат на странска земја, палење на државното знаме, извикување на националистички пароли, како и со оштетување на верски обележја, додека во преостанатите случаи било истакнато знаме со националистичка симболика, на фудбалски натпревар се скандирани националистички пароли, лице било нападнато и под присилба одземен му е дел од облека на кој имало државни симболи, а извршено е и скврнавење на гробови.

## 4.10 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

### 4.10.1 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Во областа на економскиот криминалитет пораст бележи бројот на регистрираните инкриминации и кривично пријавени сторители во споредба со 2024 година. Откриени се вкупно **1.444** (1.052) кривични дела, за што кривично се пријавени **1.768** (1.130) сторители. Вкупната материјалната штета која е причинета на Буџетот на Северна Македонија, општинските буџети, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти, изнесува над 11,75 милијарди денари и бележи повеќекратен пораст во однос на 2024 година кога истата изнесуваше 1,77 милијарди денари. Исто како и претходната година, најголем број на кривични дела се регистрирани на подрачјето на СВР Тетово-300 (219), по што следуваат СВР Охрид – 276 (170), СВР Скопје – 196 (161) и СВР Струмица – 166 (86), додека најмал број на подрачјето на СВР Велес – 51 (57).

| Економски криминалитет | кривични дела-2025 | кривични дела-2024 | зголемување/ намалување во % | Сторители 2025 | Сторители 2024 | зголемување/ намалување во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР СКОПЈЕ** | **196** | 161 | 21,7% | **246** | 136 | 80,9% |
| **СВР БИТОЛА** | **147** | 143 | 2,8% | **145** | 134 | 8,2% |
| **СВР ВЕЛЕС** | **51** | 57 | -10,5% | **50** | 66 | -24,2% |
| **СВР КУМАНОВО** | **142** | 77 | 84,4% | **160** | 84 | 90,5% |
| **СВР ОХРИД** | **276** | 170 | 62,4% | **301** | 181 | 66,3% |
| **СВР СТРУМИЦА** | **166** | 86 | 93% | **210** | 109 | 92,7% |
| **СВР ТЕТОВО** | **300** | 219 | 37% | **334** | 216 | 54,6% |
| **СВР ШТИП** | **121** | 94 | 28,7% | **127** | 97 | 30,9% |
| **ОСОСК** | **45** | 45 | | **195** | 107 | 82,2% |
| **Вкупно** | **1.444** | **1.052** | **37,3%** | **1.768** | **1.130** | 56,5% |

**Табеларен приказ бр.24-Кривични дела и сторители од економски криминал по организациски единици**

Преземените активности во текот на годината резултираа со реализација на вкупно 1.233 од регистрираните кривични дела, со што е постигната вкупна ефикасност од 85,4% на национално ниво, а дополнително расветлени се и седум дела од минати години.

Годинава карактеристичен беше **порастот на кривичните дела против службената должност**, од кои голем дел спаѓаат во доменот на корупцијата, што се должи на зголемената активност на службите во насока на откривање на злоупотребите во овој домен, а значителен пораст е забележан и на кривичните дела од **областа на животната средина.**

Поединечно, најголем дел од кривичните дела се за „**бесправно градење**“ – 216 кои се зголемени за 45%, а како резултат на преземените засилени мерки за контрола во областа на сообраќајот, беа регистрирани за 30,3% поголем број на кривични дела „**вршење на јавен превоз без поседување лиценца**“ во однос на 2024 година, вкупно 185 за што кривично се пријавени 199 сторители, од нив седум се правни лица.

По ова следуваат „**злоупотреба на службена положба и овластување** – 148 (99), „**несовесно работење во службата“** – 89 (70), и „**неизвршување на судска одлука**“ – 80 (67), а значајно застапени се и „**повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма“** – 34 (четири) и „**лихварство**“ – 26 (две) кои бележат повеќекратен пораст, како „**фалсификување на службена исправа“** – 20 (23), „**злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство**“ – 19 (19), „**симнување или оштетување на службен печат или знак**“ – 16 (девет), „**даночно затајување**“ – 13 (14), „**прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама“** – 12 (16) и прекршувањата на одредбите од **Законот за девизно работење** – 12 (три) кривични дела, за кои кривично се пријавени 24 сторители.




**Графички приказ бр.27-Покарактеристични кривични дела од економски криминалитет 2025 година**

## 4.10.2 ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

**Еколошкиот криминал** е значаен сегмент во областа и во однос на 2024 година бележи висок тренд на пораст. Откриени се 290 кривични дела (лани 167), од нив расветлени се 231, а кривично пријавени се вкупно 320 сторители. Со најголема застапеност и понатаму се делата за „**узурпација на недвижности**“ – 146 (75) кривични дела и пријавени се 154 сторители, најмногу на подрачје на СВР Охрид-59 и СВР Тетово-43, по што следуваат кривичните дела „**мачење животни**“ – 47 (32), 31 (12) кривични дела „**незаконит риболов**“ и „**пустошење на шума**“ – 22 (18) дела.



Покрај ова, треба да се напомене дека за 2,5 пати зголемен е бројот на откриени прекршувања во управувањето со отпадни материи, регистрирани се 20 (осум) кривични дела „**загрозување на животната средина и природата со отпад**“, од нив 13 на подрачје на Скопје, три во Кичево и по едно на подрачје на Охрид, Струмица, Тетово и Кочани.

Повеќе од двојно зголемени се и инкриминациите поврзани со **незаконит лов** – 15 (седум), а евидентирани се и три кривични дела - „**убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна**“, по две „**загадување на животната средина и природата**“ и „**неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици**“, како и по едно „**загадување вода за пиење**“ и „**предизвикување шумски пожар**“.

## 4.10.3 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Состојбите во областа на компјутерскиот криминал во изминатата година укажуваат на прекинување на континуираниот тренд на прогресија кој преовладуваше во изминатите четири години. Во периодот јануари-декември 2025 година забележано е намалување на инкриминациите за 5% споредбено со претходната година. Во рамки на областа регистрирани се **320** (337) **кривични дела,** за кои кривично се пријавени **205** (167) **сторители**, а причинетата материјална штета бележи пад од 9,5% и истата се проценува над 23,7 (26,2) милиони денари. Детектирано е и минимално зголемување на ефикасноста во откривање на кривичните дела која изнесува 46,6% (45,7%), дополнително расветлени се и шест дела од минати години, додека сеуште нерасветлени се 171 дело.




**Графички приказ бр.28-Ефикасност во областа на компјутерскиот криминал за 2025 / 2024 година**

**Кривичните дела поврзани со платежните картички** се намалени за 9,5%, но и понатаму истите се најдоминантни, при што проблем во овој дел останува ефикасноста која периодов е исклучително ниска – 26,9% (31,7%). Покрај ова, карактеристичен е **значителниот пораст** од 162,5% на компјутерските измами чиј број е највисок од 2012 година наваму, додека настаните поврзани со загрозување на сигурноста на интернет и промовирање или поттикнување на омраза, дискриминација или насилство се **зголемени за околу 5%.** Во однос на останатите карактеристични состојби во областа треба да се напомене дека периодов за 43,1% намалени се случаите на **злоупотреба на лични податоци во онлајн просторот,** додека позитивен тренд на намалување од 41,7% има и кај кривичните дела поврзани со **сексуалната експлоатација на деца преку интернет**.

Над 55% од кривичните дела се регистрирани на подрачјата на СВР Скопје-85, СВР Битола-52 и СВР Велес – 43, додека на подрачјата на останатите сектори бројот на дела се движи од пет до 40, со напомена дека и 13 кривични дела се откриени од Секторот за компјутерски криминал. Во однос на постигнатата ефикасност во расветлувањето на кривично правните настани, истата е најмала на подрачјето на СВР Куманово-22,2% и СВР Битола каде изнесува 25%, а најголема е на подрачјата на СВР Струмица каде расветлени се 100% од делата, СВР Штип со 72,5% и СВР Велес со 55,8% ефикасност.

| Компјутерски криминал по организациони единици за 2025 година | кривични дела 2024 година | кривични дела 2025 година | КД со познат сторител | НН кривични дела | расветлени КД во извештаен период | сторители | материјална штета | Вкупна ефикасност во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СВР Скопје** | **57** | **82** | 31 | 51 | | **63** | 7.015.250 ден | **37,8%** |
| **СВР Битола** | **68** | **52** | 7 | 45 | 6 | **14** | 4.062.118 ден | **25%** |
| **СВР Велес** | **46** | **43** | 12 | 31 | 12 | **39** | 1.972.016 ден | **55,8%** |
| **СВР Куманово** | **30** | **18** | 2 | 16 | 2 | **5** | 1.671.242 ден | **22,2%** |
| **СВР Охрид** | **39** | **28** | 6 | 22 | 4 | **13** | 2.691.136 ден | **35,7%** |
| **СВР Струмица** | **7** | **5** | 5 | | | **5** | 64.800 ден | **100%** |
| **СВР Тетово** | **54** | **39** | 20 | 19 | | **21** | 2.650.128 ден | **51,3%** |
| **СВР Штип** | **29** | **40** | 10 | 30 | 19 | **31** | 1.829.500 ден | **72,5%** |
| **СКДФ** | **7** | **13** | 13 | | | **14** | 1.782.594 ден | **100%** |
| **Вкупно** | **337** | **320** | **106** | **214** | **43** | **205** | 23.738.784 ден | **46,6%** |

Табеларен приказ бр.25-Состојби во компјутерскиот криминал по организациони единици 2024/2025 година.

Најзастапено кривично дело е **„оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“ - 170 (179),** од кои расветлени се 45, како и четири дела од минати години, за што мерки на кривичен прогон се преземени против вкупно 60 сторители. Предизвиканата **материјална штета е проценета на над 14,9** (11,2) милиони денари. Регистрирани се и **29** (51) кривични дела **злоупотреба на лични податоци** преку компјутерски систем од кои 72,4% се расветлени, како и **седум** (12) кривични дела **„производство и дистрибуција на детска порнографија“**, од кои две се нерасветлени, а кривично пријавени се шест сторители.

Во областа на **ширење на расистички и ксенофобичен материјал и загрозување на сигурноста на интернет** регистрирани се **66** (63) кривични дела и пријавени се 65 (50) сторители, потоа следуваат **компјутерските измами** и во овој дел регистрирани се **42** (16) кривични дела, од нив расветлени се **22**.

За одбележување е случајот реализиран од СВР Скопје за што е **поднесена кривична пријава против 46 лица**, за сторени повеќе кривични дела „фалсификување исправа“, „злоупотреба на лични податоци“ и „компјутерска измама“, при што се стекнале со противправна имотна корист од 3,1 милион денари. Пријавените во период од 2022 до 2025 година, без согласност на граѓаните, користеле туѓи лични податоци, правеле лажни јавни исправи, преправале вистински јавни исправи и внесувале невистинити податоци во информатичките системи на десетина различни друштва за „брзи кредити“. Потоа со фалсификување на електронски потписи, без знаење на оштетените на нивно име земале кредити, создавајќи им обврска на лицата да ги враќаат наводно позајмените средства. Дел од пријавените, лажирале податоци за вработување на невработени лица, прикажувајќи ги како вработени и кредитоспособни, па врз основа на тие податоци од кредитните друштва извлекувале пари. Во случајот инволвирано е и службено лице вработено во Фондот за здравствено осигурување, кој преку својот компјутер од електронскиот систем на Фондот ги фалсификувал и злоупотребувал ЕЗБО на оштетените.

Исто така, СВР Штип кривично пријави 28 годишен државјанин на Португалија кој навлегувајќи во електронска комуникација испратил лажни банкарски инструкции за меѓународно плаќање на правно лице од Штип, кое извршило плаќање во износ од 228.974 денари кон неговата банкарска сметка наместо кон вистинскиот добавувач.

Во текот на годината, Секторот за компјутерски криминал се фокусираше на набљудување на интернет содржини на социјалните мрежи и интернет портали во рамки на своите надлежности со цел детектирање говор на омраза, загрозување на сигурност преку информатички пат. На официјалниот е-маил на Секторот за компјутерски криминал cybercrime@moi.gov.mk во 2025 година добиени се 331 пријава (103 пријави од правни, 201 пријава од физички лица и седум пријави од мониторинг на интернет  просторот).





Еден од најзначајните постигнати резултати во 2025 година е процесот на **поврзување на Секторот за компјутерски криминал со ИНТЕРПОЛ I-24/7 мрежата**, со цел користење на базата за сексуална експлоатација на деца (INTERPOL Child Sexual Exploitation – ICSE), како и други специјализирани алатки на ИНТЕРПОЛ наменети за сузбивање на компјутерскиот криминал.

Секторот активно учествуваше во процесот на **изработка на новата Стратегија за превенција и борба против компјутерскиот криминал**, во соработка со проектот „Rule of Law“ (Поддршка на Европската Унија за владеење на правото). Во рамките на истата соработка, беа реализирани активности за изработка на **„Водич за водење истраги за интернет измами“**, кој е подготвен на македонски и англиски јазик.

Секторот за компјутерски криминал активно учествуваше и во меѓународниот проект **„Gandalf“**, кој претставува иновативна рамка за повеќе ресорска и меѓународна соработка во областа на детекција и истрага на компјутерски криминал. Преку редовни онлајн состаноци со претставници од земјите учеснички беше дефиниран акцискиот план и беа прецизирани активностите кои ќе се реализираат во наредниот период, со цел примена на најсовремени методи за откривање и анализирање на компјутерски криминал.

## 4.11 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

### 4.11.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА

Во областа на граничното работење, Одделот активно беше вклучен во активностите за справување со илегалната миграција, во процесот на пристапување кон ЕУ преку учество во активностите на Комитетот за стабилизација и асоцијација (Поткомитет за правда и внатрешни работи), во изработка на Патоказот за владеење на правото и во активностите на Европската мрежа за миграции (EMN).

Со надлежните гранични служби на соседните земји остварени се вкупно 716 средби и контакти на сите нивоа, што претставува зголемување од 35% во однос на претходната година, а реализирани се и 441 мешани патроли, во најголем дел на границата со Косово-125 и Бугарија-116 мешани патроли, а со ***Заедничките контакт центри за полициска соработка*** размената на информации во 2025 година е **зголемена за 10%,** односно разменети **вкупно 1.289 (1.174) информации** со надлежните органи на соседните држави.

#### Учество во заеднички оперативни активности

Секторот за гранични операции, беше вклучен и во организација и реализација на оперативни активности во рамки на имплементација на ЕМPACT Оперативниот акционен план 2025 предводени од Frontex и други агенции, меѓу кои позначајни се: Заеднички акциски денови JAD Danube 10, 13.06-23.06.2025 година, Заедничка меѓународна операција Liberterra - Veka, 10-14.11.2025 година и Заеднички акциски денови JAD Mobile 8, 20.10-31.10.2025 година,

Соработката со Frontex – EBCGA се реализираше и во текот на 2025 година, при што приоритет беше даден на имплементацијата на Заедничката операција на Frontex JO North Macedonia 2025, во чии рамки Секторот организираше и беше домаќин на три посети од Канцеларијата за фундаментални права на Frontex со цел мониторинг на начинот на имплементација на Заедничката операција, додека полициски службеници од граничната полиција учествуваа на вкупно 18 меѓународни настани организирани или поддржани од Frontex.

#### Учество во меѓународни програми и проекти

Секторот за гранични операции активно учествуваше во меѓународни програми, проекти и иницијативи од областа на граничното работење, меѓу кои како познајзначајни се издвојуваат:

- ✓ „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан и Турција“ (IPA 2, фаза 3, каде главни партнери се Frontex-EBCGA, EUAA, IOM и UNHCR);
- ✓ „Јакнење на капацитетите за управување со нерегуларна миграција и борба против организираниот криминал во Северна Македонија- IOM подржан од ЕК;
- ✓ “Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Северна Македонија” (IOM Проект, поддржан од ЕУ);
- ✓ „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“ (Frontex, IPA);

- „AIRCOP- Заедничка акција на EU и UNODC за промовирање на законот и добро управување преку таргетирани мерки за гранична контрола на пристаништа и аердроми„ (UNODC);
- „Воспоставување и надградба на процесот на идентификација и регистрација на мешаните миграции во Северна Македонија заради поврзувањето со информациските системи на ЕУ“ финансиран од ЕУ,
- Соработка со групата за поддршка на Иницијативата за интегрирано гранично управување со внатрешна безбедност,
- Проект на ИПА „Поддршка при превенција и сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе во земјите од Западен Балкан“- EU4FAST- CIVIPOL;
- „Зајакнување на регионалната соработка за управување со миграцијата помеѓу Западен Балкан и соседните земји-членки на ЕУ во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди- MIRCO“ (Шведска, ICMPD).

## 4.11.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР

Во делот на граничната контрола и граничен надзор, континуирано се следеше состојбата и беа давани инструкции за надминување на одредени констатирани недостатоци при извршување на работните задачи, а беа преземени и координативни активности поврзани со заштита на сведоци на граничните премини.

Воспоставена е гранична контрола на патници и возила со едно застанување на државната граница кон Косово и Србија и тоа:

- на 12.04.2025 година, на македонско-косовската граница е отворен One Stop Shop на граничните премини ГП Блаце и ГП Хани Елезит – Косово;
- на 28.05.2025 година воспоставен е истиот систем на македонско – косовската граница на ГП Јажинце – ГП Глобочица;
- на 04.07.2025 година системот со едно запирање е воспоставен на најфреквентниот граничен премин Табановце - Прешево на македонско-српската граница. Овој систем е информатички унапреден за разлика од претходниот систем во кој на граничниот премин во функција беа контроли од полициски службеници од двете држави.





Дежурните во НКЦГУ остваруваа 24 часовна размена на податоци и информации меѓу институциите кои се дел од системот, особено со Царинската управа со која

дневно се разменуваа податоци за состојбите на граничните премини – технички проблеми, оптовареност, евентуален застој, потреба од заеднички настап на службите на терен итн.

Во текот на 2025 година за потребите на организационите единици на граничната полиција преку донации од странски партнерски земји и организации извршена е набавка на технички средства и опрема (четири дронови, два детектори за откривање на срцеви отчукувања, пет термални камери со долг домет, 30 рачни уреди за проверка на документи и едно половно теренско возило) во вкупна вредност од **167.902 евра.**

## 4.11.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПРОТИВ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

### 4.11.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ

На граничните премини регистрирани се **вкупно 32.150.639 патници**, од нив 16.474.822 патници се регистрирани на влез во државата, а останатите 15.675.817 се на излез. Најфреквентни се граничните премини на Косово и Србија со регистрирани по над седум и пол милиони патници, како и граничниот премин со Грција, со регистрирани над шест и пол милиони патници, при што најголема раздвиженост на патниците на граничните премини е забележана за време на летните месеци.




**Графички приказ бр.29-Проток на патници по граници 2025/2024 година**

Најголем дел од патниците ги користеле граничните премин „Табановце“-7.372.468 и „Блаце“-6.298.289, како и ГП „Богородица“-4.034.299 патници, а во топ пет гранични премини спаѓаат и граничниот премин „Меѓународниот аеродром Скопје“ со регистрирани околу 3,2 милиони патници и граничниот премин „Ќафасан“ со 2.289.435 патници.




**Графички приказ бр.30-Најфрекфентни гранични премини во 2025 година**

**Во однос на земјата од каде потекнуваат,** најзастапени се патниците од соседните земји и тоа : српските-4.199.892, косовските државјани-3.382.006, потоа, албанските-2.602.085, грчките-1.886.111, турските државјани-1.173.805 бугарските-1.022.469, германските-720.191, романските-443.319, швајцарските -285.399, полските државјани-261.289, унгарските државјани-257.569 итн.

## 4.11.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

На граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во Северна Македонија на **2.683 странски државјани**, во најголем број на турски државјани-764, потоа албански-478, косовски-158, руски-99, индиски-89, германски-80, српски-57, државјани на Азербејџан-55, бугарски-38, кинески-37 и во помал број други странски државјани. Оваа година во најголем број на странските државјани не им е дозволен влез на граничните премини „Меѓународен Аеродром Скопје“-995, потоа на граничниот премин „Долно Блаце“ на границата со Косово-495, на граничниот премин „Табановце“ на границата со Србија-247 патници и на граничните премини„Блато“-210 и „Ќафасан“-201 на границата со Албанија.

- не поседување документи за целта на престојот
- не поседување важечка виза за влез во државата
- немање важечка патна исправа
- не поседување доволно парични средства
- престој подолг од 90 дена во текот на шест месечен период

**Графички приказ бр.31- Најчести причини за недозволен влез на странски државјани**

Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен **излез** на **560** странски државјани кои се зголемени за 14,5% во однос на претходната година. По државјанство, најбројни се турските државјани-214, потоа албанските-81, косовските-36, српските-29, германските-24, бугарските-18, државјани на САД-13 итн.

По граници, најголем дел од лицата на кои не им е дозволен излез е на граничниот премин на Меѓународниот аеродром Скопје-284 лица, како и на граничните премини „Долно Блаце“-63, „Табановце“-51 и „Деве Баир“-44 лица итн.

- пречекорен престој
- не поседување важечка патна исправа или лична карта
- употреба на фалсификувана и/или туѓа патна исправа
- не исполнува услови за влез во трета земја
- сторено кривично дело или прекршок

**Графички приказ бр.32- Најчести причини за недозволен излез на странски државјани**

## 4.11.3.3 ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ ПРОТИВ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

**Преземените мерки против странските државјани** поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Северна Македонија бележат зголемување за 8,2% во однос на **лани.** Во рамки на овие мерки поднесени се кривични пријави против 463 (428) странски државјани, од кои најзастапени сторители се **државјаните на Турција-129, а во топ пет застапени се и Албанија-61, Косово-52,** Србија-44, Бугарија-17, Германија и Романија по 14 лица, Грција-13 итн.

Најголем број од кривичните дела извршени од странски државјани се „фалсификување исправа“-80, „загрозување на безбедноста во сообраќајот“-67, „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“-55, „криумчарење на мигранти“-24, „тешки кражби“-18 и „кражби“-16.

| | Фалсификување исправа | Загрозување на безбедноста во сообраќајот | НТ дрога | Криумчарење мигранти |
|---|---|---|---|---|
| | ↓ | ↓ | ↗ | ↓ |
| 2025 | 80 | 67 | 55 | 24 |
| 2024 | 87 | 77 | 17 | 26 |

**Графички приказ бр.33- Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани**

Во делот на прекршоците, бележиме зголемен тренд за 44,7% споредено со 2024 година. Поднесени се 2.106 (1.455) прекршочни пријави против странски државјани, од нив најмногу прекршоци се извршени од страна на турските државјани-728, потоа албанските-295, германските-108, грчките-129, српските-90, државјаните на САД-70, косовските државјани-63, бугарските-62, австралиските државјани-45 итн. Според законските основи, најголем дел од прекршоците се извршени по **Законот за странци-1.322,** најчесто поради **пречекорен престој-439** и поради незаконски престој во Северна Македонија-394 прекршоци. Во голем процент, застапени се и прекршоците согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата-707, од Законот за гранична контрола-39, Законот за прекршоци против јавниот ред и мир-23 прекршоци и од други закони-15 прекршоци.




**Графички приказ бр.34- Најзастапени странски државјани против кои се преземени прекршочни мерки**

## 4.11.3.4 ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Илегалната миграција е актуелна закана во Северна Македонија и во текот на 2025 година, со забележан намален тренд за 10,9% на бројот на спречени обиди за илегални преминувања. На границите со соседните земји **спречени се 6.061 обиди за илегални преминувања,** лани-6.809 обиди. На влез спречени се 4.299 обиди, најголем дел на граница со Грција-4.070, а останатите 1.762 обиди се спречени при излез.

Јужната граница сеуште е клучна точка за влез на мигрантите и нивно натамошно движење, што се огледа и во бројот на спречени обиди на границата со Грција- 4.230, каде е забележано намалување на обидите за 1,6%. Во најголем дел се работи за мигранти кои подолго време се на територија на Грција, и во неколку наврати се обидуваат да заминат, но се враќаат и чекаат одреден период да помине за повторно да заминат кон крајната дестинација.



| СПРЕЧЕНИ ОБИДИ ЗА ИЛЕГАЛНИ ПРЕМИНУВАЊА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 година | 2024 година | Промена % |
| ГРЦИЈА | 4230 | 4297 | -1,6% |
| АЛБАНИЈА | 106 | 41 | 158,5% |
| СРБИЈА | 1654 | 2328 | -28,9% |
| КОСОВО | 48 | 108 | -55,6% |
| БУГАРИЈА | 23 | 35 | -34,3% |
| ВКУПНО | 6061 | 6809 | -10,9% |

Табеларен приказ бр.26- Спречени обиди за илегални преминувања во 2025/2024 година

Северната граница со Србија и понатаму се користи како излезно место од државата, при што изминатиот период на ова подрачје регистрирано е намалување на обидите за околу 28,9%. Во најголем дел се работи за мигранти од Египет, Авганистан, Сирија и Ирак, додека на влез најчесто се лица по потекло од Египет и Непал.

Бројот на обиди на границата со Косово е во намалување за повеќе од 55%, спречени се 48 обиди, по потекло од Мароко, Северна Македонија, Пакистан, Палестина, Косово, Непал, Либија, Ирак, Египет, Турција и од Јужно Африканската Република.

На западната граница, доминираат обидите на албански државјани кои илегално преминуваат најчесто во пограничните села заради сезонска работа, додека на источната граница со Бугарија забележано е намалување од 34,3%, при што доминираат обиди по потекло од Мароко и Алжир.

## Илегални преминувања по земја на потекло

Најзастапени се обидите на лица по потекло од Египет-1.827 чиј број бележи повеќе од трикратно зголемување во споредба со претходната година. Во топ пет земји се вбројуваат и обидите на лица од Авганистан-1.274, кои се исто повеќекратно зголемени, потоа Сирија-447, чиј број бележи повеќекратно намалување во однос на лани, намален е и бројот на обиди од Мароко-417, а бројот на обиди на лица од Судан оваа година бележи значително зголемување со 372 спречени обиди.




Графички приказ бр.35-Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2025/2024 година

## 4.11.3.5 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

Во 2025 година, намален тренд за речиси 50% бележи бројот на лица баратели на азил. До Секторот за азил, поднесени се **нови барања за азил од страна на 171 (334) лице.** Од вкупниот број на лица, 121 лице се полнолетни, 50 деца (од нив 13 лица се деца без придружба). Според полот, 109 се од машки пол, а 62 лица од женски пол, а во однос на земјата на потекло, најбројни се од Сирија-52, Непал-26, Турција-21, Авганистан и Ирак по 15 лица итн.




**Графички приказ бр. 36- Баратели на азил по земја на потекло**

Секторот за азил, во текот на годината нема донесено решение со кое се признава меѓународна заштита, а главна причина е фактот што многу брзо по поднесување на барањето го напуштаат Центарот за баратели на азил или пак поднесуваат барање за азил со цел да одбегнат одговорност најчесто кривична или да го одложат протерувањето. Што се однесува до исходот од постапката, за 17 лица донесено е решение со кое се одбива барањето за меѓународна заштита, за 140 лица запрена е постапката за меѓународна заштита, додека за 14 лица постапката е во тек.

Република Северна Македонија, згрижува 14 лица со статус на бегалец, најголем дел се од Косово-девет, три од Конго и две од Сирија. Истовремено, нашата држава згрижува и шест лица со статус на супсидијарна заштита, од кои четири лица, кои престојуваат по овој основ се од косовската криза во 1999 година.  Владата на Република Северна Македонија со одлука по трет пат ја продолжи привремената заштита за лица од Украина.

## 4.12 ЈАВЕН РЕД И МИР

Во областа на јавниот ред и мир, континуирано се следеше безбедносната состојба на ниво на цела држава, со посебен акцент на спречување на нарушувања и насилства од посериозен карактер.

Регистрирани се **два настани поврзани со прославата по повод празникот „Ден на Албанското знаме“** на подрачје на Куманово и тоа во првиот случај, лишено е лице од слобода кое на возило имало истакнато знамиња на „Голема Албанија“ и на „УЧК“. Во вториот случај, забележани се повеќе лице, при што биле сопрени две лица од кои едното носел фантомка и одбило да се легитимира, додека од второто лице бил одземен тврд метален предмет. Исто така сопственик на кафе бар пријавил дека му е одземено албанско знаме од поголема група лица.

Министерството за внатрешни работи презеде плански и организирани активности за безбедно одвивање на ОА „Локални избори 2025, а како резултат на овие мерки **не беа регистрирани сериозни безбедносни настани односно, изборите поминаа во мирна, фер и демократска атмосфера.**

Во текот на годината, беа преземени активности во делот на планирањето и подготовките за функционирање во воена, вонредна и сложена безбедносна состојба и резервен состав на полицијата, согласно донесената Одлука на Владата на Република Северна Македонија за прогласена кризна состојба на цела територија поради зголемена појава на пожари како и кризната состојба прогласена на дел од територијата на државата (подрачјето на Општина Гази Баба) заради обезбедување на КПУ Идризово.

Во делот на превентивните активности, беше земено учество во организација и спроведување на две симулациски вежби: „Сообраќајна незгода помеѓу патничко возило комбе кое превезува мигранти и патнички автобус со поголем број на повредени лица и жртви“ и „Симулациска вежба на Меѓународен аеродром Скопје“.

Покрај ова, беше земено активно учество и во следните проекти:

- Проект спроведен со Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија и основните и средните училишта на територија на Северна Македонија- превентивна кампања „Кажи НЕ на пиротехнички средства“;
- Проект спроведен со Црвениот крст преку симулациски вежби на тема „СТОП на употреба на пиротехнички средства“.



### 4.12.1 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ

Постојано ангажирање на полициските службеници и преземање мерки и активности наложуваа и одржаните 783 протестни собирања. Поголем дел од нив беа најавени согласно одредбите од Законот за јавни собири. Најголем број од собирите се одржани на подрачјето на СВР Скопје-239, СВР Битола-194, СВР Штип-130 и СВР Струмица-110.

Најголем дел од протестите се одржани во врска со пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, одржување на трибини на политички партии во врска со претстојните локални избори, отворање на општински штабови, собири на политички партии и промовирање на кандидати за градоначалници, незадоволство во врска со сеча на шуми, загаден воздух, депониите Вардариште и Дрисла. На еден од собирите одржан во знак на почит кон жртвите во дискотеката „Пулс“ во Кочани, граѓаните **скандирале и фрлале камења**, јајца и портокали кон кафе бар „Класик“ кое е сопственост на лицето сопственик на дискотеката и го **искршиле** излог стаклото, а фрлале и камења кон куќата на Градоначалникот на Кочани.

## 4.12.2 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Прекршоците против јавниот ред и мир бележат зголемен тренд за 6,8% во однос на 2024 година. Регистрирани се 6.941 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка. Најголем број прекршоци се извршени на подрачје на СВР Скопје-2.562 каде истите се зголемени за речиси 50%, потоа на подрачјето на СВР Тетово-576, Секторите за внатрешни работи Куманово-688 и Штип-682, СВР Струмица-654, СВР Охрид-640 и СВР Битола-615 прекршоци.

Јавниот ред и мир најчесто е нарушен во градска средина, на отворен простор, а според начинот истите во најголем процент се извршени поединечно.

| | ПРЕКРШОЦИ | | | СТОРИТЕЛИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| СВР СКОПЈЕ | 2.562 | 1.723 | 48,7% | 3.376 | 2.277 | 48,3% |
| СВР БИТОЛА | 615 | 667 | -7,8% | 864 | 892 | -3,1% |
| СВР ВЕЛЕС | 514 | 597 | -13,9% | 653 | 840 | -22,3% |
| СВР КУМАНОВО | 688 | 654 | 5,2% | 904 | 856 | 5,6% |
| СВР ОХРИД | 640 | 707 | -9,5% | 798 | 951 | -16,1% |
| СВР СТРУМИЦА | 654 | 527 | 24,1% | 894 | 763 | 17,2% |
| СВР ТЕТОВО | 576 | 778 | -26% | 754 | 1.016 | -25,8% |
| СВР ШТИП | 682 | 834 | -18,2% | 974 | 1.223 | -20,4% |
| РЦ за ГР | 10 | 13 | -23,1% | 15 | 13 | 15,4% |
| ВКУПНО | 6.941 | 6.500 | 6,8% | 9.232 | 8.831 | 4,5% |

**Табеларен приказ бр. 27- Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители**

Според видот на прекршокот, најмногу барања се поднесени за „физички напад“-1.711, потоа „карање, викање, непристојно и дрско однесување“-1.076, „учество, предизвикување или поттикнување тепачка“-966, а во помал број „оддавање на пијанство на јавно место“-639 и „лажно повикување помош и пријавување настан“-592 прекршоци.

| ТОП ПЕТ ПРЕКРШОЦИ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
|---|---|---|---|
| „ФИЗИЧКИ НАПАД“ | **1.711** | **1.688** | 1,4% |
| „КАРАЊЕ, ВИКАЊЕ, НЕПРИСТОЈНО И ДРСКО ОДНЕСУВАЊЕ“ | 1.076 | 948 | 13,5% |
| „ УЧЕСТВО, ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ИЛИ ПОТТИКНУВАЊЕ ТЕПАЧКА“ | 966 | 715 | 35,1% |
| „ОДДАВАЊЕ НА ПИЈАНСТВО НА ЈАВНО МЕСТО“ | 639 | 584 | 9,4% |
| „ЛАЖНО ПОВИКУВАЊЕ ПОМОШ И ПРИЈАВУВАЊЕ НАСТАН“ | **592** | **461** | 28,4% |

**Табеларен приказ бр.28- Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања по ЈРМ**

## 4.12.3 НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА

Еден од важните приоритети на полицијата е одржување на поволна безбедносна состојба со минимизирање на нарушувањата извршени меѓу деца во и околу училишта. Во текот на 2025 година, настаните на насилно однесување меѓу ученици бележат зголемен тренд за речиси 10%, со регистрирани 119 настани или 10 повеќе од 2024 година.

Најголем дел од настаните се регистрирани на подрачјето на СВР Скопје-45, потоа следуваат подрачјето на СВР Тетово со регистрирани 31 настан, СВР Куманово со регистрирани 12 настани, додека на останатите подрачја бројот на настани се движи од четири до осум настани на насилства меѓу ученици.






Над 75% од насилствата се извршени во кругот на основните училишта, а помал број во кругот на средните училишта, најчесто со физички напади меѓу учениците, во 11 случаи дошло до тепачка меѓу истите, во три случаи извршено е неовластено снимање со мобилен телефон и една од снимките е објавена на социјалните мрежи, во два случаи извршено е силување на дете, а во по еден случај ученик е повреден со нож и од ученичка во повеќе наврати се изнудувани парични средства за да не биде повреден нејзиниот брат.

Во делот на **нарушувања на меѓунационална основа** во текот на 2025 година регистриран е еден настан на подрачје на СВР Тетово, каде како непосреден мотив на нарушувањето е меѓусебно недоразбирање помеѓу деца од албанска и македонска етничка припадност. Настанот е расчистен и целосно документиран со поднесување на кривична пријава.

Во рамки на преземените мерки поднесени се кривични пријави за сторени 32 кривични дела, од кои во најголем дел се работи за „насилство“-16, потоа девет кривични дела се „насилство врз дете“, две „тешка телесна повреда“ и по едно „силување на дете кое не наполнило 15 години“, „полов напад и силување“, „уцена“, „неовластено снимање“ и „телесна повреда кон лице ранлива категорија“. Покрај ова, за пет настани поднесени се известувања до ОЈО, а во делот на прекршоците поднесени се вкупно 59 барања за поведување на прекршочна постапка за сторени прекршоци по ЗППЈРМ, најчесто за нарушен ЈРМ со физички напад.

## 4.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Во делот на **спортските настани регистрирани се 127 нарушувања**, од кои 80% се на фудбалски натпревари, 11 нарушувања на ракометни и пет на кошаркарски натпревари, во кои на 19 лица им се нанесени телесни повреди. Според локација, најголем дел од нарушувањата се регистрирани на подрачјето на Скопје-68, 16 се на подрачје на СВР Куманово, 12 се во СВР Велес, 11 во СВР Тетово, осум на подрачје на СВР Струмица и во помал број во другите градови. Најголем дел од нарушувањата се однесуваат на палење и фрлање на пиротехнички средства, додека во Штип за време на натпревар помеѓу помладите пионери на ФК „Брегалница“ и ФК „Шкупи“, од страна на гледач-родител и учесник физички се нападнати и повредени две деца-играчи, а во село Лозово, 45 годишно лице, гледач влегол на теренот и повлекол дете играч за рака. Исто така, на подрачје на Тетово регистриран е настан случен во текот на март, каде од страна на припадници и симпатизери на навивачка група за време на фудбалски натпревар не биле почитувани деновите на жалост и биле пеани песни, со што била предизвикано раздор и нетрпеливост.

По преземени мерки, регистрирани се **осум кривични дела** (четири кривични дела „насилство“, две дела „спречување службено лице во вршење службени дејствија“ и по едно „напад врз овластено службено лице при вршење работи на безбедноста“ и „предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“), а издадени се платни налози, барања за поведување на прекршочна постапка и изготвени записници **за сторени вкупно 129 прекршоци** од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, ЗППЈРМ и Законот за лична карта.

## 4.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Пријавените случаи на напади врз службени лица бележат намален тренд за 12,7% во однос на претходната година. Во 2025 година пријавени се вкупно 151 напади, при што најголем дел како и претходните години се извршени на подрачје на СВР Скопје-33, по што следуваат подрачјата на Секторите за внатрешни работи Битола-27 и Велес и Штип по 20 напади.

Нападите се извршени поединечно, најчесто во градска средина на отворен простор, со употреба на физичка сила. Извршени се и 18 групни напади во кои лицата делувале здружени во група од две до пет лица. Нападите најчесто се извршени при воспоставување на нарушен јавен ред и мир, при регулирање и контрола на патниот сообраќај и при лишување од слобода.

| ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ЗА НАПАДИ ВРЗ ОСЛ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| СВР СКОПЈЕ | 33 | 53 | -37,7 |
| СВР БИТОЛА | 27 | 35 | -22,9 |
| СВР ВЕЛЕС | 20 | 10 | 100 |
| СВР КУМАНОВО | 16 | 26 | -38,5 |
| СВР ОХРИД | 13 | 14 | -7,1 |
| СВР СТРУМИЦА | 8 | 10 | -20 |
| СВР ТЕТОВО | 14 | 12 | 16,7 |
| СВР ШТИП | 20 | 13 | 53,8 |
| ВКУПНО | **151** | **173** | -12,7 |

**Табеларен приказ бр.29– Примени пријави за извршени напади врз ОСЛ**

Оваа година не се регистрирани **настани во кои употребено е огнено оружје**. Од нападите, повредени се 162 овластени службени лица, од кои 158 се со телесни повреди, а четири со тешки телесни повреди. Мерки на кривичен прогон се преземени против 188 лица, за сторени 159 кривични дела **„напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“.**

## 4.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА ДЕЦА ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Во 2025 година спроведени се 545 акциски контроли во угостителски објекти, при што затекнати се 288 деца, а во рамки на редовното работење, спроведени се 3.694 контроли, во кои затекнати се 59 деца, притоа регистрирани се 50 кривични дела „точење алкохол на деца“ извршени од 78 лица, од кои 44 физички и 34 правни лица.

Најголем дел од кривичните дела се регистрирани на подрачјето на СВР Охрид-18, СВР Струмица-10 и СВР Штип-шест итн.

Регистрирани се и 79 прекршоци „овозможување присуство на деца во објекти за забава“ од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка против 88 прекршители.



## 4.13 БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

### 4.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ



На патиштата низ државата, случени се вкупно 8.183 (8.457) сообраќајни незгоди, при што 53,4% од незгодите се со потешки последици, додека останатите се незгоди со материјална штета. Сообраќајните незгоди со потешки последици бележат намален тренд за 3,3%. Од нив, 114 се незгоди со смртни последици кои се намалени за 8%, потоа 869 се незгоди со тешки и 3.390 незгоди со телесни повреди. Незгодите бележат сезонски тренд, при што најголема фреквенција е забележана во летниот период (од јуни до август) кога во просек се случени по околу 500 незгоди на месечно ниво, од кои 36 незгоди се со смртни последици кои споредено со 2024 година бележат пораст за 28,6%.

Најбројни се незгодите со потешки последици кои се случени во четврток и петок, во просек по 667 незгоди, при што во петок е забележан и најголем број на загинати лица-30. Критичен период е времето од 12,00 до 18,00 часот кога во просек се случиле по 313 незгоди, додека во раните утрински часови во времето од 04,00 до 06,00 часот случени се најмал број на незгоди- 59.

| | СН СО ПОТЕШКИ ПОСЛЕДИЦИ | | СН СО СМРТНИ ПОСЛЕДИЦИ | | СН СО ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | | СН СО ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
| СВР СКОПЈЕ | 1.661 | 1.756 | 28 | 26 | 275 | 270 | 1.358 | 1.460 |
| СВР БИТОЛА | 390 | 374 | 13 | 23 | 104 | 94 | 273 | 257 |
| СВР ВЕЛЕС | 264 | 256 | 10 | 10 | 70 | 68 | 184 | 178 |
| СВР КУМАНОВО | 331 | 355 | 10 | 9 | 64 | 72 | 256 | 274 |
| СВР ОХРИД | 404 | 427 | 15 | 13 | 99 | 112 | 290 | 302 |
| СВР СТРУМИЦА | 293 | 297 | 13 | 15 | 67 | 101 | 213 | 181 |
| СВР ТЕТОВО | 708 | 707 | 12 | 15 | 102 | 121 | 594 | 571 |
| СВР ШТИП | 323 | 354 | 13 | 13 | 88 | 118 | 222 | 223 |
| ВКУПНО | 4.374 | 4.526 | 114 | 124 | 869 | 956 | 3.390 | 3.446 |

**Табеларен приказ бр.30- Сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР**

Подрачјето на СВР Скопје брои најмногу сообраќајни незгоди со потешки последици-1.661, по што следува СВР Тетово со 708 незгоди, додека на останатите подрачја бројот на незгоди со потешки последици се движи од 264 до 404 незгоди.

Над 62% од незгодите се случуваат во градските средини, од нив најголем дел се со телесни повреди-2.206 незгоди, а 36 незгоди се со смртни последици. Останатите незгоди се случени надвор од населени места, при што најзастапени се на регионалните патишта каде 29 се незгоди со смртни последици, по што следуваат магистралните и локалните патишта, а мал дел се случени на експресните патишта.

**Приоритетен фактор кој влијае за случување на сообраќајните незгоди е човечкиот фактор** заради кој се случиле над 95% од незгодите, во најголем дел поради:

- Управување со брзина поголема од дозволената;
- Преземање дејствие со возилото (движење, свртување)
- Првенство на минување.



## 4.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА

Во незгодите настрадале вкупно 6.847 лица или 451 лице помалку во однос на претходната година. Од нив 132 лица загинале, 1.010 лица тешко се повредени, а останатите се со лесни повреди.

Најмногу настрадани лица има во текот на летните месеци август-804, јули-779 и јуни-752, кога има и голема фреквенција на патници и туристи во државата, а најмал број е регистриран во февруари, кога регистрирани се 366 настрадани лица.

Подрачјата на СВР Скопје и СВР Тетово евидентираат најголем број на настрадани лица, по што следуваат подрачјата на Секторите за внатрешни работи Охрид, Битола и Куманово.

Најголем број од настраданите лица се возачи на моторни и не моторни возила-3.672, потоа сопатници-2.067, пешаците-812 и патници-258. Во однос на возилата доминираат патничките возила, возачите на мопед, мотоцикли над 125 и велосипедите.

| | ВКУПЕН БРОЈ НА НАСТРАДАНИ УЧЕСНИЦИ | | ЛИЦА СО ПОСЛЕДИЦА СМРТ | | ЛИЦА СО ТЕШКИ ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | | ЛИЦА СО ТЕЛЕСНИ ПОВРЕДИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
| СВР СКОПЈЕ | 2.684 | 2.805 | 32 | 30 | 300 | 288 | 2.352 | 2.487 |
| СВР БИТОЛА | 584 | 552 | 18 | 25 | 118 | 111 | 448 | 416 |
| СВР ВЕЛЕС | 365 | 380 | 11 | 10 | 81 | 78 | 273 | 292 |
| СВР КУМАНОВО | 550 | 599 | 10 | 10 | 77 | 81 | 463 | 508 |
| СВР ОХРИД | 649 | 703 | 18 | 17 | 125 | 132 | 506 | 554 |
| СВР СТРУМИЦА | 430 | 440 | 13 | 17 | 82 | 114 | 335 | 309 |
| СВР ТЕТОВО | 1.096 | 1.267 | 14 | 18 | 120 | 142 | 962 | 1.107 |
| СВР ШТИП | 489 | 552 | 16 | 15 | 107 | 139 | 366 | 398 |
| ВКУПНО | 6.847 | 7.298 | 132 | 142 | 1.010 | 1.085 | 5.705 | 6.071 |

**Табеларен приказ бр.31- Настрадани лица по СВР**

### Лица со последица смрт

**Во незгодите животот го загубиле 132 лица** или 10 лица помалку во однос на претходната година кога загинале 142 лица, а според категоријата на учесници, најголем број се возачи на патнички моторни возила-39, сопатници-31 и пешаци-22.

Најмногу загинати лица **се на подрачје на СВР Скопје-32 каде бележиме зголемување на жртвите за 6,6%.** Потоа следуваат подрачјата на СВР Битола и СВР Охрид со по 18 загинати лица, СВР Штип-16, а најмал број бележи подрачјето на СВР Куманово со 10 загинати лица.

## Локации каде загинале најголем број лица во сообраќајните незгоди

| Делници | | | | | Последици кај учесници во СН | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Катег. пат** | **Назив пат** | **Делница 1** | **Делница 2** | **Општина** | **Лица со последица смрт** | **Лица со тешки телесни повреди** | **Лица со телесни повреди** |
| **АВТОПАТ** | А2 СКОПЈЕ-ТЕТОВО-ГОСТИВАР | Н.С.ТЕТОВО | КЛУЧКА СЕВЕР | ТЕТОВО | 3 | 0 | 3 |
| **ЕКСПРЕСЕН ПАТ** | А1 ГРАДСКО - ПРИЛЕП | КЛУЧКА РОСОМАН | КЛУЧКА ГРАДСКО | ГРАДСКО | 2 | 0 | 3 |
| **ЕКСПРЕСЕН ПАТ** | А3 КЛУЧКА ТРИ ЧЕШМИ - КЛУЧКА КОЧАНИ | КЛУЧКА КРУПИШТЕ | КЛУЧКА КОЧАНИ | КОЧАНИ | 2 | 0 | 1 |
| **ЕКСПРЕСЕН ПАТ** | А4 КЛУЧКА ТРИ ЧЕШМИ - КЛУЧКА РАДОВИШ | КЛУЧКА БУЧИМ | КЛУЧКА СОФИЛАРИ | ШТИП | 3 | 3 | 0 |
| **ЛОКАЛЕН ПАТ** | | | | КИЧЕВО | 2 | 0 | 0 |
| **ЛОКАЛЕН ПАТ** | | | | СКОПЈЕ-САРАЈ | 4 | 0 | 4 |
| **МАГИСТРАЛЕН ПАТ** | А1 ГРАДСКО - ПРИЛЕП | ФАРИШ | ПЛЕТВАР | ПРИЛЕП | 3 | 4 | 2 |
| **МАГИСТРАЛЕН ПАТ** | А2 ГОСТИВАР - КИЧЕВО-ТРЕБЕНИШТЕ-СТРУГА-ГП ЌАФАСАН | КЛУЧКА ОСЛОМЕЈ | ЗАЈАС | КИЧЕВО | 3 | 5 | 5 |
| **МАГИСТРАЛЕН ПАТ** | А3 ПОДМОЉЕ - ОХРИД - РЕСЕН - БИТОЛА - ПРИЛЕП | КЛУЧКА КРКЛИНО | КЛУЧКА ТОПОЛЧАНИ | БИТОЛА | 3 | 3 | 7 |
| **МАГИСТРАЛЕН ПАТ** | А3 ПОДМОЉЕ - ОХРИД - РЕСЕН - БИТОЛА - ПРИЛЕП | МАКАЗИ | ПЛАНИНСКИ ПРЕВОЈ ЃАВАТО | РЕСЕН | 3 | 1 | 3 |
| **РЕГИОНАЛЕН ПАТ** | Р1301 ОХРИД - ГП СВЕТИ НАУМ | ХОТЕЛ МВР | ЛАГАДИН | ОХРИД | 2 | 1 | 3 |
| **УЛИЦА** | БУЛ. НИКОЛА КАРЕВ | | | СКОПЈЕ-КАРПОШ | 3 | 1 | 4 |
| **УЛИЦА** | ИЛИНДЕНСКА | | | ГОСТИВАР | 2 | 1 | 21 |

**Табеларен приказ бр.32- Локации со најголем број загинати лица во сообраќајни незгоди**

## 4.13.3 ПРЕВЕНТИВНО РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ

На планот на сообраќајната превенција континуирано беа преземени активности при спроведување на сообраќајните поуки со учесниците во сообраќајот, спроведување на кампањи и проекти кои се реализираа во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и тоа:

- Кампања под мотото „СТАВИ ПОЈАС“
- Кампања по повод „Европска недела на мобилност 2025“.
- Кампања „Безбедно возење со трактор“.
- Кампања за безбедно учество во сообраќај со електричен тротинет.
- Кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот.
- Сообраќајно едукативна и превентивна акција насловена како “Летна Кампања -2025“ под мотото „Вози одморен“.
- „И јас и ти – сите сме пешаци! Безбедноста на прво место“.

- Одбележување на Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди.
- Кампања за поголема безбедност на децата во сообраќајот.
- Кампања за подигање на свеста за употреба на зимска опрема во возилата и одговорно учество во сообраќајот во зимскиот период.




Согласно годишниот План-распоред, беа спроведени 56 Републички селективни акциски контроли во патниот сообраќај, кои имаа за цел утврдување и елиминирање на одредени негативни појави предизвикани од страна на униформираните полициски службеници, пред се во поглед на стручниот и професионален однос, личниот изглед, опременоста, како и рационално користење на работното време и материјално-техничките средства за работа.

Регистрираните прекршоци бележат зголемување за 20,7% во однос на претходната година. Во текот на 2025 година, регистрирани се **199.828 прекршоци,** најмногу на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-38.366, СВР Битола-28.863 и СВР Куманово-23.358 прекршоци.

| РЕГИСТРИРАНИ ПРЕКРШОЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА | ПРОМЕНА % |
| **СВР СКОПЈЕ** | 38.366 | 22.668 | 69,3% |
| **СВР БИТОЛА** | 28.863 | 24.288 | 18,8% |
| **СВР ВЕЛЕС** | 13.755 | 17.489 | -21,4% |
| **СВР КУМАНОВО** | 23.358 | 14.298 | 63,4% |
| **СВР ОХРИД** | 11.456 | 19.624 | -41,6% |
| **СВР СТРУМИЦА** | 21.980 | 11.257 | 95,3% |
| **СВР ТЕТОВО** | 19.343 | 19.043 | 1,6% |
| **СВР ШТИП** | 22.117 | 17.262 | 28,1% |
| **РЦ ЗА ГР** | 2.579 | 1.126 | 129% |
| **МЕБПС** | 18.011 | 18.496 | -2,6% |
| **ВКУПНО** | **199.828** | **165.551** | 20,7% |

**Табеларен приказ бр.33-Регистрирани прекршоци од областа на сообраќајот по СВР**

Против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, поднесени се **106.364 барања за поведување прекршочна постапка, предупредени се 12.626 учесници, исклучени од сообраќај се 45.413 возачи и 11.226 возила, времено се одземени 7.671 возачки дозволи, а 3.722 лица се повикани на сообраќајна поука**. Најчести прекршоци за кои се поднесени барања се управување на возило без возачка дозвола-26.739, брзо возење-17.300, потоа непрописно запирање и паркирање-10.070, управување под дејство на алкохол-7.652, употреба на нерегистрирани возила-4.389, непочитување сообраќајни знаци-3.049, некористење сигурносен појас-2.569 прекршоци, техничка неисправност на возилата-1.988 прекршоци итн.




АКТИВНОСТИ НА
ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ
ВО
БИРО ЗА
ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 5.1. ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Приоритет во работењето на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет, е спроведувањето на стручен надзор и контрола во организациските единици на полицијата, во насока на обезбедување професионализам на службите при извршување на работните задачи, соодветен обем на изготвен материјал, негов квалитет, почитување на временските рокови за извршување на задачите, доследно почитување и спроведување на законите од областа на внатрешните работи и полицијата, координираност во реализација на оперативните цели и задачи, ефикасност во работата на организациските единици како и обезбедување успех и ефикасност во индивидуалните области во работењето на полициските службеници.

Во делот на стратешкото планирање, до сите организациски единици во Бирото за јавна безбедност кои учествуваат во изготвување на Стратешкиот план на Министерството за 2024-2026 година и Нацрт стратешкиот план на МВР 2025-2027 година, на квартално ниво беа доставувани телеграми во функција на изработка на Годишниот план на Министерството за внатрешни работи за 2025 година, за што изработени се четири квартални извештаи за степенот на реализација на мерките предвидени во годишниот план за работа на министерството. Изработена е информација за проектите/активностите кои се планирани за 2025 година во потпрограмите од програмата „Развој на полицијата“, а извршено е и ажурирање на планираните активности во стратешките програми во нацрт Стратешкиот план на министерството и изработени се табели со ризици за секоја од потпрограмите.

Во рамки на Потпрограмата „Вклучување и комуникација со заедницата” согласно Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026 година, месечно до Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања се доставуваше информација за реализирани активности од Проекти/Стратегија предвидени од страна на организациските единици во состав на БЈБ од Програмата за работа на Владата на 2024-2026 година а во врска со Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2024-2026, Проект Бизнис без корупција и Проект Дигитализација на гранични премини.

Спроведен е стручен надзор во организациските единици во состав на Бирото за јавна безбедност, за што изготвен е службен материјал за реализираните активности од спроведени генерални, стручни надзори и контроли во организациските единици во Секторите за внатрешни работи и РЦ за ГР во Бирото за јавна безбедност со насоки и препораки за понатамошно постапување и истите се доставени до Министерот за внатрешни работи и Директорот на Бирото за јавна безбедност.

Континуирано се продолжи со праксата за давање на насоки и инструкции, а следејќи го трендот на реформи во работните процеси, изготвување на нови процедури кои ќе го поедностават секојдневното полициско работење, земено е учество во проектни активности во рамките на Проект„Подобрување на националните пракси за управување со мало и лесно оружје“ и Проектни активности од доменот на користење на нуклеарната енергија и технологија -МААЕ.

## 5.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ

2025 година претставува најуспешна година во досегашното работење на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал и истиот поставува цврста основа за понатамошен развој и зајакнување на капацитетите во борбата на организираниот и сериозен криминал.

Зголемена е размената на податоци и информации преку Центарот, при што евидентни се конкретните резултати од неговото работење. Центарот постапи по вкупно 1.258 примени и испратени барања, од кои 1.255 барања се доставени од институциите вклучени во Центарот и од организациските единици во рамки на Министерството за внатрешни работи за проверки во достапните бази на податоци, а три барања од страна на Центарот се испратени до институциите за дополнителни проверки и постапување. За потребите на различните институции извршени се проверки за вкупно 3.508 физички лица, 1.667 правни лица како и за 6.027 моторни возила за утврдување на сопственост или влез/излез на граничните премини во државата. Исто така, помеѓу институциите разменети се и седум информации по принципот „потребно е да знае" кои се доставени заради информирање, за вршење на дополнителни проверки или за понатамошно постапување до надлежни организациони единици од делокругот на нивните надлежности.

Од страна на Центарот преземени се мерки и активности и за седум физички лица за кои постојат основи на сомнение за стекната несразмерна имотна корист.







**Графички приказ бр.37- Активноста на НКЦСОСК и примени барања од институциите 2025/2024 година**

## 5.3. ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА




Во 2025 година, следејќи ги меѓународните стандарди Одделот за форензички испитувања реализираше работи и работни задачи од делокругот на својата надлежност. Од страна на Институт за акредитација на Република Северна Македонија по спроведено надзорно оценување беше потврден сертификат за акредитација на Одделот, согласно барањата на меѓународниот стандард ISO. За одбележување се активностите со кои ставен е во функција CODIS софтверот и од 2026 година се планира негово активно користење и отпочнување со внес на ДНК профили од лица и траги.

Значајно постигнување на Одделот е и успешното поврзување на Мултибиометрискиот систем за автоматска идентификација (MBIS) со ИНТЕРПОЛ BIOHUB, со кое се овозможува проверка на регистрираните лица директно во базата на INTERPOL. Нашата држава е единствена од групата на КПС ЈИЕ кои имаат AFIS систем директно поврзан со ИНТЕРПОЛ BIOHUB-от, со кое се докажува дека нашиот систем е софтверски подготвен за започнување со размена на биометриски податоци со други системи/држави.

Во рамки на проектни активности кој се имплементираат од страна на Програмата за развој на Обединетите нации - UNDP во соработка со Министерството за внатрешни работи, за одбележување се активностите „Интервенции и надградби во затвореното стрелиште“, во кои по вклучувањето на меѓународниот балистички консултант резултираа со етаблирање на едно од најмодерните форензички стрелиште од затворен тип во регионот и пошироко. Во декември 2025 година затвореното стрелиште официјално беше пуштено во употреба. Во рамки на проектот во тек се активности за изградба на симулациски простории за обука за истрага на место на настан, преку кои ќе се олесни спроведувањето обуки за истрага на место на настан.

Со цел изготвување на континуиран професионален развој и едукација на криминалистичко-техничките работници и полициски службеници изготвени се предлог наставни планови за реализација на наставните програми за обезбедување и постапување со материјални траги од местото на настан.

Со поддршка на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), реализирана е работна посета на Унгарскиот институт за форензички науки со цел запознавање со процесите поврзани со меѓународна размена на форензички податоци во рамките на PCC Prum договорот, како и функционирање на AFIS (Automated Fingerprint Identification Systems) и CODIS (Combined DNA Index System). Покрај ова, од страна на Канцеларијата на OPDAT (Office of Overseas Prosecutorial Development, Assistance, and Training) беше организирана работилница за дигитални докази (ELECTRONIC EVIDENCE WORKSHOP), значајна за обезбедување и собирање на дигитални докази, анализа и екстракција на податоци и надминување на предизвиците со кои се соочуваат.

Во 2025 година се работеше на создавање соодветни предуслови за трансфер на организациски единици кои сеуште функционираат во стариот објект, при што е делумен трансфер на Одделение за токсикологија и дроги

Од страна на подрачните организациски единици за криминалистичка техника беа извршени 6.418 увиди и обезбедени 62.034 траги и предмети. Најголемиот број увиди се настани од областа на имотни деликти - 3.714 , потоа следат крвни деликти - 997, пожари - 944, сообраќајни незгоди -379 и 384 увиди во врска со организиран криминал, недозволена трговија и експлозии. Единиците учествувале и во 875 претреси, 194 акциски контроли, а документирани се вкупно 1.127 настани.

Во Одделот се доставени 11.295 барања или 9, 2 % повеќе од 2024 година, при што реализирани се:

| |
|---|
| 480 барања за детекција на биолошки траги; |
| 2.657 барања за ДНК вештачења; |
| 13.700 спроведени ДНК анализи; |
| 378 ДНК поврзувања со лица кои не се осомничени за конкретно кривично дело (ColdHit), |
| 179 -ДНК поврзување со лица осомничени за сторени кривично дело (Warm Hit), |
| 184 - ДНК поврзување со посочени лица за елиминација, |
| 41 - ДНК поврзување помеѓу траги од различни кривични дела (ForensicHit); |
| 864 - барања за предизвикување траги од папиларни линии; |
| 1.012 барања за вештачење траги од папиларни линии, |
| 36 барања за споредбени анализи на ТПЛ со отпечатоци од лица; |
| 121 Идентификувано лице врз основа на траги од папиларни линии, |
| 427 - утврден идентитет на лица со помош на идентитетна листа, |
| 301 – Анализи за утврдување идентитет на лица дактилоскопирани во странство |
| 7.956 - Спроведени анализи од областа на наркотични дроги |
| 2.037 - Лица за кои се спроведени токсиколошки анализи |
| 587 - барања за вештачење од областа на микротраги, |
| 650 - спроведени анализи од областа на микротраги, |
| 407 - Реализирани барања за вештачење од областа на огнено оружје и балистика, |
| 70 - Реализирани барања за вештачење на пожари, експлозии и експлозивни направи |
| 70 - барања за вештачење на пожари, експлозии и експлозивни направи, |
| 433 - барања за вештачење на механички траги и моторни возила, |
| 131 - Вештачење на документи (патни исправи, лични карти, сообраќајни дозволи и сл.) |
| 76 - Вештачење на ракопис и потпис, 10- Вештачење на отпечатоци од печат и штембил<br>1600 - Изработени фотографии , 267 изготвени фотодокументации на ЦД, 321- фотографирање по различни основи, 280–Снимање на ЦД, две реализирани барања за одредување димензии на предмети и лица од доставени видео материјали, |
| 16 барања за препознавање лик и целосно се завршени 780 уреди. |

**Табеларен приказ бр.34-Активности на Одделот за форензички испитувања**

## 5.4. ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа како централна организациска единица надлежна за криминалистичко разузнавање и анализа на стратешко ниво, во 2025 година континуирано и систематски ја поддржуваше работата на стратешкиот менаџмент преку изготвување на низа стратешки, оперативно разузнавачки и статистички документи за проценка на заканите, ризиците и безбедносните предизвици кои даваат слика и увид во состојбите со криминалот и криминалните трендови и овозможија одлуките на стратешко ниво да влијаат на клучните закани и ризици, преку насочено и координирано раководење и управување со расположливите полициски ресурси.

Од особено значење во овој период беа активностите кои ги координираше Одделот за изготвување на новата **Проценка на закани од организиран и сериозен криминал SOCTA 2025** - документ кој е методолошки развиен и усогласен со политиките и стандардите на ЕВРОПОЛ и претставува продолжение на разузнавачкиот циклус кој за првпат беше воспоставен во 2016 година. **SOCTA** 2025 во целост ја презентира разузнавачката слика за организираниот и сериозниот криминал и долгорочно систематски ги профилира високо ризичните криминални мрежи и закани кои се присутни или се очекува да се појават во овој домен. Документот е основа и прв чекор во спроведувањето на следниот циклус на политики на нашата држава 2026-2029 година.




Во оваа насока беа изработени и други стратешки документи за идентификување и управување со криминалните закани и ризици. Од особено значење е и изготвувањето на Анализа на ризик за гранично работење 2025 во кој е прикажана детална анализа на ризиците на граничните премини со кој се соочува Република Северна Македонија. Во рамки на стратешката дејност изготвени се три рани предупредувања-алерти за зголемен интензитет на вршење кривични дела.

Континуирано се обезбедувани податоци за постигнатиот напредок в.в. подготовка на придонесот кон Извештајот на Европската Комисија, обезбедување на статистички податоци во рамки на Поглавје 18, за Државниот завод за статистика, MARRI, Frontex, ЕВРОСТАТ и др.

Информативната дејност беше насочена кон континуирано следење на севкупните безбедносни настани и состојби, анализа и истражување на разни форми на криминалитет, како и прибирање статистички податоци. Во оваа насока во континуитет на дневно, месечно, неделно и периодично ниво изготви голем број аналитички и информативни документи.




Одделот учествуваше и во изготвување на Годишен извештај на Министерството за внатрешни работи и Годишен план за работа на Бирото за јавна безбедност.

Континуирано се генерираа статистички податоци и беа изготвени статистички извештаи и прегледи за следење на состојбите по области на криминал, сообраќај, јавен ред и мир, граница.

Во насока на обезбедување на транспарентност Одделот учествуваше во изготвување одговори на барања од останати организациски единици во Министерството и други институции и организации како и на корисници на податоци и информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Активностите на Одделот беа насочени и кон унапредување на работните процеси на евидентирање, обработка на податоци и изготвување на анализи и информации од криминалистички истражувања во Бирото за јавна безбедност, потоа унапредување на процесот на евидентирање на оперативните информации и извешти преку креирање на електронската апликација ЕПИРЦ, изготвување на мрежа на криминални групи, изготвување на аналитички и разузнавачки продукти на централно, регионално и локално ниво, како и унапредување на процесот на работа со информатори на регионално и локално ниво.

Оваа година акцент на работењето на Одделот беше **софтверска апликација „ЕПИРЦ“** која ќе го олесни и автоматизира делот од работењето на организациските единици за криминалистичко разузнавање и анализа, кој се однесува на собирање и обработка на криминалистичко разузнавачки информации, но истовремено ќе го подобри квалитетот на работењето на полицијата од повеќе аспекти и тоа:

- ✓ зголемување на проактивноста во полициското работење;
- ✓ унапредување на управувањето со информациите во рамките на полицијата;
- ✓ зголемена заштита на информациите и контролиран пристап до истите;
- ✓ како и заштеда на ресурси кои се одвојуваат за хартија, печатење и копирање;




Апликацијата ЕПИРЦ е ставена во функција на продукциска околина од 01.01.2026 година.

Во насока на унапредување на процесот на работа со прикриени човечки извори на информации реализирани се работни посети во рамки на СВР заради увид, анализа и согледување на состојбите.

## 5.5. ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Преку надлежноста на Секторот за правни работи и заштита на личните податоци по однос на проблематиката со нормативна дејност во овој Оддел изготвени се 2.448 правни мислења по барања од организациските единици во БЈБ и МВР, како и други државни институции, физички и правни лица. Исто така, изработени се 34 правни мислења по однос на предлог-закони, 77 предмети по заклучоци од Влада, 31 договор за дело, 55 предмети со меморандуми за соработка, 44 договори за донација, 27 предмети со изработка или ревидирање на одредбите од интерните СОП-ови за работа, 15 проблемски информации и 61 решение за формирање на работни групи, определување мерки и активности за обезбедување, како и заведување на оперативна акција и формирање на команден оперативен центар на оперативна акција, а во доменот за заштита на лични податоци дадени се одговори на вкупно 873 барања.

Преку надлежноста на Одделението за управување со човечки ресурси изготвени се 2.933 решенија за распоредување на работниците во БЈБ, 2.049 решенија за годишни одмори, 1.011 решенија за платено отсуство, 479 решенија по основ на солидарна помош, 1.302 решенија за јубилејна награда, 898 решенија за еднократен надомест за новороденче итн. Во 2025 година, спроведени се договори за вработување на 391 лице, изработени се 631 службена легитимација, 187 уверенија за бенефициран стаж и континуирано се преземени активностите за остварување на правата за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, како и други права од работен однос.

Одделението за обука и развој процесираше 387 интерни огласи за вкупно 633 работни места, при што истото ги координира и обуките во БЈБ и спроведува постапка за полагање на приправнички испит, врз основа на што се издаваат соодветни уверенија. Во 2025 година, преку ова одделение изготвени се 497 договори за вработување на полицајци приправници, 542 договори за основна обука за полицаец, 62 решенија за формирање на комисија за полагање на посебен испит, 45 решенија за назначување на ментори, 510 решенија за службени патувања, осум договори за упатување на работник на обука итн. Исто така, раскинати се 31 договор за основна обука, а по повик за интерес за работа изготвени се 23 договори за селективна постапка за прием во ЕБР и 25 договори за кандидати за работа во ЕИП.



## 5.6. ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Во рамките на надлежноста на овој Оддел се преземаат мерки и активности за обезбедување на највисоките државни претставници, странски делегации и манифестации, странските дипломатско-конзуларни претставништва и нивните резиденции, како и објекти од посебно значење и државен интерес. Во 2025 година преземени се 251 активност за превентивно обезбедување на странски делегации и манифестации, од кои три се со прв степен на безбедност, осум од втор степен, 13 од трет степен и 37 од четврт степен, 37 се транзит, а 153 се со активност за обезбедување на манифестации.

Во рамки на Одделението за превентивно обезбедување извршени се обиколки на трасите на движење за личностите под заштита, проверка и легитимирање на 3.050 лица кои извршуваа градежни работи, преземени се активности за превентивно оперативно набљудување на 30 протести и мирни собири, а во соработка со АНБ извршени се 9.649 проверки на лица кои по разни основи престојувале во објектите под заштита, а изготвени се 1.396 одговори на органите на државната управа кои се во врска со подобност на лица. Покрај мерките и активностите за лично, како и сообраќајно-ескортно обезбедување на највисоките државни претставници, Одделот преземаше мерки и активности за обезбедување и на други сегашни и поранешни функционери.

Во рамки на надлежноста за обезбедување на објекти, со физичко или мото патролно обезбедување се обезбедуваат 95 објекти од посебно значење и дипломатско-конзуларни претставништва и мисии, како и објектите на Владата, Собрание и Кабинет на Претседателот на Северна Македонија, 15 министерства и 18 резиденцијални објекти и објекти од државен интерес. Покрај ова, Одделот континуирано презема и активности за обезбедување на возовите кои сообраќаат на наша територијата, а како позначајна активност во годината се издвојува координираното учеството во активностите за обезбедување на Прославата на националниот празник Илинден 2025 година.

## 5.7. ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ

Одделот за специјални полициски операции, континуирано ја следеше состојбата од областа на јавниот ред и мир самостојно или во соработка со другите организациски единици, и преземаше превентивни и оперативно-тактички мерки и активности и акции за спречување на недозволената трговија со дрога и психотропни супстанци, оружје, илегални мигранти и др.

Во текот на годината, продолжи ангажманот на припадниците на Одделот за зајакнато надворешно физичко обезбедување на КПУ Идризово и КПУ Скопје, а согласно оперативниот план преземени се и активности за соработка и поддршка помеѓу МВР и Армијата на Северна Македонија по однос на кризната состојба која е прогласена во врска со состојбата во затворот КПУ Идризово. Одделот беше ангажиран и за вршење на асистенции по барање на судовите и КПУ, а особено за обезбедувањата при спровод до

судовите или до здравствени установи на осудени лица за настанот од „Диво населје“ во координација со други организациски единици во Министерството.

Голем број од активностите, Одделот ги реализира во соработка со хеликоптерската единица на Министерството, посебно преку ангажирањата на алпинистичкиот тим при разни активности за спасување на разни терени, обезбедувања на правци на движење на колони возила при посети на високи делегации, при изведување на разни вежбовни активности и презентации, во спречувањето и гаснењето на пожарите на територијата на целата држава, а постапуваше и по барања за асистенција при обезбедување на локалните избори, спортски натпревари, јавни протести и други настани и манифестации кои имаат висок ризик или се од државен, културен или верски карактер.





## 5.8. ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА

Единицата постапуваше по претходно доставени барања на организациските единици во рамки на Министерството во 572 случаи. Во 462 случаи, службените кучиња беа употребени за откривање на експлозиви и експлозивни направи, при што немаат детектирано постоење на експлозиви и експлозивни направи. Исто така, во 54 случаи беа употребени за откривање на опојни droги, оружје, муниција и книжни банкноти, при што во шест случаи се детектирани бараните работи, во два случаи се употребени за трагање по исчезнато лице.

Согласно проектот „Помагање на националните власти на Република Северна Македонија во намалувањето на ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје“, изработен е Мастер план за функционирање и одржување на К9 единиците во Министерството.

Единицата активно учествуваше на терен за спроведување на „Локални избори 2025“, потоа земено е учество во вежба „Итни ситуации на Меѓународен Аеродром Скопје“, учествувано е на меѓународен семинар кој се одржа во Тулуз-Франција, а реализирани се три Регионални обуки согласно проектот „Поддршка на националните власти во Северна Македонија во намалување ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје“.

## 5.9. СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ

Секторот за известување и координација на состојби ги реализираа однапред утврдените активности, задачи, ресурси и одговорности согласно тековните приоритети, најавените настани и потребата од координација со другите организациски единици, за што преку централизиран прием регистрирани се околу 38.000 известувања за настани, прекршоци и кривични дела, како и 8.155 телеграми. Во доменот на информирањето на дневна основа изготвени се 365 билтени со 6.034 настани, за што преземени се и мерки за следење, известување и координација на сите организациските единици во Министерството.

Секторот остварува комуникација и координација и со други институции, за што во 2025 година испратени се 2.900 телеграми до Министерството за надворешни работи и 700 известувања до АМСМ, а примени и проследени барања се и 162 барања од ЦУК.

Преку националниот број за борба против корупција „199" примени се девет пријави од граѓани, преку линијата „080000201" примени се пет пријави за пријавување лихварство, а преку апликацијата „Red button", односно „Црвено копче" електронски се примени 118 пријави.

Секторот за известување и координација на состојби постапува и во сложени безбедносни состојби со учество и работа во оперативните акции. Истиот, континуирано врши дистрибуцијата и експедиција на службената пошта, за што има реализирано и 316 службени патувања.




Во однос на активностите за имплементација на проектот за надградба на системот „Безбеден Град", ЛПР камерите беа приклучени на главниот сервер во Министерството, при што во Град Скопје, беше извршена замена на камерите на 39 позиции, а истовремено беа пуштени во функција 34 нови локации со камери, беа ставени во функција 13 нови ЛПР позиции. во делот на системите за автоматска детекција на сообраќајни прекршоци, во функција беа пуштени 21 нова позиција за мерење на брзина и три нови позиции за детекција на поминување на црвено светло. Во Куманово и Тетово, инсталирани и пуштени се во функција работни единици, а во текот на јули и август извршена е обука на полициски службеници за работа со апликацијата за видео надзор и истраги-Снајпер. Во однос на територијално проширување на системот „Безбеден Град" по коридорите VIII и X, целосно се подготвени 21 позиции за мерење на брзина, од кои во оперативна функција ставени се четири позиции на Коридорот X и една позиција на Коридорот VIII.

Пристигнати се десет возила наменети за регистрирање на прекршоци за неправилно паркирање, како и четири комплети со по две беспилотни летала (дронови). Изработени се Процедура за доделување и одземање кориснички налог за системот „Безбеден Град", потоа, Процедура за начинот на работа на Системот за видео надзор и истраги, постапување, користење, управување и администрирање, а земено е учество и во изработка на Процедура за начинот на користење, управување и администрирање со посебен електронски систем Безбеден град.

## 5.10. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна полициска соработка согласно стандардите на Европската Унија успешно ја врши улогата на Единица за **меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот** во Северна Македонија и странските офицери за врска во Северна Македонија, распоредени или акредитирани за соработка со нашата држава. Секторот е и **Национална контакт точка** за соработка и со регионалната организација за борба против прекуграничен криминал СЕЛЕК, а врши спроведување и на потражните активности.

Во рамки на меѓународната полициска соработка, во 2025 година отворени се 2.139 предмети, а за одбележување се активностите со кои е започната е модернизација на ИТ системите во СМПС и целосна модернизација на дежурната служба во СМПС.

Интензивните активности кои се преземаа со сите држави членки на ИНТЕРПОЛ, резултираа со **зголемување на оперативната соработка и пораст на размената на информации за 40%**, во споредба со минатата година, при што беа разменети 271.603 (193.287) пораки.

Министерството за внатрешни работи беше домаќина на првата регионална работилница за државите од Европа, за пилот проектот на ИНТЕРПОЛ за Сребрена потерница.

На граничните премини е интегриран сервисот преку кои автоматски се вршат проверки во меѓународните бази на податоци за лица, документи и возила, а интеграцијата на сервисот FIND во националниот систем за потраги на МВР, е во финална фаза.

Во 2025 успешно е завршена експанзијата на глобалниот комуникациски систем I-24/7 кон ОФИ, каде во рамки на воспоставувањето на новиот ABIS, е извршено поврзување на овој систем со Biometric Hub на ИНТЕРПОЛ со цел проверка на дактилоскопски материјали, ДНК и фотографии. Значајно е да се напомене дека Република Северна Македонија е **втора држава членка на ИНТЕРПОЛ**, од вкупно 196 членки, која ја имаа реализирано оваа експанзија и која **е целосно оперативна и функционална**.

На Генералното Собрание на ИНТЕРПОЛ одржано во Мароко, донесена е резолуција со која се продолжуваат активностите насочени кон зајакнување на заедничкиот пристап за сузбивање на финансискиот криминал и корупцијата, преку употреба на сребрена потерница како нова алатка на ИНТЕРПОЛ, чија цел е лоцирање и конфискација на криминално стекнат имот. Нашата држава е дел од работната група за сребрена потерница и распиша четири сребрени потерници. Покрај ова, на Генералното Собрание потпишано е писмо за прием на Полициската Академија на МВР во Глобалната Мрежа на академии на ИНТЕРПОЛ, со што **нашата држава стана 25-тата држава членка која се приклучи кон мрежата.**

Меѓународната соработка и учеството на нашата држава во оперативните активности координирани од страна на ИНТЕРПОЛ говори за нашата целосна посветеност за соработка, спроведување меѓународни истраги, како и развивање на механизми за брза размена на информации, која **резултираше со учество во четири оперативни акции** и тоа: GLOBAL GATEWAY, SYNERGIA III, LIBERTERRA III и TENDER.



Продолжи **континуираната соработката со ЕВРОПОЛ**, која резултираше со континуиран пораст на разменети информации по криминални области и информации поврзани со Проектите за оперативна анализа на ЕВРОПОЛ во кои учествува нашата држава.

**Зголемен е бројот на иницирани нови случаи за 17,6%**-регистрирани се 326 случаи, разменети се 4.683 пораки, најголем дел од областа на недозволена трговија со дрога и оружје, измами, перење на пари и кражби.

Во рамки на оперативната соработка реализирани се значајни активности, со кои остварена е континуирана и интензивна размена на информации, особено во делот на недозволена трговија со дрога.

Во 2025 година во седиштето на Европол во Хаг, земено е учество во реализирани акциски денови во рамки на оперативна акција за заплена на криминално стекнат имот, а делегација предводена од Директорот на БЈБ учествуваше на Европската конвенција на шефови на полиции (EPCC), во чии рамки беа реализирани голем број билатерални средби, врз основа на кои беа покренати иницијативи.

Оваа година, нашата држава активно учествуваше во **осум оперативни акции во рамки на EMPACT** и тоа: EU Roadpol Truck & Bus, JAD Global Chain, JAD Danube, JAD Armstrong, JAD Labour Exploitation, JAD Conversus, EMPACT Pandora X Cyber Patrol Action и JAD Mobile 10, во кои се постигнати забележителни резултати. Со цел зголемување на свесноста за EMPACT, реализирана е работилница на која учествуваа претставници од сите институции надлежни за спроведување на законот.

И во рамки на остварената соработка со СЕЛЕК забележани се значајни резултати во чии рамки разменети се информации и вршени се голем број на проверки. Преку СЕЛЕК во декември разменети се информации за заплена на оружје во товарно возило со македонски регистерски ознаки.